При трансформација на индустријата, може да се примени и внесување нови намени на локалитет со индустриски објекти, со предвидување нови урбани содржини и нови просторни структури на локација на некогашни индустриски објекти и комплекси. Таков е примерот на локалитетот „Експо 98“ во Лисабон, сместен во крајбрежниот појас на реката Тагус, во должина од пет километри, со површина од 50 хектари. На тоа место претходно се наоѓала запуштена индустриска зона.

Идејата на градските власти не била само да се промовира лисабонската и португалската култура, како и развојот на науката и техниката, туку да се формира еден сосема нов кварт од градот, кој ќе продолжи да егзистира и после „Експо 98“. Тоа е пример како една неатрактивна индустриска зона може да заживее и да функционира како витален градски простор, со пренамена од индустриски во атрактивен станбен, деловен и забавен кварт.



*Сл 4. Фотографија од Експо 98, Лисабон*

**Г/ Биотоп, Амстердам**



*Сл. 5-Слика од Биотоп, Амстердам*

Принципот ново наместо старо е применет во повеќенаменската нова населба Биотоп, на место на некогашна индустриска зона во Амстердам, со вградување на ефикасни еколошки принципи.

Биотопот ги трансформира остатоците од стара фабрика за прочистување на водата во развој на еколошка мешана употреба. Замислен како центар за еколошко образование, Биотопот ќе биде дом за еко-поврзани институти како IUCN (Меѓународна унија за зачувување на природата), за неколку училишта во Амстердам, за станбени простории и за спортски објекти. Биотопот е центар отворен за целата јавност. Постепените покриви имаат отворено рутирање за пешаците, така што тие можат да шетаат и да го следат растот на вегетацијата за време на промената на годишните времиња. Кај жителите на биотопот, студенти и професионалци се вклучени во колективното „производство“ на градините. Овие производни градини се отворени и

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

до соседните куќи за нејзино колективно користење на луѓето што живеат во истата област. Под скалите покриви се наоѓаат училиштата и пристапот до спортската сала. Зад целиот комплекс се наоѓаат 75 самостојни приватни резиденции.

Целиот проект ќе биде одговор на неодамнешните еколошки прашања, истовремено обезбедувајќи многу потребни образовни и станбени простории за Амстердам.

**Д/ Фабрика 798, Пекинг**



*Сл 6-Приказ на фабрика 798, Пекинг*

При трансформација на просторите на индустрија, може да се примени и внесување нови намени над постојните индустриски објекти, со принцип ново над старо, како на примерот на проектот Фабрика 798 (2004) во Пекинг, Кина, проект на архитект Bernard Tschumi. Притоа се почитуваат постојните структури и се предвидуваат и нови структури над постојните, со систем на слоевито градење, со тоа што егзистира пренаменета индустрија во центар за култура и се додава нов дел за домување над постојните пренаменети објекти. Фабриката што била за производство на оружје за време на ладната војна, е лоцирана во североисточниот дел на Пекинг. На површина од еден милион метри квадратни се предвидува друга намена – домување. Архитектот го задржува постојното ткиво на старите објекти, со

ISSN: 1857-8128

модифицирана намена за простори за уметност, а новата мрежа на станбени згради се поставува 20 метри над постојната структура и создава еден вид нов хоризонтален град третиран во слоеви, со додавање нова структура над постојната.

### Ѓ/ Индустриски простор со можност за трансвормација

Се наоѓа на влезот на општина Ѓорче Петров во населбата Хром, од едната страна граничи со реката Вардар, а од другата страна со улицата „Васил Чакаларов“, со што одлично е поврзана со центарот на градот. Се наоѓа на 1 километар од студентскиот дом „Гоце Делчев“што дополнително ја оправдува идејата за младински креативен центар.

Огромниот објект со децении е напуштен, оставен времето да го уништува цигла, по цигла. Она што не успеава природата да уништи, уништуваат луѓето, намерно или ненамерно. Добрата архитектура на објектите и нивниот распоред сведочи дека во минатото оваа фабрика била економски двигател. „Купрум“ е само еден од десетиците напуштени објекти во земјава. Се простира на 22.000 квадратни метри од кои изградените објекти зафаќаат само 20 %. Тоа дава можност останатиот дел да се искористи за зазеленување, особено што во овој дел од градот зелени површини речиси и да нема.



*Сл 7. Фабрика Купрум, Хром*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 3. Заклучок

Индустријата е еден од најважните фактори на раст на секоја земја што се стреми кон економски развој и напредок. Со текот на годините се прават многу нови фабрики, додека старите пропаѓаат. Наместо старите фабрики да се уништуваат, да го загадуваат општеството може да се трансформираат на пр. во станбена зграда, студентски домови.

Иако во Македонија не е пракса, во другите држави не е невообичаено да се трансформира еден индустриски простор во некој студентски дом или зграда за домување. Поранешната фабрика Купрум која се наоѓа во Хром би можела да се трансформира во некој младински центар. Бидејќи парцелата е голема а објектот зафаќа само 20% од парцелата може останатите 80% да е зеленило. Во време кога се бориме за чист воздух зеленилото е многу важно.

## Библиографија

[1] https://www.archdaily.com/585224/sunray-dp-architects

[2] https://www.porta3.mk/ooieoeiiaeia-odainoidiaoe%c2%bca-ia - caioooaieoa- oaade%c3%b7ee-eiiieaene/

[3] Damjanovic, Vojislav: *Industrijske komplekse i zgrade,* Beograd, 1980

[4] https://repozitorij.pmf.unizg.hr/islandora/object/pmf:6081/datastream/PDF

[5] https://inhabitat.com/gigantic-coal-gasometers-transformed-into-thriving-communities/

[6] Ернест, Нојферт: *Нојферт архитектура*, Скопје, 2010

[7] https://www.archdaily.com/22150/silo-competition-proposal-allard-architecture

[8] http://tschumi.com/projects/20/

[9] Службен весник, Правилник за урбанистичко проектирање

[10] Кокалевски, Мирче*: Индустриски објекти*, ЕУРМ, Скопје, 2010

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# INTEGRATION OF BIOPHILIC PRINCIPLES IN THE DESIGN PROCESS OF A MIXED-USE BUILDING – A BIOPHILIC TOWER IN SKOPJE

**Marija Ilievska, B.Arch.[1], Damjan Balkoski Dr.sc.[2]**

[1]*master student, MIT University Skopje, Faculty of Architecture, ilievska03@gmail.com*

[2]*Assistant professor Dr.Sc. MIT University Skopje, Faculty of Architecture, damjanbalko@gmail.com*

## Abstract

Biophilic architecture represents a contemporary, interdisciplinary approach to design based on the integration of natural elements, processes, and systems into the built environment, with the aim of enhancing quality of life and users' psychophysical well-being. This paper investigates the impact and potential for systematic application of biophilic principles in the design of high-rise mixed-use buildings, with particular emphasis on their early integration within the conceptual design phase.

The research is grounded in a combined methodology that includes a review of relevant scientific literature, a comparative analysis of international reference projects, and a site-specific urban context assessment. Through this methodological framework, key biophilic strategies are identified, including visual and physical connections with nature, the use of natural light and ventilation, application of natural materials, integration of vegetation, and the formation of microclimatic systems within the building structure. These strategies are subsequently implemented in the development of a new architectural proposal.

The paper presents a conceptual architectural design for a biophilic mixed-use tower located in the municipality of Karpoš, Skopje. The project synthesizes the identified principles through vertical greenery, an atrium-based spatial solution, a green roof, sustainable energy systems, and integrated water management strategies. The results indicate that such an approach contributes to improved microclimatic performance, reduced energy consumption, and enhanced social interaction and user well-being.

In conclusion, biophilic architecture is affirmed as a relevant and applicable strategy for contemporary urban environments, particularly within the context of high-rise housing, where nature can be integrated as an active and functional component of the architectural concept.

**Keywords**: *Biophilic architecture, high-rise buildings, housing, microclimate, sustainability.*

# ИНТЕГРАЦИЈА НА БИОФИЛНИ ПРИНЦИПИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРОЕКТИРАЊЕ НА СТАНБЕНО-ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ - БИОФИЛНА КУЛА ВО СКОПЈЕ

**Марија Илиевска д.и.а.[1], д-р Дамјан Балкоски[2]**

[1]*магистрант, МИТ Универзитет Скопје, Факултет за архитектура, ilievska03@gmail.com*

[2]*Доцент, МИТ Универзитет Скопје, Факултет за архитектура, damjanbalko@gmail.com*

## Апстракт

Биофилната архитектура претставува современ, интердисциплинарен пристап во проектирањето кој се базира на интеграција на природните елементи, процеси и системи во изградената средина, со цел подобрување на квалитетот на живеење и психофизичката благосостојба на корисниците. Овој труд го истражува влијанието и можностите за системска примена на биофилните принципи во проектирањето на висококатни станбено-деловни објекти, со фокус на нивна рана интеграција во дизајнерскиот процес.

Истражувањето се базира на комбинирана методологија која опфаќа анализа на релевантна научна литература, преглед на референтни светски примери и теренско истражување со анализа на урбан контекст. Преку оваа методолошка рамка се идентификуваат клучните биофилни стратегии, како што се: визуелна и физичка поврзаност со природата, примена на природна светлина и вентилација, употреба на

природни материјали, интеграција на зеленило и формирање на микроклиматски системи во рамки на објектот, кои потоа се имплементираат во нов архитектонски проект.

Во трудот е разработен идеен архитектонски проект за биофилна станбено-деловна кула во општина Карпош, Скопје, кој ги синтетизира овие принципи преку вертикално зеленило, атриумско решение, зелен кров, одржливи енергетски системи и интегрирано управување со водни ресурси. Резултатите укажуваат дека ваквиот пристап придонесува за подобрување на микроклимата, намалување на енергетската потрошувачка и зголемување на социјалната интеракција и благосостојбата на корисниците.

Заклучно, биофиличната архитектура се потврдува како релевантна и применлива стратегија за современите урбани средини, особено во контекст на висококатното домување, каде што природата може да се интегрира како активен и функционален дел од архитектонскиот концепт.

**Клучни зборови**: *Биофилна архитектура, висококатници, домување, микроклима, одржливост.*

## 1. Вовед

Биофилијата претставува интердисциплинарен концепт кој ја објаснува вродената човечка потреба за поврзување со природата и живите системи. Терминот е теоретски разработен од Edward O. Wilson, кој ја дефинира биофилијата како биолошка и еволутивно условена тенденција на човекот да воспоставува афинитет кон природните форми и процеси (1). Според оваа теорија, човековиот мозок и сензорен систем се обликувани низ долготрајна еволутивна интеракција со природната средина, што создава длабока психофизиолошка поврзаност со природните пејзажи, ритми и екосистеми.

Современите истражувања во областа на екологијата, психологијата и невронауката потврдуваат дека изложеноста на природни елементи придонесува за намалување на стресот, подобрување на когнитивните способности и зголемување на општата благосостојба (2). Во услови на интензивна урбанизација, каде што значителен дел од популацијата живее во густо изградена и технолошки доминирана средина, отсуството на директен контакт со природата се поврзува со пораст на психолошки нарушувања, намалена продуктивност и опаѓање на квалитетот на животот.




Слика 1 – принципи на биофилен дизајн (авторска скица)

Во архитектурата, биофилијата се трансформира во биофиличен дизајн – научно заснован пристап кој ги интегрира природните елементи, материјали и процеси во просторното обликување на објектите. Според Kellert (2), биофилниот дизајн не подразбира декоративна употреба на зеленило, туку системска интеграција на природата како функционален, еколошки и психолошки активен елемент во архитектонскиот концепт. Во последните децении, биофилниот пристап добива особено значење во проектирањето на висококатни објекти, каде што традиционалниот урбан модел често резултира со просторна изолираност, ограничен пристап до природна светлина и недостиг на зелени површини. Висококатното домување претставува специфичен предизвик во однос на интеграцијата на природните системи, поради конструктивните, техничките и економските ограничувања. Сепак, современите примери на вертикално зеленило и интегрирани екосистеми во рамки на објектите покажуваат дека биофилните стратегии можат успешно да се адаптираат и во густо урбани контексти.

Во тој контекст, целта на овој труд е да го анализира влијанието и можностите за системска имплементација на биофилните принципи во процесот на проектирање на висококатен станбено-деловен објект, преку студија на случај во општина Карпош, Скопје. Истражувањето има за задача да покаже дека биофилијата претставува одржлива и научно аргументирана стратегија за подобрување на квалитетот на живеење во современите урбани средини.

ISSN: 1857-8128

## 2. Методологија на истражување

Истражувањето е поставено како квалитативна студија на случај, насочена кон анализа и примена на биофилни принципи во процесот на проектирање на висококатен станбено-деловен објект во урбан контекст. Методолошкиот пристап обединува теоретска анализа, компаративна студија на референтни примери и проектантска разработка.

1) <u>Теоретска анализа</u> - Истражувањето започнува со систематски преглед на научна и стручна литература од областа на биофилијата, одржливата архитектура и урбаната екологија. Теоретската рамка се темели на концептот на биофилија дефиниран од Edward O. Wilson (1), како и на понатамошните истражувања за биофилен дизајн (2,3). Преку оваа анализа се издвојуваат клучните принципи релевантни за архитектонско проектирање:
   - визуелна и физичка поврзаност со природата,
   - природна светлина и вентилација,
   - употреба на природни материјали,
   - интеграција на зеленило во вертикални структури,
   - формирање микроклиматски системи. Овие принципи служат како основа за понатамошната анализа и проектирање.

2) <u>Компаративна анализа на референтни примери</u> - во втората фаза се спроведува компаративна анализа на репрезентативни реализирани објекти кои демонстрираат примена на биофилни стратегии во висококатна архитектура:
   - Bosco Verticale,
   - One Central Park
   - Marina One

Анализата се фокусира на: просторна организација, интеграција на зеленило, однос кон микроклиматските услови, материјализација и примена на одржливи системи. Компаративниот пристап овозможува идентификација на применливи модели и стратегии за локалниот контекст.

3) <u>Урбанистичко-контекстуална анализа</u> – Третата фаза опфаќа изработка на урбанистички анализи на селектирана локација во општина Карпош во Скопје кои овозможуваат прилагодување на биофилните принципи кон специфичниот урбан контекст.

4) <u>Проектантски анализи и синтеза</u> - Во завршната фаза се врши синтеза на теоретските сознанија и резултатите од анализите преку развој на архитектонско решение. Проектантската разработка претставува модел на примена на биофилна архитектура во висококатен објект, со потенцијал за подобрување на микроклимата, енергетската ефикасност и квалитетот на живеење.




Шема 1 – методолошки постапки и фази

## 3. Студија на случај

Со цел да се утврдат применливи модели на биофилна архитектура во висококатни структури, спроведена е компаративна анализа на три реализирани меѓународни проекти кои претставуваат репрезентативни примери на интеграција на природни системи во урбани мегаструктури. Анализата се фокусира на просторната организација, степенот на интеграција на зеленило, микроклиматските ефекти и односот помеѓу архитектонската форма и еколошките стратегии.

### 3.1. Bosco Verticale, Милано




Слика 2 и 3 – изгледи на станбената кула Bosco Verticale (archdaily.com)

Проектот реализиран од Stefano Boeri Architetti претставува модел на вертикална шумска структура во густ урбан контекст (4). Комплексот се состои од две станбени кули со интегрирани повеќе од 900 дрвја и илјадници грмушки и растенија распоредени по фасадите. Клучната биофилна стратегија се темели на вертикална екстензија на природниот екосистем, при што фасадата функционира како жива биолошка мембрана. Зеленилото обезбедува:

- редукција на урбаниот топлински ефект,
- природна сенка и подобрена термичка стабилност,
- филтрација на воздухот,
- зголемување на урбаниот биодиверзитет.

Архитектонската форма е директно условена од потребата за носење на растителна маса, што резултира со изразена пластичност на фасадата. Во овој случај, биофилниот концепт влијае врз конструктивниот систем, статиката и деталната разработка на терасите. Проектот демонстрира дека биофилната интеграција може да стане примарен генератор на архитектонска форма.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 3.2. One Central Park, Сиднеј




Слика 4 и 5 - изгледи на станбената кула One Central Park (archdaily.com)

Проектот на Ateliers Jean Nouvel и Patrick Blanc претставува синтеза на архитектура, пејзаж и уметничка фасадна композиција (5). Вертикалните градини се комбинирани со рефлектирачки систем на огледала кои ја насочуваат природната светлина кон пониските нивоа на комплексот. Во овој пример, биофилната стратегија функционира на повеќе нивоа:

- директна интеграција на автохтоно зеленило,
- оптимизација на дневна светлина,
- создавање јавен парк како централно социјално јадро.

Проектот покажува дека биофилната архитектура може да создаде просторен континуитет помеѓу хоризонталниот јавен пејзаж и вертикалната структура, со што се засилува социјалната интеракција и перцепцијата на природност во урбана средина.

MIT UNIVERSITY SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

### 3.3. Green Heart, Marina One, Сингапур




Слика 6 и 7 – изгледи на деловниот комплекс Green Heart (archdaily.com)

Деловниот комплекс Marina One претставува модел на интегриран тродимензионален урбан екосистем (6). Четирите кули се организирани околу централно „зелено срце“ кое функционира како вертикална тропска градина со повеќекатна просторна длабочина.

Архитектонската поставеност овозможува:

- природна вентилација преку контролирани воздушни струења,
- создавање микроклима во централниот простор,
- комбинирање на станбени, деловни и комерцијални функции во заедничка зелена структура.

Во овој пример, биофилниот концепт се третира како системски урбан модел кој ги поврзува густината на изграденост и природните процеси. Просторната морфологија создава динамика на сенка, проток на воздух и визуелна поврзаност со зеленилото на сите нивоа.

### 3.4. Компаративна анализа

Компаративната анализа на трите примери укажува на неколку заеднички биофилни стратегии:

- Вертикална интеграција на зеленило како составен дел од фасадата.
- Формирање на заеднички зелени простори како социјални јадра.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- Употреба на архитектонска форма за оптимизација на микроклиматски услови.
- Системска поврзаност помеѓу одржливи технологии и природни процеси.

Разликите се согледуваат во степенот на структурна зависност од зеленилото и во начинот на организација на заедничките простори.

Овие согледувања претставуваат аналитичка основа за развој на проектот во Скопје, каде што биофилните стратегии се адаптираат кон локалните климатски и урбани услови.

## 4. Новопроектирано решение за станбено-деловна биофилна кула во Скопје

Локацијата на предвидениот објект се наоѓа во градот Скопје, во рамките на општина Карпош, на булевар Илинден, во непосредна близина на реката Вардар. Парцелата има вкупна површина од 5.500 m², од кои 1.500 m² се зафатени со основата на објектот, додека преостанатиот дел е организиран како надворешен паркинг, зеленило и јавни површини.





Слика 8 – сателитска снимка на локација (google earth), Слика 9 – ситуационо решение (авторски прилог)

Позицијата во близина на реката овозможува директна просторна и визуелна врска со природен ресурс, што претставува основа за развој на биофилна концепција. Овој пристап е концептуално поврзан со принципот на урбана интеграција на природни системи применет кај објектот *Marina One*, каде што централното „зелено срце“ функционира како медијатор помеѓу густата урбана структура и природната микроклима.

ISSN: 1857-8128

Објектот е проектиран како 20-катна станбено-деловна кула. Функционалната распределба е организирана на следниот начин:

- Приземје и првите три ката: деловни содржини, трговски локали и гастрономија
- Катови 4–20: станбена функција
- Подземни нивоа (-1 и -2): паркинг со капацитет од 66 паркинг места

Вкупниот број на станбени единици изнесува 84. Вертикалната поделба создава динамична јавна база и приватна станбена зона во повисоките нивоа. Овој принцип на мешовита намена и социјална активност во подножјето на објектот е инспириран од организацискиот модел на објектот *One Central Park*, каде што јавниот простор и станбената структура формираат интегриран урбан систем.

На секој четврти кат се проектирани заеднички зелени простори, интегрирани во внатрешноста и на фасадата на објектот. Овие интервали создаваат ритмичка распределба на природни елементи долж вертикалата и формираат систем на „биофилен вертикален пулс“.

Овој пристап претставува адаптација на концептот на вертикално зеленило применет кај кулата *Bosco Verticale*, каде што растителната маса е распределена по целата висина на кулата. Во проектот во Скопје, наместо континуирана фасадна шума, зеленилото е концентрирано во програмски дефинирани зони, со што се овозможува: подобра конструктивна рационалност, контролиран систем на одржување,формирање на социјални јадра на повеќе висински нивоа.

Овие зелени платформи придонесуваат за микровентилација, подобрување на влажноста и создавање визуелна континуираност на природни елементи низ целата структура.

Во централниот дел на објектот е развиено атриумско решение со вертикална празнина која се протега низ повеќе катови. Атриумот овозможува продор на природна светлина во длабочината на објектот и создава услови за природна циркулација на воздух. Овој елемент концептуално се надоврзува на просторната логика на централното јадро кај

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

објектот *Marina One*, каде што архитектонската морфологија овозможува контролирана природна вентилација и формирање на микроклима.




Слика 10 – проектантски анализи и применети биофилни елементи во проектот (авторски прилог)

Во проектот во Скопје, атриумот функционира како: извор на природно осветлување, простор за внатрешно зеленило, вертикален комуникациски и визуелен коридор и микроклиматски регулатор. Овој систем директно придонесува кон намалување на енергетската потрошувачка и зголемување на просторниот комфор.

Фасадата е обликувана преку комбинација на: природен камен, Kebony wood (одржливо модифицирано дрво) и вертикални зелени панели. Материјалниот избор произлегува од биофилниот принцип на употреба на природни текстури и тактилни површини, во согласност со теоретските модели (2,3).

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128




Слика 11 - применети биофилни елементи во фасадно решение на проектот (авторски прилог)

Секоја од 84-те станбени единици располага со тераса со интегрирано зеленило. Растителните видови се избрани според критериуми на: адаптабилност на урбана средина, апсорпција на $CO_2$, отпорност на загадување, и ниски потреби за вода. Овој пристап создава индивидуални микросистеми кои функционираат како продолжение на станбениот простор и формираат вертикална зелена матрица по целата висина на кулата.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128




Слика 12 – приказ на основи на објектот (авторски прилог)

На последното ниво е оформен зелен кров со разновидна растителност и интегрирана фонтана која служи како резервоар за собирање дождовница. Собраната вода се филтрира и повторно се користи за автоматизирано наводнување на фасадното и терасното зеленило.

Овој систем претставува локална адаптација на одржливите стратегии применети кај анализираните примери (4,5,6), со фокус на: намалување на урбаниот топлински ефект, подобрување на термичката изолација, зголемување на биодиверзитетот и рационално управување со водни ресурси.

Зелениот кров функционира како екосистем интегриран во вертикалната структура. На покривната површина се поставени соларни панели кои обезбедуваат енергија за: заеднички простории, надворешно осветлување, системите за наводнување.

Во комбинација со природната вентилација, пасивното осветлување и зелените бариери, објектот остварува интегриран биофилен и енергетски модел.

## 5. Дискусија и заклучок

Имплементацијата на биофилни принципи во проектирањето на 20-катната станбено-деловна кула во Скопје покажува дека висококатната архитектура може да функционира како интегриран еколошки систем кога природните елементи се вклучени во раната концепциска фаза. Генералните заклучоци може да се сублимираат и согледаат преку 3 резултати:

- ✓ Просторни резултати:

Интеграцијата на зелени меѓукатни зони, атриум и терасно зеленило создава вертикална просторна поврзаност со природата. Овој модел ја зголемува визуелната длабочина, обезбедува природна светлина и создава повеќенивојни социјални јадра во рамките на 84-те станбени единици.

- ✓ Микроклиматски и енергетски резултати:

Зелениот кров, фасадното зеленило и централниот атриум придонесуваат за подобрување на микроклимата, контрола на сончевата изложеност и оптимизација на природната вентилација. Соларните панели и системот за собирање дождовница овозможуваат рационално управување со енергетските и водните ресурси.

- ✓ Урбано-еколошки резултати:

Проектот создава дополнителна вертикална зелена површина во густо урбан контекст, што придонесува кон редукција на топлинскиот ефект и подобрување на квалитетот на воздухот. Биофилниот пристап овозможува синтеза помеѓу урбаната густина и природните процеси.





Слика 13 – 3д визуелизација на биофилна кула, Слика 14 – детал на фасадно обликување на кулата (авторски прилози)

Компарацијата со анализираните примери (4–6) укажува дека локалната адаптација на биофилни стратегии бара конструктивна рационалност, климатска прилагоденост и интеграција со урбаната структура. Проектот во Скопје претставува модел на селективна имплементација на вертикално зеленило, централна микроклиматска организација и мешовита функција, што овозможува одржлива и просторна ефикасна интервенција во висококатна архитектура.

Биофилната архитектура претставува применлива стратегија за современо висококатно домување во урбани средини. Преку интеграција на зеленило, природна светлина, микроклиматски системи и одржливи технологии, 20-катната станбено-деловна кула во Скопје функционира како вертикален еколошки модел.

Истражувањето потврдува дека биофилните принципи можат успешно да се адаптираат во локален контекст, при што архитектонската форма, техничките системи и природните процеси се развиваат како единствен просторен и еколошки концепт.

## Библиографија

[1] Wilson EO. *Biophilia*. Cambridge (MA): Harvard University Press; 1984.

[2] Kellert SR, Heerwagen JH, Mador ML, editors. *Biophilic Design: The Theory, Science, and Practice of Bringing Buildings to Life*. Hoboken (NJ): John Wiley & Sons; 2008.

[3] Terrapin Bright Green. *14 Patterns of Biophilic Design: Improving Health & Well-Being in the Built Environment*. New York: Terrapin Bright Green; 2014.

[4] ArchDaily. Bosco Verticale / Stefano Boeri Architetti [Internet]. 2015 [cited 2026 Mar 2]. Available from: https://www.archdaily.com/777498/bosco-verticale-stefano-boeri-architetti

[5] ArchDaily. One Central Park / Ateliers Jean Nouvel [Internet]. 2014 [cited 2026 Mar 2]. Available from: https://www.archdaily.com/551329/one-central-park-jean-nouvel-patrick-blanc

[6] ArchDaily. Green Heart | Marina One Singapore / ingenhoven architects [Internet]. 2017 [cited 2026 Mar 2]. Available from: https://www.archdaily.com/886215/green-heart-marina-one-singapore-ingenhoven-architects

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# DRAWING AS A MEDIUM FOR VISUAL DOCUMENTATION AND PRESERVATION OF ARCHITECTURAL HERITAGE IN MACEDONIA

MA Slavica Taneska

## Abstract

This paper examines the significance of drawing as a medium for documenting architectural structures, with particular focus on the rural Brsjaci region. The study provides an overview of drawing as a field practice through which architectural buildings can be visually documented. It is important to emphasize that such drawings enable comprehensive field research, including the analysis of materials, construction methods, and the processes of decay affecting buildings that today are left to the passage of time.

Through a field research approach and a case study methodology, this paper also presents characteristics of the people from the Brsjaci region, their ways of thinking, and aspects of their character that are reflected in the manner in which these buildings were constructed. Furthermore, demographic changes and migration have significantly contributed to the gradual deterioration and ruin of these structures over the years.

This research highlights the role of the artist as a chronicler and preserver of the traces of time, protecting them from oblivion. The paper is significant because it addresses the lack of analytical research on the Brsjaci region, similarly to the book *"Traces of Time – Through One Hundred Rural Brsjaci Buildings in Macedonia"* (Taneska, 2017), which also presented part of the research that is further elaborated in this study.

**Keywords:** *drawing, visual analysis, buildings, home, tradition, field research*

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ЦРТЕЖОТ КАКО МЕДИЈУМ ЗА ВИЗУЛЕНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЗАЧУВУВАЊЕ НА АРХИТЕКТОНСКО НАСЛЕДСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

**м-р Славица Танеска**

Магистер по ликовни уметности- отсек сликарство – Факултет за ликовни уметност – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

**Апстракт**

Овој труд го опфаќа значењето на цртежот со цел документирање на градбите, посебно во руралниот брсјачки регион. Трудот дава преглед на цртежот како теренска практика преку која што се документираат градбите. Но, значајно е да се истакне дека преку ваквите цртежи се прави целосно теренско истражување, анализа на матријалите, начинот на градење како и процесот на распаѓање на градбите кои денес се оставени на забот на времето. Преку користениот пристап на теренско истражување на студија на случај во овој труд се презентираат и карактеристиките на луѓето во брсјачкиот регион, нивниот начин на размислување и карактер кои што влијаат и на начинот на градење на објектите. Исто така и демографските промени и иселувањето влијае на руинирањњто на градбите со текот на годините.

Преку овој труд се актуелизира уметникот како хроничар и зачувувач на трагите на времето од заборавот. Овој труд е значаен бидејќи покрива еден голем недостаток на анализа на брсјачкиот регион исто како и книгата „Траги на времето – низ сто селски брсјачки градби во Македонија“ (Танеска - 2017) преку која исто така беа понудени дел од овие истражувања што сега ги презентирам во овој труд.

**Клучни зборови:** *цртеж, визуелна анализа, градби, дом, традиција, теренско истражување*

ISSN: 1857-8128

## ВОВЕД

Она што нé опкружува трајно се врежува во меморијата на човекот. „Нашата култура е култура на визуелното.“(1) „Гледањето доаѓа пред зборовите, Детето гледа и препознава пред да може да зборува“ (2). Сликите доаѓаат пред зборовите. Природта, градбите, патиштата, сето тоа се врежува и останува во нашиот ум.

Човекот прво започнал да обликува простор во кој ќе живее, да ги уредува пештерите, да гради живеалишта. Домот станува значајно и централно место во живеењето на семејството низ текот на годините и генерациите. Во **југозападниот дел на Македонија** градбите не се само објекти, тие се дом, **симбол на традицијата**, семејството и начинот на живот на тоа семејство. Домот е значајно место. Секоја нова генерација создава и гради нешто ново. За луѓето во овој дел домот е **култ и светост**, па затоа секогаш кога треба да го напуштат, заминуваат со тешкотија во душата.

Со текот на годините и демографските промен селата остануваат без жители, па така и домовите и градбите на старите генерации почнуваат да се руинираат. Објектите се распаѓаат и околу нив расте природата која што ги замотува и носи кон вечниот заборав. Градбите со текот на годините се создавале, развивале, а потоа напуштале, руинирале и уништувале. Со тоа особено се губи селската архитектура од 19 и 20 век која што е културно богатство.



Слика 1. Фотографија: Куќа од село Сливово 2016 (автор на фотографијата Славица Танеска)

ISSN: 1857-8128

Старите градби во градовите исто так се во опасност за уништување со новиот развој на градовите, преголемата урбанизација и слабото зачувување на старите јадра и куќи во градовите. „Нештата исчезнуваат. Ако сакаш нешто да видиш треба да побрзаш“ (3)

Затоа сé повеќе се појавува потребата од визулено зачувување на старите градби од исчезнување и заборав. Тука како еден од најдобрите начини за тоа се појавува **цртежот** кој што во овој случај не е само уметничко дело туку и **теренско истражување**, **активно набљудување и визуелна анализа** на затекнатите градби на терен. Цртежот се разгледува како форма на визуелна етнографија и документарен медиум. Тој има мемориско значење за едно време. Цртежот е медиум кој истовремено функционира како уметнички израз и истражувачки инструмент. И покрај значењето на традиционалната архитектура како културано наследство, во Македонија постои потреба за поголема системска визуелна документација особено на руралната архитектура од 19 и 20 век.

Во овој труд ќе се даде преглед на документацијата преку цртежи на претежно селската архитектира во Македонија. Посебен осврт и акцент ќе се стави на брсјачките села во Дебрца, Поречие, Горни Демир Хисар, Копачка и истражувањата презентирани во книгата „Траги на времето“ која е издадена во 2017 година. (4)

## 1. ЗНАЧЕЊЕТО НА ЦРТЕЖОТ КАКО ДОКУМЕНТ, ВИЗУЕЛНА МЕМОРИЈА И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

**Цртежот** претставува **основа на ликовната уметност** и примарен визуелен јазик преку кој се обликува и анализира формата. Токму затоа тој е автентичен начин за документација на духот и карактерот на архитектонските градби. Цртежот како теренска практика е значајна и реалевантна алатка за истражување и зачувување. Уметникот е истражувач кој размислува за конструкцијата на градбата, матријалите кои се употребени, местоположбата на градбат и моменталната состојба, во моментот кога ја црта. Преку цртежот се актуелизираат и пренесуваат состојбите кои се наоѓаат на терен на аналитички начин.

Низ историјата, цртежот се јавува како прв и најзначаен медиум за зачувување на визуелниот лик на градбите, особено во периодот кога фотографијата сè уште не постоела. Во тој контекст, цртежот бил единствено средство преку кое можел да се сочува изгледот на едно време, кој се отсликува во начинот на градење, типовите на градби, објекти и патишта. Цртачите биле сведоци и зачувувачи на тогашната стварност.

Цртежот бил користен и од воените стратези, кои најпрво испраќале уметници во просторите што сакале да ги освојат, со цел да добијат јасен визуелен увид и стратешки предвид за градбите, замоците, системите на одбрана и нивните слаби точки. Денес, цртежите на уметниците од минатото имаат големо значење и за историчарите, бидејќи преку нив се оживуваат сликите на некогашниот начин на живот. Дополнително, цртежот претставува исклучително важна референца при реконструкција и реставрација на стари објекти, за кои без вакви визуелни записи не би постоеле податоци за нивниот првобитен изглед. Преку цртежите може да се согледаат техниките на градење и материјалите што се користеле во минатото.

Со појавата на фотографијата, улогата на уметникот постепено се менува. Тој повеќе не е единствениот медијатор на визуелната документација, што доведува до нови уметнички пристапи. Уметниците од импресионизмот свесно одлучуваат да не се натпреваруваат со фотографијата, туку да се насочат кон моментот, впечатокот и личното доживување. Светлината, нејзините промени и движењето на сонцето стануваат главна појдовна точка во нивното творештво. Уметниците излегуваат од ателјеата и работат директно на терен. Така, на пример, Клод Моне преку своите сликарски циклуси нуди повеќекратни визуелни доживувања на Руанската катедрала, прикажана во различни периоди од денот и под различни светлински услови.

## 2. РАЗЛИКА МЕЃУ ФОТОГРАФИЈА, ТЕХНИЧКИ И УМЕТНИЧКИ ЦРТЕЖ

Фотографијата како медиум од своето појавување па до денес е значајна во зачувувањето на визуелната меморија. Фотографијата е внесена и во уметничките дисциплини, каде што таа не е само обична техника, туку уметност, каде што фотографот со помош на техниката го презентира сопствениот сензибилитет. Сепак во фотографиата

ISSN: 1857-8128

уметникот останува ускратен за многу работи, бидејќи колку што неговиот производ кој зависи од него, толку зависи и од самиот фото апарат, дали тој е аналоген или дигитален, светлината, временските услови и ред други фактори.

Цртежот иако најстара и најосновна дисциплина во ликовната уметност останува најнепосреденна и најискрена дисциплина каде што уметникот се изразува. Тука преку потезот се спојува она што уметникот го гледа со очите, го воспримема и размислува со умот и на крај излегува како производ од неговата рака.



Слика 2. Цртеж: Спој на окото, умот и раката (автор на цртежот Славица Танеска)

Тука се прави целосен спој на физичкиот, умствениот и психолошкиот елемент на уметникот. Така преку неговиот потез се гледа неговото расположение, сигурноста во потезите што ги влече и динамиката. На тој начин тој не го пренесува само она што го гледа во реалноста, туку и неговото лично доживување за тоа, како и присуството на моментот во кој создава и неговите лични емоции. **Цртежот** дава можност за посебно **нагласување на важните елементи и прочистување и апстрахирање на небитни детали за понатамошна анализа.**

Значајно е да се направи јасна разлика помеѓу техникчиот цртеж и уметничкиот. Кај техничкиот цртеж се обележуваат точни димензии на градба, пресеци на објектот. Линиите се повлекуваат со помошни средства како линеари и шестари со што се елиминира спонтаноста на слободниот потез. Исто така се користат технички моливи со точно дефинирана дебелина на линијата. За разлика од сé ова уметничкиот цртеж изобилува со различни потези, дебелини на линии, техники и обработки. Неговата цел не е

прецизно прикажување на работите, туку значајно е да се запазат реалните пропорции на објектот но многу повеќе значајно е да се пренесе личното и моментално доживување и експресија.

**Уметничкиот цртеж останува незаменлив документ и трага за времето и објектите.**

## 3. ЦРТЕЖОТ КАКО ТЕРЕНСКА ПРАКТИКА ВО МАКЕДОНИЈА



Слика 3.Цртеж: Цртање на терен- изработено според фотографија на која се Славица Танеска и Златко- уметник од Хрватска, при работа на терен во село Брежани (автор на цртежот Славица Танеска)

Цртањето на терен носи посебен предизвик за уметникот. Пред сè, тој се откажува од комфорноста на ателјето и излегува во отворен простор, каде што е директно изложен на временските услови. Променливата светлина, движењето на сонцето и атмосферските влијанија го принудуваат уметникот да работи брзо и интуитивно. Не постои можност за долго студирање и детално промислување, туку процесот се одвива во состојба на активно и концентрирано набљудување. Често се црта во стоечка позиција, што дополнително ја нагласува динамиката на теренската работа. Временските услови можат да претставуваат

ISSN: 1857-8128

и сериозна пречка во процесот на создавање. Најчесто теренската работа се одвива во летниот период, кога високите температури претставуваат дополнителен предизвик, особено при користење на мокри техники, поради брзото сушење на нанесените потези.

Цртежот, со сите свои техники и пристапи, е целосно прилагоден за теренска работа. Можат да се изведуваат кроки-цртежи, кои се создаваат за неколку секунди или минути и во кои моментот се доловува на експресивен, искрен и директен начин. Скицирањето претставува особено соодветна форма на цртеж за теренски услови, при што уметникот е ослободен од потребата за детална разработка и се фокусира на суштината на мотивот. Студиозниот цртеж, кој бара повеќечасовна работа, е најтежок за изведба на терен и поради тоа поретко се применува во вакви услови.

Цртежот како теренска практика е релевантна и значајна алатка. Како пример се осврнуваме на дел од цртежите претставени на изложбата „Странски сликари во Македонија во периодот 1850-1950“ отворена во април 2025 во Музејот на град Скопје. Преку цртежите на Томислав Кризман (1920- улица во Тетово), Љубомир Ивановиќ (цртеж од Охрид), Чарлс Френк Трангман (Кратово 1917) ја гледаме старата градска архитектура. Преку акварелите на Едвард Лир го гледаме Охрид во 1948, а во поново време Охрид можеме да го видиме кај ликовниот уметник и хроничар Славко Упевче.

Сепак можеме да согледаме дека нашето богато културно наследство со градби од 19 и 20 век особено од руралните средини не е доволно обработено преку цртежот. Во оваа анализа мора да се осврнеме на големиот број на книги на д-р Петар Намичев (5,6,7)која што прави документација на градбите во повеќето села во Македонија особено во мијачкиот крај. Цртежите кај Намичев се воглавном архитектонски со строги прави линии, повлечени во еден потез, користејќи линеари и слични технички средства. Ваквите цртежи се мошне значајни и преку низ целосно може да се реставрираат градбите, особено што голем дел од руралните градби се веќе во процес на распаѓање. Наспроти застапените мијачки градби кај Намичев, во голем дел останува необработен брсјачкиот дел на Македонија. Токму затоа во 2017 година понудив мој преглед на градбите во брсјачкиот крај, со работа на уметнички цртежи воглавном на терен, со различни цртачки техники.

MIT UNIVERSITY SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

## 4. АНАЛИЗА НА БРСЈАЧКИТЕ ГРАДБИ ПРЕКУ ТЕРЕНСКО ЦРТАЊЕ - ПРОЕКТ „ТРАГИ НА ВРЕМЕТО“

### 4.1 Карактерот на Брсјаците – отскикан во градбите (Теренско истражување и историска анализа)

Свое видување на Брсјачкиот крај дадов во 2017 година со издавање на книгата „Траги на времето – низ 100 селски брсјачки градби во Македонија“ (4) во која беа презентирани 100 цртежи од 54 села во брсјачкиот крај во Македонија. Во ова издание се анализираат градбите кај племоето Брсјаци. Преку работата на терен бев во можност одблиску да ги разберам луѓето и градбите во овој регион за да можам автентично да ги прикажам работите во мојот труд. Сметам дека ваквиот начин на работа отвара нови хоризонти за уметниците и можност за разбирање на луѓето, традицијата но и историските прилики кои директно влијаат на зачувивањето на градбите.

Првенствено бев во можност да направам анализа за каков тип на луѓе станува збор, кои се тие луѓе што тука живеат и ги создале овие градби. Карактерот на луѓето, нивните верувања, култура и начин на размислување влијае во голем дел на начинот на градење и изгледот на објектите.



Слика 4



Слика 5.

Фотографии: Фотографии од работа на терен во село Требовње – Самоков

Прва карактеристика која ја воочив како млад уметник истражувач беше гостопримливоста на луѓето, нивната желба за споделување на она што го имаат со

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

другите и во матријална и во духовна смисла. Па така во секоја куќа каде што сеуште живеат луѓе беше отворена. За тоа пишува и д-р Наум Целакоски во неговите трудови „ Честа, достоинството и чистиот образ се една од најзначајните семејни одлики што како клетва се пренесува од генерација на генерација. Гостопримливи се до крајни граници. Се дава и последниот касај за секој добронамерен гостин. “ (8) Токму овие карактеристики кои ги воочив при патувањата се пресликуваат и во градбите. Селата на Брсјаците се претежно од збиен тип со куќи, што е и логично со оглед на блискоста помеѓу луѓето и начинот на нивното размислување. Кај Брсјаците е карактеристичен обичајот на помагање едни на други при градењето на куќите е, а исото се случува и кога ќе се најдат во невоља.

Значајно е да се каже дека Брсјаците се правдољубив народ кој тешко трпи неправди и често биле вклучени во многу востанија и буни. Сето ова на жалост се отсликува и во архитектурата. Па така денес се ретко зачувани градбите од пред 19 век бидејќи биле поедноставно градени најчесто еднокатни изградени од плет измачкан со кали од надвор и од внатре, без оџак и покриени со слама. Ретки остатоци од овие градби денес се помошните објекти. Нешто позначајни градби од 19 век се оние кои биле во состав на чифлиците бидејќи биле градени од камен а покриени со камени плочи или цреп. Најголема причина што денес имаме ретко зачувани градби од 19 век се и историските неприлики кои се случувале во овој револуционерен регион. Затоа денес најмногу можеме да видиме градби од почетокот на 20 век.

Руинирањето и уништувањето на градбите исто така е под влијание и на големата миграција на луѓето село- град па така овој тип на проекти се преку потребни бидејќи со секојапомината година овие градби се повеќе подлегнуваат на забот на времето. Така при двегодишното работење можев да забележам градби кои на почеток од овој проект биле во почетна фаза на разрушување до крајот на проектот целосно да бидат уништени.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 4.2 Анализа на начинот на градење- воочување преку цртежот и споредба на нашите практики со светот

Темелите на овие градби се сув камен, добро нареден без никаков врзен матријал што воедно представува и еден вид дренажа и заштита од влага. Потоа над земјата ѕидањето започнува со камен и кал од црвена земја која е глинеста и леплива. Скоро на сите куќи во овој регион првиот кат е целосно изѕидан од камен. Најчесто на една или две висини од ѕидот има дрвени појаси кои многу ја зацврстуваат градбата и ја прават поиздржлива. Тие појаси најчесто се под и над прозорите и најчесто од дабово дрво кое е најјако.

Начинот на градење со природни и автентични матријали е посебно интересен за истражување. Во градбите лесно се гледа и местото каде таа градба е создадена и со што изобилува конкретното место, па затоа може да кажеме дака користеле автентични матријали. Во местата каде што доминира каменот, куќите се од камен, а онаму каде што имало помалку камен се комбинирани со плит, земја и слично. Во зависност од бојата на земјат може да зависи и бојата на ќуќата. Па на пример во селото Брест каде што земјата е црвена- црвеница и куќите се во таа боја.

Брсјачките објекти од почетокот на 20 бек најчесто имаат уште еден кат. Ѕидањето на катот поретко е од камен и тоа се случувално доколку атарот на селото изобилувал со овој градењен матријал или доколку фамилијата за која се градела куќата била финансиски многу моќна.

Главна карактеристика на руралната архитектура е тоа што е споена со природата. Околу градбите има природа, а градбите се отворени кон неа. На еден дел од катот скоро секогаш има чардак кој не ретко е по цела должина на куќата. Ако чардакот е помал и плиток во овие краишта го викаат телис. На катот секогаш се доаѓа преку дрвени скали кои најчесто се надворешни и имаат само газишта без чела. Овие куќи преку чардакот директно се поврзани со природата и се од отворен тип. Овој концепт на градби споени со природата може да го споредиме со градбите на Френк Лојд Рајт  кои се исто така отворени кон природата и споени со нејзе.

ISSN: 1857-8128




Слика 6.Цртеж: Село Куратица- Охридско 2016,
техника туш (автор на цртежот Славица
Танеска)

Куќите во селата најчесто немаат фасада, па затоа на нив се гледаат матријалите од кои се направени и сите помошни елементи кои се користени во градбата. Системот на градење е направен со помошни делови, скелет од дрво кое се гледа и кај куќите и кај помошните објекти како плевни и гаждерија.



Слика 7 Цртежи: Куќи објавени во книгата „Траги на времето – низ цртежи на 100 брсјачки градби во Македонија“ (автор Славица Танеска)

Конструктивните делови се најчесто дрвени бидејќи се користеле автентични и природни матријали. Доколку ја погледнеме Чикашката архитектонска школа ќе го забележиме скелетниот систем на градба кој исто може да се види и во нашите градби, но таму тој е од други матријали.

### 4.3 Резултат од истражувањето

The regression model explained **41% of the variance in overall Quality of Life**, indicating a moderate predictive strength. **Neutral Acceptance** emerged as a significant positive predictor ($\beta = .39$, $p < .01$), while **Fear of Death** was a significant negative predictor ($\beta = –.24$, $p < .05$). These findings confirm that individuals who accept death naturally tend to report higher well-being, while those who fear it experience lower QoL.

## Gender Differences

Table 6. *Independent Samples t-Test by Gender*

| Variable | Male (M) | Female (M) | t | p |
|---|---|---|---|---|
| Physical QoL | 15.41 | 15.34 | 0.12 | .904 |
| Psychological QoL | 14.87 | 14.59 | 0.39 | .694 |
| Neutral Acceptance | 5.47 | 5.68 | –0.53 | .597 |
| Fear of Death | 3.83 | 3.49 | 0.94 | .350 |

No statistically significant gender differences were found ($p > .05$), indicating that both male and female participants expressed similar attitudes toward death and comparable levels of life satisfaction.

In summary, the results demonstrate that **acceptance-oriented attitudes toward death are associated with higher quality of life**, while **fear and avoidance** correspond to lower well-

being. These findings provide empirical support for the theoretical assumption that confronting mortality constructively can enhance psychological adjustment and life satisfaction.

## 5. Discussion

The purpose of this study was to examine the relationship between attitudes toward death and perceived quality of life among adults in North Macedonia. The findings confirmed significant associations between the two constructs, demonstrating that acceptance-oriented attitudes, particularly **Neutral Acceptance**, are linked to higher levels of psychological and environmental well-being, while **Fear of Death** and **Death Avoidance** correspond to lower quality of life.

These results are consistent with previous international research emphasizing that mortality acceptance contributes to better mental health outcomes. Wong (2008) and Neimeyer (2020) have shown that individuals who view death as a natural and inevitable part of existence tend to experience reduced anxiety, greater emotional balance, and enhanced life satisfaction. In contrast, avoidance or fear of death is associated with higher stress, existential anxiety, and decreased psychological functioning (Yalom, 2008).

The current findings further highlight the **protective role of Neutral Acceptance** as an adaptive coping mechanism that allows individuals to confront existential realities without excessive distress. In the Macedonian context, this may reflect a growing trend toward secular or humanistic perspectives on mortality, in which death is seen not as a threat but as a natural conclusion to life. The lack of significant gender differences also suggests that death-related attitudes are relatively stable across demographic subgroups within this population.

From a psychological perspective, the results underscore that accepting death may facilitate a deeper sense of meaning and promote well-being through reduced avoidance and greater emotional integration. This aligns with existential theories suggesting that awareness of mortality can motivate individuals to live more authentically and appreciate life’s value (Yalom, 2008).

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## Practical Implications

The findings have several practical implications for mental health practice and health psychology:

- **Therapeutic interventions** should incorporate existential and acceptance-based approaches, helping clients face death-related fears and cultivate inner peace.
- **Psychoeducational programs** can promote open dialogue about mortality, challenging cultural taboos and reducing death-related anxiety.
- **Public health initiatives** may integrate well-being frameworks that emphasize meaning-making and mindfulness as tools for enhancing life satisfaction.

By fostering awareness and acceptance of mortality, mental health professionals can contribute to developing resilience, emotional stability, and higher perceived quality of life among individuals and communities.

## Limitations and Future Research

Despite its contributions, this study has certain limitations. First, the **cross-sectional design** prevents causal inferences; longitudinal research is needed to examine how death attitudes influence QoL over time. Second, data were collected through **self-report questionnaires**, which may introduce response bias. Future studies could complement self-reported data with qualitative or behavioral assessments.Third, the sample size was relatively small and limited to adults in North Macedonia, which may restrict generalizability. Comparative studies across cultures or age groups could provide a broader understanding of how cultural beliefs shape death attitudes. Finally, exploring potential **mediators or moderators**, such as spirituality, religiosity, or meaning in life, could enrich the understanding of these complex relationships.

In conclusion, this study provides valuable evidence that **accepting death as a natural part of life contributes to greater well-being**, while fear and avoidance undermine it. These

findings reinforce the importance of existential acceptance as a dimension of psychological health and open pathways for future research and therapeutic innovation.

## 6. Conclusion

In conclusion, the present study provides empirical evidence of the significant relationship between attitudes toward death and perceived quality of life among adults in North Macedonia. The findings demonstrate that **Neutral Acceptance**—viewing death as a natural and inevitable process—correlates with higher psychological and environmental well-being, whereas **Fear of Death** and **Death Avoidance** are associated with reduced life satisfaction. These results affirm that the manner in which individuals approach the concept of death profoundly affects their overall mental and emotional health.

The study highlights the importance of promoting acceptance-based and existential approaches within health psychology and mental health practice. Encouraging open reflection on mortality can reduce existential anxiety and foster greater appreciation for life. Although the research was limited by its cross-sectional design and sample size, it establishes a strong foundation for further inquiry. Future studies should explore these relationships across diverse populations, longitudinally examine causal pathways, and consider mediating factors such as spirituality, meaning in life, and cultural orientation. By integrating mortality acceptance into psychological frameworks, practitioners can contribute to enhancing individual resilience, emotional balance, and overall quality of life.

## 7. References

[1] **Neimeyer, R. A. (2020)**. *Death Anxiety Handbook: Research, Instrumentation, and Application.* Taylor & Francis.

[2] **Skevington, S. M., Lotfy, M., & O'Connell, K. A. (2004).** The World Health Organization's WHOQOL-BREF quality of life assessment: Psychometric properties and results of the international field trial. *Quality of Life Research, 13*(2), 299–310.

[3] **Tomas-Sabado, J., Gomez-Benito, J., & Limonero, J. T. (2005).** The Death Anxiety Inventory: Psychometric properties in a Spanish sample. *Psychological Reports, 97*(1), 257–262.*

[4] **WHOQOL Group. (1996).** *WHOQOL-BREF: Introduction, administration, scoring and generic version of the assessment.* World Health Organization.

[5] **Wong, P. T. P. (2008).** Meaning management theory and therapy. In P. T. P. Wong (Ed.), *The Human Quest for Meaning: Theories, Research, and Applications* (pp. 71–104). Routledge.

[6] **Wong, P. T. P., Reker, G. T., & Gesser, G. (1994).** Death Attitude Profile-Revised: A multidimensional measure of attitudes toward death. *Omega: Journal of Death and Dying, 24*(1), 17–40.

[7] **Yalom, I. D. (2008).** *Staring at the Sun: Overcoming the Terror of Death.* Jossey-Bass.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# RELIGION AND POLITICAL CULTURE: STRUCTURAL DETERMINANTS OF POLITICAL BEHAVIOR IN ISLAMIC SOCIETIES

Nikola Gjorshoski

*MIT University, Faculty of Law, International Relations and Diplomacy,*
*Bul. Treta Makedonska Brigada b.b., Skopje, Republic of North Macedonia*

## Abstract

This paper analyzes the fundamental parameters of political culture in Islamic societies through three analytical dimensions: political tradition, political orientations, and cross-cutting segmented cleavages. The research builds upon the classical concepts of political culture developed by Gabriel Almond and Sidney Verba, the approach of Robert A. Dahl, and the typologization proposed by Daniel E. Price, further complemented and contextualized through contemporary approaches that examine religion as a factor of political mobilization and legitimation.

The first part defines the contextual framework and analytical model for studying political culture within the context of Islamic societies. The second part examines the role of political tradition, particularly the influence of Islamic political-historical heritage, historical patterns of authority, and the relationship between religious and political authority on contemporary institutional forms. The third segment analyzes political orientations—attitudes toward the state and other elements of the political system, authority, and civic participation—as value patterns that vary depending on socio-economic and cultural contexts. Finally, the fourth dimension focuses on cross-cutting segmented cleavages (religious, ethnic, class-based, and ideological), which contribute to a complex structure of political identification and frequently redefine the lines of political congruence.

Through a comparative and interdisciplinary analysis, the paper demonstrates that political culture in Islamic societies does not constitute a monolithic category, but rather a

dynamic system of values and institutional practices shaped by historical continuities and contemporary transformations. The conclusion suggests that understanding these three parameters enables a more nuanced interpretation of political stability, democratization, and conflict processes across different Islamic contexts.

**Keywords**: *religion, politics, political culture, Islamic societies*

## РЕЛИГИЈА И ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА: СТРУКТУРНИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ПОЛИТИЧКОТО ОДНЕСУВАЊЕ ВО ИСЛАМСКИТЕ ОПШТЕСТВА

Никола Ѓоршоски

*МИТ Универзитет, Факултет за правни науки, меѓународни односи и дипломатија, Бул. Трета Македонска бригада б.б. Скопје, Република Северна Македонија*
*ngjorshoski@gmail.com*

### Апстракт

Овој труд ги анализира основните параметри на политичката култура во исламските општества преку три аналитички димензии: политичка традиција, политички ориентации и вкрстени сегментирани расцепи. Истражувањето поаѓа од класичните концепции на политичка култура развиени од Габриел Алмонд и Сидни Верба, пристапот на Роберт Дал и типологизацијата на Даниел Прајс, надополнети и контекстуализирани со современи пристапи кон религијата како фактор на политичка мобилизација и легитимација.

Во првиот дел се детерминира контекстуалната рамка и образецот на проучување во светло на исламските општества. Вториот дел ја разгледува улогата на политичката традиција, особено влијанието на исламското политичко историско наследство, историските модели на власт и односот меѓу религиозниот и политичкиот авторитет врз

современите институционални форми. Третиот сегмент ги анализира политичките ориентации – односот кон државата и останатите елементи на политичкиот систем, авторитетот и граѓанското учество – како вредносни обрасци што варираат во зависност од социо-економскиот и културниот контекст. Конечно, четвртата димензија се фокусира на вкрстените сегментирани расцепи (религиозни, етнички, класни и идеолошки), кои придонесуваат за комплексна структура на политичка идентификација и често ја редефинираат линијата на политичка конгруенција.

Преку компаративна и интердисциплинарна анализа, трудот покажува дека политичката култура во исламските општества не претставува монолитна категорија, туку динамичен систем на вредности и институционални практики обликуван од историски континуитети и современи трансформации. Заклучокот укажува дека разбирањето на овие три параметри овозможува понијансирана интерпретација на политичката стабилност, демократизацијата и конфликтните процеси во различни исламски контексти.

**Клучни зборови**: *религија, политика, политичка култура, исламски општества*

## Вовед

Политичката култура разбрана како збир на ставови и сентименти кои ја даваат смислата и значењето на политичкиот процес и која воедно претпоставува елементарен услов и правило која го определува однесувањето во политичкиот систем игра значајна улога при проучувањето на секој политички феномен во научните студии. Во политичката теорија генерализирано постојат два пристапи кон одредувањето на политичката култура. Првиот е т.н. субјкетивистички модел, кој го истакнува значењето на ставовите, убедувањата и вредностите и вториот, објективистички - кој ја апострофира политичката акција. Затоа ние тука ќе ја земеме како релевантна сублимираната дефиниција на Климоски, Каракамишева и Дескоска која политичката култура ја изразува на следниов начин:

> „Под политичка култура ќе подразбираме ставови, ориентации и однесувања на поединците, групите и заедницата; насочени кон институциите, субјектите и процесите; формирани во процесите на социјализација и индоктринација под влијание на објективните историско системски околности, а чија основна функција е стабилноста, односно истрајноста на политичкиот систем и неговата примена“. (Климоски и др., 2010, 491).

Ваквата комплексна и систематска дефиниција за политичката култура дозволува прашањето да го третираме и поврземе низ перспективата за она што Милан Подунавац го нарекува „мисловна целина“, елемент кој на политиката ѝ дава значење вклучувајќи ги централните теми како политичка лојалност, легитимитет, унификација на заедницата, еднаквост, поредок и хиерархија. (Podunavac i Matic, 1998, 21).

Во контекст на воведните излагање трудот треба даде одговор на следните прашања: Прво, кои се клучните аналитички димензии кои треба да бидат контекстуализирани при проучувањето на политичката култура во исламските општества? Второ, како се развиени и трансформирани структурните детерминанти на политичкото однесување во исламските општества и каква е интеракцијата со истите во исламското непосредно опкружување и глобалната парадигма? Трето, зошто е неопходен токму ваквиот пристап кој предвид ја зема односната исламска контекстуализација во проучувањето на политичката култура кај општествата со значително муслиманско население? И конечно, кои се најзначајните специфики кои го детерминираат мозаикот на политичката култура во исламските општества и каде се согледуваат нивните специфики споредбено со останатите социо-политички поднебја?

## 1. Контекстуална рамка и образец на проучување

Проблематиката на политичкиот ислам во современата политиколошка наука налага да ја испитаме улогата и значењето на политичката култура од неколку суштински причини.

*Прво*, неопходно е разграничување помеѓу исламот како религиозна и културолошка димензија, односно како фактор во политичките и демократските процеси од политичкиот ислам како политичко-партиски и организационен субјект на политичката интеракција. Како што истакнуваат Подунавац и Матиќ, политичката култура се разбира како фактор на најширока политичка поддршка. Таа, како еден од најзначјаните контрабаланси на експанзијата на политиката во нејзиниот соодност е модална или интервентна форма, а самата политика, доколку не е потполно отуѓена од општеството резултат на тековното моделирање и интеракција. (Podunavac i Matic, 1998, 350).

*Второ*, да се предочи дали низ елементите на политичката култура има обрасци на демократско (разбрано низ генерален дискурс) искуство, свест и делување. Во таа насока особено треба да се проверат тезите на  Денис Дан кој тврди дека поради исламската идентификација на муслиманскиот свет речиси е невозможно да се адаптира модерна (и секуларна) држава, истата доведува до раздор и ја спречува поголемата глобална поврзаност и меѓузависност како белег на модерната ера. Оттука, Дан извлекува заклучок дека цел на сите исламски субјекти било формирање калифат и единствена исламска држава. (Dunn, 2016, 45). И *трето*, доколку постојат некои модели на демократско граѓанско однесување какво влијание би имале во процесите на моделирањето на демократијата? Горецитираниот автор во оваа насока исто така забележува дека муслиманите се повеќе религиска заедница – браќа, отколку заедница на граѓани која би имала поголема приврзаност кон нацијата отколку кон исламот. (Dunn, 2016, 45).

Хејвуд (2009, 223) констатира дека интересот за политичката култура како предмет на проучување е релативно нов и се јавува благодарение на новите бихевиористички техники. Тој  нагласува дека неговата реактуелизација стана силно артикулирана како резулатат на заложбите за изградба на демократски систем врз пепелта на комунизмот во источните европски држави и падот на „општествениот капитал“ и граѓанското ангажирање во зрелите демократии. (Хејвуд, 2009, 220).

Оттука ние ќе ја испитаме политичката култура на исламските општества обрнувајќи внимание на нејзината структура и ќе зададеме одговор на прашањата поврзани со начинот на кој таа може да влијае во формулирањето и зајакнувањето на

демократските капацитети на институциите и граѓанството, ставовите и акцијата со која муслиманскиот свет ги перцепира, доживува и се инволвира во политичките процеси, како и постои ли некаква линеарна тенденција на прогрес или стагнација? Или пак динамиката на будење била присутна со осцилации во нејзната манифестација? И конечо, каков е архетипскиот и развојниот „општествен капитал“ имајќи ги предвид вкрстените сегментирани расцепи?

Водејќи се од досега изложенето, како и нашите генерални цели во овој дел, ние ќе зададеме образец на проучување врз основа на типологијата на Алмонд и Верба, методологијата на Роберт Дал за политичките ориентации, како и форматот на Даниел Прајс (1996, 36) за вкрстените сегментирани расцепи. „Аголот на перцпеција“ за понатамошните проценки во излагањата ќе ни претставува типологијата на Алмонд и Верба и истата ќе ни послужи како модел по кој ќе ја доловиме нејзината генерална евалуација, односно ќе се обидеме да ја сместиме политичката култура на исламските општества во една од овие три категории. Параметрите, односно мрежата на насоки и ориентации на Роберт Дал ќе ни ја даде рамката за политичките ориентации, а структурата на која ќе се задржиме во продолжение ги доловува елементарните компоненти кои ги сочинуваат вкрстените сегментирани расцепи според Даниел Прајс.

Аломонд и Верба ја определуваат политичката култура како специфични политички ориентации – ставови насочени кон политичкиот систем во целина, кон неговите делови, како и стојалишта насочени кон сопствената улога во таквиот систем. (Almond & Verba, 1963, 12). Во својата позната класификација тие систематизираат и идентификуваат три „чисти типа“ на политичка култура. Првиот, го нарекуваат парохијална политичка култура во која луѓето не се свесни за значењето на власта и политичкиот систем во целина, ниту пак се заинтересирани за учество во политичкиот процес. Нивната лојалност е повеќе фундирана врз основа на афективните или емоционалните ставови отколку врз основа на информативните содржини.

Вториот, го именуваат како поданичка и е типичен за авторитарните режими. Во овој модел граѓаните се свесни за функционирањето и значењето на политичкиот систем и процесот на донесување одлуки, но истите не се свесни и волни да се активираат и

придонесуват за неговиот развој, односно имаат пасивизиран однос. И конечно, партиципативниот модел, се одликува со висока и развиена свест за можностите и каналите преку кои се обезбедува влијание во политичкиот живот, општеството и власта. (Almond & Verba, 1963, 17).

Во тој контекст Роналд Инглехарт (1990, 19) е во право кога говори дека човековите одговори на нивните ситуации се обликувани од субјективни ориентации (политичка култура), кои варираат помеѓу културите и внатре во субкултурите, а таквите варијации на субјективните ориентации ги рефлектираат разликите во општественото искуство, со напомена дека раното општествено учење ја одредува нивната понатамошна патека. Од друга страна пак Фредерик Флерон (1996, 228) ја потенцира парадигмата за сообразноста и диференцијацијата помеѓу ставовите и моделите на однесувања аналогно на демократските норми каде што истите се поставени, што ни сугерира за неопходноста од нивно проучување. Оттаму и ние ќе ги одредиме нашите постулати на три елементи: политичка традиција, политичка ориентација и вкрстени сегментирани расцепи.

## 2. Политичка традиција

Како политичката традиција ние тука ќе подразбираме современата политичка историја на муслиманскиот свет, односно систем од историски елементи кои трајно се врежани и значајни во развојот на исламските општества кои се предмет на наше проучвање. Современата политичка историја ќе ја одредиме како период кој започнува со процесите на антиколонијалниот отпор. Основната парадигма која ја истакнува политичката традиција на исламските општества може да ја бараме со појавата на современите исламски движења, односно мислители кои го реафирмираат значањето на некогашниот калифат, vis-à-vis постепената криза и компромитација на отоманското царство, поделбата на големите сили на интересни сфери во Персија, како и колонијалното владеење во Магреб, Машрек и југо-западна Азија.

Грем Фулер истакнува дека за муслиманите е евидентно дека исламската цивилизација создала систем на вредности, управувања и поредок кој го издржал тестот на временски различните епохи, религиски, културолошки и хумани варијации. За

MIT UNIVERSITY
SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

мнозинството муслимани не се потребни шпекулации во врска со исламскиот успех на тој плн, а тоа се должи пред сè поради „Божјото откровение“ и умешноста на Пророкот Мухамед. Споеред Фулер дури ни за агностиците не постои сомнение во силата на оваа религија за политичкиот успех во средновековиeто. (Fuller, 2003, 3). Но според Ели Кедури, токму ориенталистичката „деспотска“ традиција е нераскинлив дел од блиско - источната иднина. (Kamrava, 2007, 192). Исламската религија и политиката како општествени феномени и процеси отсекогаш за муслиманскиот свет биле симбиотично поврзани и сразмерно одредени на уверувањето и практиката. Карен Армстронг (2008, 248) потенцира дека за разлика од христијаните и евреите кај муслиманите политиката никогаш не била од второстепено значење. Политиката за истите секогаш имала значење на сцена во верската потрага, а спиритуалното „спасение“ може да се постигне преку колективна акција, односно формирање праведно општествено уредување.

Оттаму современото формирање на политичките ставови, вредности и делувања на муслиманските општества може да бидат артикулирани низ четири клучни инстанци: Прво, политичките процеси во колонијалниот период; Второ, начинот на функционирање и политичката активност во пост - колонијалнијалната временска дистанца и во биполарниот меѓународен поредок; Трето, третманот и политичките делувања во униполаризмот на САД и конечно, неодамнешните збиднувања до „арапската пролет“. Според Шулц (2000) може да се идентификуваат неколку фази во политичката исламска традиција: Колонијален модернизам (1900 -1920 година), Буржоаски национализам и обиди за независност (1920 – 1939 година), Период на државна реставрација и артикулација на Третиот свет, како и „Надмоќ“ на исламската идеологија (1945 – 1990 година), и Граѓанско општество помеѓу модернизам и авторитаризам (1990 – 2001) и Постисламизам и неосиламизам (2001- до денес).

## 3. Политички ориентации

Во политички димензионираниот простор по серија прашања од витално значење за егзистирањето на државата, поредокот, приватната и граѓанската сфера, економската

тематика, политичката ориентација ја изразува перцепцијата на јавноста кон овие аспекти. Како една од централните компоненти на полтичката култура, ние ориентациите ќе ги систематизираме на неколку круциајлни прашања кои би ни ја доловиле сликата за погледите на муслиманскиот свет кон прашањата што ја обликуваат и моделираат демократијата, а се во тесна корелација со исламот и неговата религиозна и општествена страна.

Тука како критериум при селекција ќе ни послужи концепцијата на Роберт Дал (1996, 335), кој при неговата дефиниција за политичката култура, мрежата на ориентации ја класифицира на четири нивоа: а) Кон политичкиот систем; б) Кон другите луѓе; в) Кон колективната акција; и г) Кон решавање на проблемите.

Следствено на таквата структурна насока, ќе ги опфатиме неколку домени. *Прво,* прашањето околу перцепцијата во однос на шеријатот, односно неговата официјализација и соодност со постоечкиот правен систем, како и преферирањето силно водство или демократија ќе ги третираме како елементи на ориентација кон политичкиот систем. *Второ*, односите кон другите луѓе ќе ги испитаме низ призма на сондажата за религиските слободи, односот со луѓето од останатите религии и имплементацијата на шеријатот кон останатите заедници. *Трето*, оринтација кон колективната акција би била илустрирана низ сунитско - шиитските тензии, муслиманско - христијанската нетрпеливост, како и тензиите помеѓу помалку и повеќе религиозните муслимани; И *конечно,* ориентација кон решавање на проблемите ќе биде прикажана низ третманот на религиски екстремизам, исламските политички партии и повторното навраќање кон апликација на шеријатот кон другите заедници.

* *Ориентациите кон политичкиот систем* се димензионирани низ неколку параметри. Првиот апскет се однесува на значењето на шеријатот во политичкиот систем на муслиманските држави. Анкетите на „Пју Истражувачкиот Центар“ (2013) сугерираат дека голем дел од муслиманите сметаат дека шеријатот треба да биде офицјлен правен извор во нивните држави. Така на пример во Малезија тој процентен соодност изнесува 86% односно 72%, во Индонезија, во Ирак 91%, Египет 74%, Тунис 56%,  Либан 29%, и Турција 12% . Евидентно е дека поддршката на шеријатот како официјален правен извор е

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

енормна кај религиско - етничките похомогени држави, додека пак земјите со секуларистичко наследство или мултиконфесионална структура тој тренд опаѓа (Либан и Турција).




Слика 1. Поддршка за шеријатот. Извор: Pew Research Center, 2013

Втората серија се однесува на прашањето колку постоечката легислатива е блиску со шеријатот. Во Малезија 58 % од испитаниците сметаат дека е приближно или високо блиску до шеријатските норми, 29 % дека се многу или значително различни, додека 14% немаат став. Во Индонезија соодносот изнесува 57% кои се согласуваат дека шеријатските норми блиску се инкрпорирани во домашното законодавство, додека 42% сметаат дека тоа не е случај, а само 4 % немаат јасно изразена позиција. Во Ирак 56% од муслиманите се убедени во кредибилната поврзаност на шеријатот и актуелната легислатива, додека пак 37% не се согласуваат со таа констатација, а 7% не се изјаснуваат. Тунискиот случај сугерира дека 40% од испитаните муслимани го третираат законодавството како блиско на

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

шеријатските норми, додека пак 56% не веруваат во таквата компатибилност, а 7 % не се изјаснуваат. Во Египет помал процент од анкетираните муслимани или 39% сметаат дека законодавството е приближно на шеријатските прописи, наспроти 56 % кои сметаат дека правните норми не го следат шеријатот. И конечно најмал процент од испитаните муслимани во Либан, само 9% ценат дека актуелната лигислатива се преклопува со шеријатските прописи, додека пак високи 79 % не се согласуваат со тие констатации, а 13 % се неопределени. (Pew Research Center, 2013). Ваквите податоци индицираат дека земјите кои се географско подалеку од западниот свет и чија политичка традиција е помалку измешана и експлоатирана од западниот свет (Индонезија и Малезија) сметаат дека се поблиску до шеријатот, додека пак регионите со посилно колонијално влијание односно воени судири, авторитарно минато или мултиконфесионална структура се помалку оптимистични во легислативната компатибилност со шеријатските определби (Ирак, Египет, Либан).

Прашањето на преферирањето на демократијата или силното водство е следната категорија во низата на ориентацијата кон политичкиот систем. Речиси повеќе муслимани преферираат демократија наспроти силно водство. Во југоисточна Азија т.е. во Инодонезија и Малезија, кадешто 61% и 67% преферираат демократија наспроти 37% односно 30% силно водство. Слична е состојбата и во Турција со сооднос 67% наспроти 27% во корист на демократијата vis-à-vis силното водство. Ирак и Египет покажуваат нешто помала инклинација кон демократијата во однос на претходните со 54% и 55% наспроти 42% и 36% наклонетост кон силно лидерство. Највисока поддршка на демократијата се забележува во Либан и Тунис со високи 81% односно 75 % , додека пак за силно лидерство се изјаснуваат 19% односно 22% од популацијата. (Pew Research Center, 2013). Тоа упатува на заклучок за забележливиот сооднос помеѓу економскиот прогрес и стагнација. Земјите како Индонезија, Малезија и Турција со етаблиран парламентаризам и повисок економски раст поради серија економски политики покажуваат помала инклинација кон демократија, додека останатите случаи со висок праг на сиромаштија, голема општествено незадоволство, како и воено и конфликтно искуство,

односно кревка безбедносна констелација ја преферираат демократијата во поголем процент.




Слика 2. Демократија или силно водство. Извор: Pew Research Center, 2013

*Политичката ориентација кон другите луѓе* ќе ја започнеме со првата одредница, односно перцепцијата за религиските слободи. Изразито е висок процентот кај сите исламски општества опфатени во нашата рамка на проучување околу стипулирањето и почитувањето на ова начело. Така, високи 93% односно 89% се истакнуваат во Индонезија и Малезија, како и блиско-источните Ирак со 91% и Либан 83% од муслиманските испитаници кои велат дека е добро другите луѓе (немуслиманите и муслиманите од различни деноминации) да се чувствуваат слободни да ја практикуваат нивната религија. Потоа следува Турција со исто така високи 91%, додека помала поддршка од онака високиот процент, но сепак со изразита доминација е видлива во Египет од 77%. Причините кои доведуваат до ваквата состојба се како религиозни (исламски забрана за присилба во верата), историски (толеранцијата во минатото), како и актуелните силни

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

општествено - политички убедувања за влијанието и улогата на религијата во етичноста и праведноста како концепти на добро живеење. (Pew Research Center, 2013).




Слика 3. Поддршка за религиските слободи. Извор: Pew Research Center, 2013

Следната категорија од сондажата што ја доловува ориентацијата кон другите луѓе логично и контекстуално се надоврзува на претходната и се однесува на односите со луѓето од другите религии. Висок процент од муслиманските испитаници се изјаснуваат дека сите или најголем број од нивните пријатели се муслимани (види графикон 4). Таквиот процент во Тунис изнесува 100%, Турција 97%, Индонезија 95%, Малезија 94%. Процентот е висок и во религиски мешаните средини како Либан со просек од 94%, Ирак 97%, а нешто помал во Египет со 86%. Импозантни се споменатите бројки и ни сугерираат на прилично високиот степен на конфесионална затвореност или сегрегација на општествените сегменти. Единствено, пристапот на соработката во отпорот кон авторитарниот режим на Мубарак во Египет го спушта релативно високиот праг на затвореност. Но тоа не е случај во Ирак, каде што партиципиенти во антисадамовиот

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

режим беа различни конфесионални групи, ниту пак е случај за мултиетничната структура во Малезија.




Слика 4. Конфесионална затвореност. Извор: Pew Research Center, 2013

Последната категорија во овој дискурс ни ја доловува сликата за имплементација на шеријатот врз целата популација, односно и врз не-муслиманските заедници во дадените општества. Муслиманите генерално се поделени по ова прашање Така на пример во Индонезија 48% од муслиманската популација смета дека шеријатот треба да се применува само на муслиманите, додека пак 50% има становиште дека истиот треба да важи за сите граѓани вклучувајќи ги и христијаните. Обратен е соодност во Малезија, па така оние кои се изјаснуваат во полза на апликацијата на шеријатот само кон муслиманите е 55% и оние што сметаат дека истиот треба да се однесува на целото општество изнесува

41%. Во Турција исто така преовладува незначително поголемо мнение дека шеријатските прописи би требало да се однесуваат само на муслиманите – 50%, наспроти оние кои тврдат дека истото треба да ги опфаќа сите граѓани 43%, како и во Тунис 54% наспроти 40% и Либан 51% наспроти 48%. Убедливо поизразен е процентот на испаници кои сметаат дека шеријатот треба да биде важечки пропис за сите граѓани во Египет од 74%, наспроти 25 % кои се определуваат исклучиво за муслиманска имплементација. Од друга страна пак највисок процент од околу 59% кои сметаа дека шеријатот треба да биде правно-обврзувачки пропис само за муслиманите е забележан во Ирак, наспроти 38% кои го делат опозитното мислење.

Силната поделеност пред сè се должи на различната интерпретација на шеријатот, различното искуство, како и на степенот на обрзование. Сепак генералниот заклучок останува дека ова е прашање по кое муслиманите се видливо поделени, а соодносот помеѓу поддршката или опонирањето е со мали исклучоци во Египет изедначен. (Pew Research Center, 2013).

* *Политичките ориентации кон колективаната акција* ги изразуваат следниве резултати. Првенствено го селектираме прашањето околу сунитско-шиитските тензии, како дел од колективната муслиманска субидентификација. Мошне низок е процентот на загриженоста по ова прашање, односно процентуалната застапеност на муслиманите кои ова прашање го третираат како сериозен проблем во нивната земја, при што највисок е во Либан со 38%, Ирак 23%, а најнизок во Турција со 14% од муслиманската популација. Евидентен е прогресот кај религиски хетерегоните општества како Либан, додека пак во во похомогените држави степенот на загриженост е помал. Логично, демографските фактори се одлучувачки при изјаснувањето по ова прашање. (Pew Research Center, 2013).

Вториот елемент се однесува на христијанско-муслиманската нетрпеливост. Муслиманите кои сметаат дека христијаните се нивни непријатели се малцинство. Притоа, повеќемина муслимани сметаат дека христијаните се непријателски настроени кон нив за извесно повисок процент од истото расположение во обратна насока. Така во Индонезија тој процент изнесува 21% наспроти 16%, а во Малезија 20% наспроти 13% кои ценат дека муслиманите се непријателски настроени кон христијаните. Во Египет голем 50% сметаат

дека христијаните се антагонистички ориентирани кон исламската популација, во соодност со 35% кои ја перцепираат муслиманската недоверба. Единствено во Либан резулататите се изедначени, односно 27% сметаат дека христијаните се анимозитетни кон муслиманите, исто колку што сметаат дека муслиманите се нетрпеливи кон христијаните. (Pew Research Center, 2013).

* *Ориентацијата кон решавањето на проблемите* ќе ја започнеме со проценката кон исламските партии во однос на другите партии (види графикон 4). Се забележуваат различни одговори. Преференциите на муслиманите во Индонезија и Малезија одат во правец дека се идентични како и останатите со околу 57% односно 42% наспоти оние кои сметаат дека се подобри (31% и 43%) и оние кои сметаат дека се полоши (9% и 3%). Во Турција соодносот е поизедначен помеѓу оние кои сметаат дека се еднакви како и другите 32% и оние кои сметаат дека се подобри 30%, па конечно испитанците кои ценат дека се полоши од останатите – 26%. Во Египет и Тунис, од друга страна провладува мислењето дела исламските партии се подобри од останатите со 55% наспорти 36% и 28% кои сметаат дека се идентични, односно 7% и 12% кои ценат дека се полоши во однос на другите субјетки во партискиот систем. Во Либан преовладува мислењето дека се идентични (51%), потоа следуваат испитаниците кои перцепираат дека се подобри чиј процент изнесува 30%, а 16% имаат мнение дека се полоши политички партии од останатите.

Во Ирак состојбата е слична (21 % кои сметаат дека се полоши, 34 % дека се полоши и 37% дека се исти). Од една страна постојат скоро изедначени ставови во врска со третманот како исти или подобри политички партии во однос на другите. Од друга страна, се забележува дека најмал е процентот на испитаници кои сметаат дека истите се лоши субјекти на политичката сцена. Овој тренд расте пропорционално со политичко – безбедносната ситуација и конфликтното минато, како и искуството на исламските субјекти во заложбите за решавањето на проблемите од политички и економски карактер.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128




Слика 5. Перцепција на исламските партии. Извор: Pew Research Center, 2013

Најпосле, загриженоста околу религискиот екстремизам ја комплетира сликата по оваа категорија. Се забележуваат различни податоци. На пример во Индонезија мнозинството муслимани 53% го таргетира муслиманскиот екстремизам како најголема загрижувачка опасност, наспроти 18% кои сметаат дека опасноста се заканува од двата подеднакво од муслиманскиот и од христијанскиот екстремизам и минорни 4%, кои го акцентираат христијанскиот радикализам. Во Малезија пак, ситуацијата е обратна. Само 8% стравуваат од муслиманскиот екстремизам, 31% сметаат дека тоа е христијанскиот екстремизам и 20% сметаат дека е подеднакво загрижувачки. Во Турција 23% се изјаснуваат дека стравуваат од исламскиот екстремизам, 8% од христијанскиот и 5% од обата подеднакво. Во Ирак е најголем стравот од исламскиот екстремизам со високи 45%, наспроти 3% од христијанскиот и 16% за еквивалентниот муслиманско-христијански.

Пропорциите во Тунис и Египет се слични, со блага превласт на подеднаквиот страв од муслиманско-христијанскиот екстремизам од 27% односно 34%, наспроти 25% и

22% од муслиманските екстремисти и 13% и 10% од христијанскиот радикализам. Либанскиот случај е мошне сличен со предност на стравот од обостраниот екстремизам од 28%, наспроти фобијата од муслиманскиот тероризам од 19% и 4% страв од христијанскиот екстремен радикализам. (Pew Research Center, 2013).

Забележливо е дека муслиманите се поделени по ова прашње, во зависност од политичката традиција, како безбедносната состојба и импликациите по истата во изминатиов период. Може да се заклучи дека муслиманите во овој дел се високо свесни за пораста на исламскиот екстремизам, но со суштествена забелешка дека речиси подеднакво или сродно го третираат и христијанскиот екстремизам, односно радикализмот од останатите идеологии. Ова е суштинска разлика од доминантниот политички и медиумски дискурс во западните држави.

## 4. Вкрстени сегментирани расцепи

Даниел Прајс (1999, 36) вклучува четири категории на вкрстени~~те~~ сегментирани расцпепи што ги обликуваат муслиманските општества, а кои ги надополнуваат анимозитетите помеѓу исламската опозиција и режимите низ долгогодишниот период на фрагилна доверба и добра волја како неопходни чинители на акомодацијата. Тука ги вбројува: секташки, класни, географски и етнички расцепи. Релевантните класификации, од тука, ние ќе ги модифицираме со цел да ги идентификуваме варијаблите кои ја димензионираат демократизацијата на политичкиот систем, односно оние нужни претпоставки за типологизација–на демократијата со која ќе се занимаваме во петтата глава.

Секташките или интра-религиските поделби се видливи во муслиманските општества низ агол на најакутната линија, сунитско - шиитскиот раскол. На генезата и политичко - идеолошката поделба ќе се осврнеме подоцна во трудов. Она што нас тука нѐ интересира е демографската пропорција и консеквентното емпириско искуство кои би ни ги доловиле интензитетот на анимозитетот и политичко -конфликтната акутност. Во Египет религиската структура е релативно хомогена, бидејќи мнозинството од

муслиманското население е сунитско, па така интер – муслиманската сунитска хомогеност е изразена, но има мал процент на шиитити и ахмади, а тука се надоврзува и алжирскиот и тунискиот случај на екслузивна сунитска застапеност.

Во Турција пак различна е ситуацијата, процентот на не-сунитските муслимани изнесува околу 16%. (CRS Report for Congress, 2004). Антагонизмите не се високи на интер-религиозна основа, бидејќи централниот анимозитетот е фокусиран на етничките прашања (прашањето на Курдите). Слична е состојбата и во Индонезија која воедно претставува земја со најголема муслиманска популација во светот од 263 милиони жители со мнозинско муслиманско сунитско население и сосема мал број припадници на шиитската секта. И во Малезија сунитската популација доминира во исламската група на мултиконфесионалното општество, па таквата демографска структура нема капацитет да предизвика посериозни политички импликации од овој домен иако шиитските медиуми доста често се жалат на тортурата и неможноста од практикување на својата религија во земји. (Shia Conference, 2016)

Иран претставува земја со доминантно шиитска популација, а доктрината „итна ашарија“ е официјална легитимизациско-религиозна база на поредокот. Притоа, шиитите сочинуваат 90% од популацијата, додека пак правата на сунитското малцинство честопати се таргет на опсервација и критика на релевантните институции за заштита на човековите права, како и еден од камените на сопнување на иранско - саудиските односи.

Шиитската популација е во мнозинство и во Ирак, но воените судири како и наследството од режимот на Садам Хусеин, странската интервенција, граѓанската војна и милитантните сунитски и шиитски формации (Ал Каеда, ИСИЛ и шиитската милиција) го чинат трнлив патот кон мировните солуции. Акутноста на вкрстените сегментирани расцепи од секташка приорода покрај Ирак беше рефлектирана и во Либан со крвава десетгодишна граѓанска војна. Комплексната структура на интер-религискиот формат се одразува и на секашката сфера. Според државните проценки во рамките на муслиманската заедница шиитите сочинуваат околу 42%, сунитите 27% и друзите 7%. (Central Intelligence Agency, 2013).

Етничките и интер-религиските поделби се значајно поизразени во однос на претходните и ја потврдуваат тезата на Лапидус (2002, 819) за засилено распространување на национализмот од елитите кон широките народни слоеви, а истата несомнено има можност да го релативизира религиското единство. Алжирскиот случај е еклатанетен пример за таквите тврдења. Во Алжар религиската релативна хомогеност (со исклучок на ибадската муслиманска заедница) е од секундарен карактер vis-a-vis берберско - арапската поделба на етничка линија. Берберите кои го населуваат генерално регионот Кабила исламските партии отсекогаш ги перцпирале како потенцијална опасност по нивниот културен и етнички идентитет и постојана закана за асимилација, па нивната борба за признавање на официјален јазичен статус траеше сè до уставните измени во 2002 година. Во Тунис малубројната берберска заедница нема изразена поларизација со мнозинството арапско население и проблемите од етниички карактер се тотално ефемерни во однос на претходниот случај.

Од друга страна пак во Египет интеретничките релации добиваат и религиска конотација. Коптската заедница е доста често мета на напади од екстремистички исламски структури, како и деградирање на нивната етничка, религиозна и општествена положба (маргинализацијата во времето на Насер и Садат, па преку вооружените судири во 2000 и 2001 година во Кошех, нападите во 2006 година на црквите низ Александрија, серијата напади во 2013 година за време на државниот удар на Ал Сиси и терористичките напади на Велики петок во Александрија 2017 година).

Крвави судири од поширок домен и со посилен интензитет се секојдневие и за Ирак каде што етничката конфронација е најакутна помеѓу курдските пешмерги и групацијата ИСИЛ, а нетрпеливоста со арапските шиити и сунити исто така е изразито силна. Курдите уживаат право на културна автономија во делот Курдистан кој има статус на федерална единка со силни тенденции за независност и натамошна анексија на нови територии по неспорведениот референдум во 2014 година. Во Либан состојбата е мошне слична. Двете граѓански војни, инвазиите на Израел во 1978 и 2006 година, како и сириското воено присуство имаа сериозни импликации на религиските и етничките нетрпеливости. Културолошката идентификација со регионалните сили (Сирија) е

проблематична сама по себе, а тензиите со еврејската дијаспора, ерменското малцинство, дополнително ја комплицира политичката мапа и мултиконфесионалниот општествен амбиент.

Во Турција алармантен е проблемот со односите помеѓу турците и курдите, како и енормната долгогодишна поддршка на второве за милитантната курдска работничка партија (ПКК). Процесот на интер-етничките состојби има двоен правец. Од една страна е засилена борбата со воените ќелии на ПКК, а од друга страна се афирмира културниот прогрес на јазичните права и особености на курдското население.

Малезискиот етнички пејзаж го сочинуваат неколку доминантни нации: малајчаните, кинезите и индијците, а во државата се говорат преку четиристотини јазици меѓу кои малеански, борнеански, аслијански, копнено дајачки, филипински итн. Но сепак етничкиот диверзитет не е причина за екстензивна етничка нетрпеливост, иако доста често расната политика е чест дискурс во јавната сфера, со изразено ниво на безбедносна стабилност. Во Индонезија етничкиот диверзитет исто така не генерира нестабилност, а исламскиот карактер на исламските полтички субјекти како Нахдлатул Улама (Партијата на будењето) инкорпора интер-етничка коегзистенција и соработка помеѓу јаванезите, сунданезите, малајците, мударезите и останатите групи. Од друга страна сепаратистичките тенденции беа успешно инвертирани во регионалистички рамки, а моделот на децентрализација носечки столб на политичките параметри. Во Иран пак курдите и азербејџанците ја поддржуваа исламската револуција, но курдското население сè уште трпи форми на притисоци од религиски и етнички карактер. (CRS Report for Congress, 2004)

Конечно, од останатите демографски фактори, кои се трансформираат на вкрстените сегментирани расцепи треба да ги подвлечеме следниве карактеристики. *Прво*, голем дел од популацијата станува урбана, а поради високата стапка на наталитет младата популација станува доминантна старосна категорија. Проблемот урбана – рурална средина го намалува своето значење како политички извор на судир на интереси, но се продлабочуваат поделбите и противречностите на релација богати – сиромашни и вработени – невработени. И *второ*, регионите диспаритети некаде имаат влијание на

сецесионистички тенденции како во случајот со Тибесинија и Киренајка во Либија, Курдистан во Ирак и северен Курдистан во Турција, Кабилија во Алжир и Туркменска сахара во Иран. (Directorate General for External Policies, 2017).

## Заклучок

Политичката култура сама по себе е динамичен и комплексен систем на едно специфично човеково однесување. Трудов покажува дека политичката култура во современите општества претставува комплексен и повеќеслоен феномен кој не може да се редуцира на униформни вредносни обрасци или универзални типологии. Таа е резултат на историски континуитети, институционални искуства, социјални структури и симболички системи што меѓусебно се преплетуваат и трансформираат низ времето. Особено во општества каде религијата има значајна јавна и нормативна улога, политичката култура се обликува преку динамична интеракција меѓу световните институции и религиските авторитети, меѓу формалната уставна рамка и неформалните вредносни матрици.

Во таа насока, класичниот модел на политичка култура на Габриел Алмонд и Сидни Вебра, типологизацијата на Роберт Дал и Даниел Прајс иако аналитички продуктивни, бараат дополнителна контекстуализација кога се применува во општества со силно религиско наследство. Нивната типологија на парохијална, поданичка и партиципативна култура претпоставува одреден степен на институционална секуларизација и јасна дистинкција меѓу приватната вера и јавната политика. Меѓутоа, во контексти каде религијата функционира како извор на легитимитет, морален кодекс и колективен идентитет, ваквата дистинкција е често порелативизирана. Типологизацијата на Роберт Дал мора да добие специфична исламска конотација за полесно и посеопфатно да се разберат динамичните политички обрасци на однесување во исламските општества. Вкрстените сегментирани расцепи на Даниел Е. Прајс се најприменливи во нашиов случај, но сепак мошне често мора да се земе предвид исламското подрачје на проучување кадешто сегментираните расцепи во еден случај може да имаат посилен, а во друг поблаг интензитет на антагонизација.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Оттука, неопходно е моделот да се надгради со религиски параметри што ќе ја земат предвид улогата на исламските фикхски (религиско - правни) интерпретации, религиските институции и симболичките наративи во формирањето на политичките ориентации и облиците на политичко учество. Само преку ваква контекстуализирана рамка може да се понуди зголемено, кристализирано и емпириски одржливо разбирање на политичката култура во различни цивилизациски и културни средини.

## Користена литература

[10] Crossan, M. M., Lane, H. W., & White, R. E. (1999). An organizational learning framework: From intuition to institution. *Academy of Management Review, 24*(3), 522–537.
https://doi.org/10.5465/amr.1999.2202135

[11] Dalkir, K. (2011). *Knowledge management in theory and practice* (2nd ed.). MIT Press. Davenport, T. H., & Prusak, L. (1998). *Working knowledge: How organizations manage what they know*. Harvard Business School Press.

[12] Donate, M. J., & de Pablo, J. D. S. (2015). The role of knowledge-oriented leadership in knowledge management practices and innovation. *Journal of Business Research, 68*(2), 360–370. https://doi.org/10.1016/j.jbusres.2014.06.022

[13] Ehnert, I., Parsa, S., Roper, I., Wagner, M., & Müller-Camen, M. (2015). Reporting on sustainability and HRM: A comparative study of sustainability reporting practices by the world's largest companies. *International Journal of Human Resource Management*. https://doi.org/10.1080/09585192.2015.1024157

[14] Elkington, J. (1997). *Cannibals with forks: The triple bottom line of 21st century business*. Capstone.

[15] Garcia, F., & de la Fuente, G. (2020). Knowledge management and sustainability: A systematic literature review. *Sustainability, 12*(11), 1–22. https://doi.org/10.3390/su12114662

**[16]** Gold, A. H., Malhotra, A., & Segars, A. H. (2001). Knowledge management: An organizational capabilities perspective. *Journal of Management Information Systems, 18*(1), 185–214. https://doi.org/10.1080/07421222.2001.11045669

[17] Grant, R. M. (1996). Toward a knowledge-based theory of the firm. *Strategic Management Journal, 17*(Winter Special Issue), 109–122. https://doi.org/10.1002/smj.4250171110

[18] Hart, S. L., & Milstein, M. B. (2003). Creating sustainable value. *Academy of Management Executive, 17*(2), 56–67. https://doi.org/10.5465/ame.2003.10025194

[19] Hislop, D., Bosua, R., & Helms, R. (2018). *Knowledge management in organizations* (4th ed.). Oxford University Press.

[20] Kogut, B., & Zander, U. (1992). Knowledge of the firm, combinative capabilities, and the replication of technology. *Organization Science, 3*(3), 383–397. https://doi.org/10.1287/orsc.3.3.383

[21] Lozano, R. (2015). A holistic perspective on corporate sustainability drivers. *Corporate Social Responsibility and Environmental Management, 22*(1), 32–44. https://doi.org/10.1002/csr.1325

[22] Luthans, F., Youssef, C. M., & Avolio, B. J. (2007). *Psychological capital: Developing the human competitive edge*. Oxford University Press.

[23] Massaro, M., Dumay, J., & Garlatti, A. (2015). Public sector knowledge management: A structured literature review. *Journal of Knowledge Management*, *19*(3), 530–558. https://doi.org/10.1108/JKM-11-2014-0466

[24] Mitrović, Z. (2018). Knowledge management in the public sector: The case of Serbian local government. *Serbian Journal of Management, 13*(2), 277–296. https://doi.org/10.5937/sjm13-16948

[25] Nonaka, I., & Takeuchi, H. (1995). *The knowledge-creating company*. Oxford University Press.

[26] Santoro, G., Ferraris, A., & Giacosa, E. (2018). How SMEs engage in open innovation: A survey. *Management Decision, 56*(8), 1625–1641. https://doi.org/10.1108/MD-05-2017-0410

[27] Wright, P. M., & McMahan, G. C. (2011). Exploring human capital: Putting 'human' back into strategic HRM. *Human Resource Management Journal, 21*(2), 93–104. https://doi.org/10.1111/j.1748-8583.2010.00165.x

[28] Zack, M. H. (1999). Developing a knowledge strategy. *California Management Review, 41*(3), 125–145. https://doi.org/10.2307/41166000

[29] World Bank. (2020). *Human Capital Index 2020: North Macedonia*. World Bank.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# PERSONALITY TRAITS AS PREDICTORS OF SUSCEPTIBILITY TO SOCIAL INFLUENCE: THE ROLE OF SELF-COMPASSION, SELF-ESTEEM, AND NEUROTICISM

**MSc. Dora Popova Uzunovskи**

*MIT University, Department of Psychology, st.Bul. Treta Makedonska Brigada bb, 1000 Skopje, Republic of Macedonia*

## Abstract

The aim of this study was to examine the role of selected personality characteristics—neuroticism as a basic personality trait, and self-compassion and self-esteem as self-regulatory dispositions—in susceptibility to social influence, operationalized through conformity, compliance, and social identity. The study was conducted on a sample of 206 participants in the Republic of North Macedonia. Data were collected online using six psychological instruments. Within the present study, the instruments demonstrated satisfactory to high internal consistency. Data were analyzed using correlational analyses and multiple linear regression. The results of the correlational analyses showed that self-compassion and self-esteem were negatively associated with conformity, compliance, and neuroticism, while neuroticism was positively associated with all examined forms of social influence. The regression analyses indicated differentiated roles of the personality characteristics: self-compassion emerged as a stable negative predictor of conformity and neuroticism, whereas self-esteem showed a context-dependent role, including a positive independent effect on conformity when self-compassion was controlled for. Neuroticism retained a significant independent contribution primarily in explaining compliance. These findings suggest that susceptibility to different forms of social influence is associated with specific combinations of personality characteristics.The study contributes to a deeper understanding of individual differences in social behavior and provides a basis for further research in the fields of social and personality psychology.

**Key words:** *self-compassion; self-esteem; neuroticism; social influence; conformity; compliance; social identity*

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ЛИЧНОСНИ КАРАКТЕРИСТИКИ КАКО ФАКТОРИ НА ПОДЛОЖНОСТ НА СОЦИЈАЛНО ВЛИЈАНИЕ: УЛОГАТА НА САМОСОЧУВСТВОТО, САМОПОЧИТТА И НЕВРОТИЦИЗМОТ

**М-р Дора Попова Узуновски**

*MIT University, Department of Psychology, st.Bul. Treta Makedonska Brigada bb, 1000 Skopje, Republic of Macedonia*

**Апстракт**

Целта на ова истражување е да се испита улогата на одбрани личносни карактеристики — невротицизмот како базична личносна црта, и самосочувството и самопочитта како саморегулативни диспозиции — во подложноста на социјално влијание, операционализирана преку конформизмот, согласувањето и социјалниот идентитет. Истражувањето е спроведено на примерок од 206 испитаници во Република Македонија. Прибирањето на податоците беше спроведено онлајн со шест психолошки инструменти. Психолошките инструменти, во рамки на ова истражување покажаа задоволителна до висока внатрешна конзистентност. Податоците беа обработени со корелациски анализи и множествена линеарна регресија. Резултатите од корелациските анализи покажаа дека самосочувството и самопочитта се негативно поврзани со конформизмот, согласувањето и невротицизмот, додека невротицизмот е позитивно поврзан со сите испитувани форми на социјално влијание. Регресионите анализи укажаа на диференцирани улоги на личносните карактеристики: самосочувството се издвојува како стабилен негативен предиктор на конформизмот и невротицизмот, додека самопочитта покажува контекстуално зависна улога, вклучително и позитивен независен ефект врз конформизмот кога е контролирано самосочувството. Невротицизмот задржува значаен независен придонес првенствено во објаснувањето на согласувањето. Наодите укажуваат дека подложноста кон различните форми на социјално влијание е поврзана со специфични комбинации на личносни карактеристики.Трудот придонесува кон подлабоко разбирање на индивидуалните

разлики во социјалното однесување и нуди основа за понатамошни истражувања во областа на социјалната и психологијата на личност.

**Клучни зборови:** *самосочувство; самопочит; невротицизам; социјално влијание; конформизам*

## Вовед

Потребата за афилијација и припадност кон социјални групи се смета за фундаментален човечки мотив со значајни импликации за психолошкото функционирање и благосостојбата (Baumeister & Leary, 1995; Silk, 2007). Кај луѓето, формирањето стабилни меѓучовечки врски претставува вродена тенденција, додека фрустрацијата на оваа потреба е поврзана со зголемена социјална анксиозност, емоционална дисрегулација и поголема чувствителност на социјални норми и притисоци, особено во услови на несигурност и криза (Kawamoto et al., 2018; Sloman et al., 2021).

Примарните искуства на припадност се формираат во семејниот контекст, каде преку односите на приврзаност се градат основните модели на поврзување и саморегулација (Bowlby, 1969). Кога оваа средина не обезбедува сигурност, поединецот може да развие компензациски стратегии насочени кон надворешни извори на прифаќање, како врснички групи или пошироки социјални заедници (Ainsworth, 1989; Schore, 2003). Современите развојни модели укажуваат дека ваквите стратегии можат да се задржат и во зрелата возраст, манифестирајќи се преку зголемена ориентација кон надворешна валидација и усогласување со социјалните очекувања (Mikulincer & Shaver, 2019).

Во тој контекст, социјалното влијание се дефинира како процес преку кој ставовите, емоциите или однесувањето на поединецот се менуваат под влијание на социјалниот контекст (Cialdini & Goldstein, 2004). Класичните истражувања ја нагласуваат улогата на групните норми и социјалната споредба (Asch, 1951; Festinger, 1954), додека поновите пристапи укажуваат дека ефектите на социјалното влијание се значајно модулирани од индивидуалните разлики во емоционалната стабилност и саморегулативните капацитети (Tankard & Paluck, 2016; Van Bavel et al., 2020).

Тргнувајќи од овие сознанија, современите модели го разгледуваат социјалното влијание како резултат на интеракција помеѓу социјалниот контекст и стабилните индивидуални карактеристики, наместо како исклучиво групен феномен. Оттука, централното прашање на ова истражување е: кои индивидуални карактеристики на личноста се поврзани со подложноста кон социјално влијание?

Во рамки на трудот, социјалното влијание како теоретски конструкт се испитува индиректно преку конформизмот, согласувањето и социјалниот идентитет, додека индивидуалните карактеристики се операционализираат преку самопочитта, самосочувството и невротицизмот. Поимот *личносни карактеристики* се користи како опфатен термин што ги вклучува класичните личносни црти и диспозиционалните саморегулативни карактеристики, при што невротицизмот се третира како класична личносна црта, а самопочитта и самосочувството како релативно стабилни диспозиционални карактеристики (Coopersmith, 1967; McCrae & Costa, 2008; Neff, 2003; Neff, 2011).

## 1. Теоретска позадина на истражувањето

### 1.1. Социјално влијание

Социјалното влијание претставува процес преку кој мислењата, ставовите, емоциите или однесувањето на поединецот се менуваат како резултат на реалното или перципираното присуство на други луѓе. Во класичната социјална психологија, социјалното влијание се разгледува како фундаментален механизам на социјалното функционирање, преку кој се овозможува координација, усогласување и стабилност во рамки на социјалните групи (Asch, 1951; Cialdini & Goldstein, 2004).

Современите теоретски пристапи прават разлика помеѓу различни форми на социјално влијание, кои се разликуваат според нивната мотивациска основа и психолошка динамика. Во таа смисла, конформизмот се дефинира како склоност на поединецот да ги усвојува групните норми, ставови или однесувања со цел усогласување со социјалните очекувања (Mehrabian & Stefl, 1995). Согласувањето (compliance), пак, се однесува на

попуштање пред директни или индиректни барања на други лица, често мотивирано од желбата за избегнување конфликт или негативна евалуација (Gudjonsson, 1989).

Покрај овие однесувачки аспекти, социјалното влијание вклучува и когнитивно-идентитетска димензија. Социјалниот идентитет се однесува на степенот до кој поединецот ја вклучува припадноста кон социјални групи во сопствената самодефиниција, придавајќи ѝ значење во однос на личната самокатегоризација (Tajfel & Turner, 1979; Nario-Redmond et al., 2004). Во тој контекст, социјалното влијание не се манифестира само преку конкретно однесување, туку и преку начинот на кој поединецот се доживува себеси во однос на групата.

Личносните карактеристики во рамки на теориите за црти се дефинираат како релативно стабилни, биолошки и темпераментално втемелени диспозиции кои ја одразуваат типичната тенденција на поединецот да реагира емоционално, когнитивно и бихевиорално низ различни ситуации (Allport, 1961; Costa & McCrae, 1992). Петфакторскиот модел на личноста (Big Five) претставува доминантна современа теорија за структурата на личноста, според која индивидуалните разлики можат да се опишат преку пет широки и релативно стабилни димензии на црти: невротицизам, екстраверзија, отвореност кон искуство, пријатност и совесност (Costa & McCrae, 1992; McCrae & Costa, 2008). Овие димензии се добиени преку лексички и факторски анализи и се сметаат за универзални, крос-културно валидни и биолошки втемелени.

Наспроти класичните личносни црти, самопочитта и самосочувството не се дел од моделот на стабилни личносни црти, туку се разгледуваат како релативно стабилни диспозиционални карактеристики поврзани со евалуацијата и односот кон сопственото себство (Rosenberg, 1965; Neff, 2003) Самопочитта се однесува на глобалната проценка на личната вредност, додека самосочувството се однесува на начинот на кој поединецот се однесува кон себе во ситуации на неуспех, лична слабост или стрес. Во литературата, овие конструкции се поврзуваат со процесите на емоционална и когнитивна регулација, особено во контексти кои вклучуваат социјална евалуација или закана (Neff, 2011; Crocker & Wolfe, 2001).

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Подложноста на социјално влијание варира во зависност од личносните карактеристики на поединецот, при што базичните црти на личноста влијаат врз чувствителноста на социјална евалуација и групни норми (McCrae & Costa, 2008). Во тој контекст, невротицизмот е поврзан со зголемена афективна реактивност и чувствителност на социјална закана, што го прави релевантен фактор за подложност на социјално влијание, особено во ситуации на неизвесност (Suls & Martin, 2005; Hirsh & Kang, 2016). Покрај базичните црти, истражувањата укажуваат дека саморегулативните диспозиции поврзани со себството, како самопочитта и самосочувството, имаат значајна улога во реакциите на социјална евалуација и притисок (Leary & Baumeister, 2000; Neff, 2003; Neff et al., 2007). Оттука, современите модели го разгледуваат социјалното влијание како резултат на интеракција помеѓу базичните личносни црти и саморегулативните процеси, при што поединецот активно ги интерпретира социјалните информации во согласност со сопствените диспозиции (Jetten et al., 2012).

## 2. Методологија на истражувањето

Овој дел од трудот го опишува методолошкиот пристап применет за испитување на врските помеѓу карактеристиките на личноста и социјалното влијание. Истражувањето е поставено како квантитативно, емпириско, со примена на комплексен истражувачки дизајн кој ги опфаќа следните две нивоа на анализа:

-релационо ниво: испитување на биваријантните корелации помеѓу варијаблите;

-предикторно ниво: утврдување на предикторната улога на личностните карактеристики во објаснувањето на социјалното влијание преку моделот на множествена линеарна регресија.

Во продолжение се детално изложени хипотезите, карактеристиките на примерокот, мерните инструменти и статистичките процедури.

Операционализација на варијаблите

Во рамки на ова истражување, клучните психолошки и социјални поими се разгледуваат како операционализирани варијабли, дефинирани преку конкретни инструменти за мерење.

Самосочувството се дефинира како диспозиционална карактеристика што го одразува начинот на кој поединецот се однесува кон себе во ситуации на тешкотија, грешка или неуспех, преку самодобрина, заедничка човечка припадност и свесна присутност (Neff, 2003).

Самопочитта се третира како релативно стабилна личносна карактеристика што ја одразува глобалната евалуација на сопствената вредност (Coopersmith, 1967).

Невротицизмот се дефинира како основна личносна димензија што го одразува степенот на емоционална стабилност на поединецот, при што повисоките резултати укажуваат на зголемена склоност кон негативна афективност, анксиозност, напнатост и чувствителност на стрес. Во ова истражување, невротицизмот е мерен со димензијата за невротицизам од NEO-P-R Инвентарот (Costa & McCrae, 1992).

Конформизмот се однесува на склоноста на поединецот да се усогласи со ставовите и однесувањата на групата, особено во контекст на нормативно социјално влијание (Asch, 1951; Cialdini & Goldstein, 2004), и во ова истражување е мерен со скалата за конформираност на Mehrabian и Stefl (1995).

Согласувањето (compliance) се дефинира како интерперсонална форма на попуштање пред барањата или очекувањата на другите, мотивирана од желба за избегнување конфликт или негативна социјална евалуација (Gudjonsson, 1989).

Социјалниот идентитет се дефинира како степенот до кој поединецот ја придава својата самодефиниција и чувството на сопствена вредност на припадноста кон социјални групи, односно важноста што ја има социјалната категоризација во однос на личната самокатегоризација (Nario-Redmond et al., 2004).

### 2.1. Хипотези на истражувањето

Основната претпоставка на ова истражување е дека личносните карактеристики (самосочувство, самопочит и невротицизам) покажуваат статистички значајни

поврзаности со индикаторите на социјалното влијание. Се очекува самосочувството и самопочитта да покажуваат негативна поврзаност со степенот на конформизам, согласување и социјален идентитет, а невротицизмот позитивна поврзаност со истите индикатори. Хипотезите се поставени на две нивоа на анализа:

Ниво I: Релациони хипотези

- X1(a): Се очекува степенот на самосочувство да биде негативно поврзан со степенот на невротицизам, како и со степенот на конформизам, согласување и социјален идентитет.
- X1(b): Се очекува степенот на самопочит да биде негативно поврзан со степенот на невротицизам, конформизам, согласување и социјален идентитет.
- X1(c): Се очекува степенот на невротицизам да биде позитивно поврзан со степенот на конформизам, согласување и социјалниот идентитет.

Ниво II: Предиктивни хипотези

- **X2(a):** Согласувањето и социјалниот идентитет ќе бидат позитивни предиктори на конформизмот, а самосочувството негативен предиктор на конформизмот.
- **X2(б):** Конформизмот и невротицизмот ќе бидат позитивни предиктори на согласувањето, додека самосочувството ќе биде негативен предиктор на согласувањето.
- **X2(ц):** Самосочувството ќе биде негативен предиктор на невротицизмот.

## 2.2. Примерок и процедура

Истражувањето е спроведено во рамки на Република Македонија врз примерок од N = 206 испитаници (149 жени, 44 мажи и 13 испитаници кои не навеле пол), на возраст од 19 до 65 години. По однос на образованието, доминираат испитаници со високо образование (61,1%), магистри (24,9%) и доктори на науки (1,6%), додека со средно образование се 12,4%. Најголем дел од испитаниците се вработени (89,6%).

Податоците се прибрани преку онлајн анкетирање (Google Forms), споделено на социјалните мрежи. Учеството беше доброволно и анонимно.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 2.3. Инструменти

За целта на ова истражување беа користени шест прашалници:

1. Инвентар за самопочит на Куперсмит (CSEI - Ryden, 1978): верзија за возрасни со 58 ајтеми. Содржи и „скала на лага“ за контрола на социјалната пожелност. Резултатот се третира како континуиран конструкт.
2. Скала за самосочувство (SCS - Neff, 2003): Содржи 26 ајтеми кои се поделени во 6 подскали. Инструментот покажува висока внатрешна конзистентност во ова истражување (α = 0,895).
3. Скала за личен и социјален идентитет (SIPI - Nario-Redmond et al., 2004): За потребите на трудот е користена подскалата за социјален идентитет (α = 0,823), која ја мери идентификацијата со групата.
4. Скала за согласување (Gudjonsson, 1989): Содржи 20 дихотомни тврдења кои ја мерат склоноста кон согласување со барања и очекувања на другите, особено во ситуации на социјален притисок, како и тенденцијата кон избегнување конфликти (α = 0,856).
5. Скала за конформизам (Mehrabian & Stefl, 1995): Скала од 11 ајтеми за мерење на склоноста кон сообразување (α = 0,616).
6. NEO-P-R Инвентар (Costa & McCrae, 1992): Користени се димензиите на „Големата петорка“, со фокус на невротицизмот (α = 0,70).

Сите инструменти беа преведени на македонски јазик со примена на постапка на превод и повратен превод. Иако инструментите не се формално стандардизирани за македонска популација, нивната внатрешна конзистентност беше проверена и се движи во прифатливи граници, што овозможува нивна употреба за истражувачки цели.

### 2.3.1 Статистичка обработка на податоците

Податоците беа обработени со софтверот Jamovi (v2.2). Беа применети следните статистички методи:

Дескриптивна статистика: мерки на централна тенденција (аритметичка средина, медијана, мод) и мерки на дисперзија (стандардна девијација, минимум, максимум). Корелациска анализа: Пирсонов (r) и Спирманов (rho) коефициент за утврдување на насоката и силата на поврзаноста меѓу варијаблите, во зависност од распределбата на податоците.

Регресиона анализа: множествена линеарна регресија за проценка на предикторниот придонес на личносните карактеристики во објаснувањето на индикаторите на социјалното влијание.

### 2.3.2 Дескриптивни показатели на варијаблите

| **Варијабли** | **N** | **M** | **Mediana** | **SD** | **MIN** | **MAX** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Самосочувство | 206 | 87,9 | 89,0 | 16,38 | 45 | 123 |
| Самопочит | 206 | 34,4 | 36,0 | 9,91 | 0 | 48 |
| Невротицизам | 203 | 148 | 146 | 14,9 | 109 | 187 |
| Конформизам | 206 | 34,2 | 34,0 | 7,50 | 15 | 60 |
| Согласување | 206 | 69,1 | 68,0 | 17,44 | 34 | 135 |
| Социјален идентитет | 206 | 34,4 | 36,0 | 9,91 | 0 | 48 |

Табела 1: Дескриптивни показатели на варијаблите

Од Табела 1, во која се прикажани дескриптивните показатели на испитуваните варијабли, се забележува дека кај самосочувството резултатите се движат од 45 до 123, со средна вредност M = 87,9 и SD = 16,38, што е блиску до теоретската средна (84) и укажува на изразено присуство на варијаблата. Кај самопочитта средната вредност е M = 34,4, повисока од теоретската (24), со SD = 9,91. Невротицизмот има средна вредност M = 148, која одговара на теоретската, што укажува на умерено ниво на изразеност.

Кај конформизмот, средната вредност е M = 34,2, под теоретската (37,5), со SD = 7,50, додека согласувањето има M = 69,1, исто така под теоретската средна (84,5), со SD = 17,44. Кај социјалниот идентитет средната аритметична вредност е M = 93, што е повисоко од теоретската средна (75), со SD = 21,17. Минималниот резултат изнесува 16, а

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

максималниот 144, што укажува на изразено присуство на социјалниот идентитет во примерокот, но и на значителна варијабилност меѓу испитаниците.

Врз основа на средните вредности, самосочувството, самопочитта и социјалниот идентитет се поизразени, додека конформизмот и согласувањето се послабо изразени. Невротицизмот е на умерено ниво.

### 2.3.3 Корелации

За утврдување на поврзаноста помеѓу варијаблите беа користени Пирсоновиот коефициент на линеарна корелација и Спирмановиот коефициент на рангова корелација. Во продолжение се претставени резултатите од статистичката обработка.

Во однос на првата подхипотеза, која гласи: Се очекува степенот на самосочувство да биде негативно поврзан со степенот на невротицизам, како и со степенот на конформизам, согласување и социјален идентитет, добиени се резултатите прикажани во Табела 2.

| Корелација | Пирсонов коефициент | Спирманов коефициент |
|---|---|---|
| Самосочувство-конформизам | r=-0,429*** p<0,001 | r=-0,415*** p<0,001 |
| Самосочувство-согласување | r=-0,495*** p<0,001 | r=-0,504*** p<0,001 |
| Самосочувство-социјален идентитет | r=-0,018 p=0,795 | r=-0,031 p=0,662 |
| Самосочувство-невротицизам | r=-0,469*** p<0,001 | r=-0,518*** p<0,001 |

Табела 2: Резултати за поврзаноста на самосочувството со конформизмот, согласувањето, социјалниот идентитет и невротицизмот.

*** Корелацијата е значајна на ниво 0,001.

Од прикажаните резултати може да се заклучи дека постои високо статистички значајна негативна пирсонова корелација помеѓу самосочувството и конформизмот, $r(206) = -0,429$, $p < 0,001$. Утврдена е и негативна корелација помеѓу самосочувството и

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

согласувањето, r(206) = -0,495, p < 0,001, која исто така е високо статистички значајна. Дополнително, пирсоновиот коефициент помеѓу самосочувството и невротицизмот изнесува r(206) = -0,469, p < 0,001, што укажува на значајна и умерена негативна поврзаност помеѓу овие две варијабли. Анализата на спирмановите корелации исто така покажа дека самосочувството е во негативна и статистички значајна врска со конформизмот rho(206) = -0,415, p < 0,001, согласувањето rho(206) = -0,504, p < 0,001 и невротицизмот rho(206) = -0,518, p < 0,001. Не е пронајдена значајна поврзаност помеѓу самосочувството и социјалниот идентитет.Овие резултати сугерираат дека лицата со повисоко ниво на самосочувство имаат тенденција поретко да се прилагодуваат на групниот притисок и покажуваат значајно пониски нивоа на невротицизам. Врз основа на наодите, може да се каже дека првата релациона хипотеза е делумно потврдена.

Во однос на втората релациона хипотеза: „Испитаниците со високи резултати на скалата за самооценка ќе покажат ниски резултати на скалите за невротицизам, конформизам, согласување и социјален идентитет“, резултатите се прикажани во Табела 3.

| Корелација | Пирсонов коефициент | Спирманов коефициент |
|---|---|---|
| Самопочит-конформизам | r=-0,382***, p<0,001 | r=-0,320***, p<0,001 |
| Самопочит-согласување | r=-0,613***, p<0,001 | r=-0,551***, p<0,001 |
| Самопочит-социјален идентитет | r=-0,051, p=0,398 | r=-0,030, p=0,560 |
| Самопочит-Невротицизам | r=-0,463***, p<0,001 | r=-0,483***, p<0,001 |

Табела 3: Резултати за поврзаноста на самопочитта со конформизмот, согласувањето и социјалниот идентитет.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Врз основа на добиените резултати, постои високо статистички значајна негативна Пирсонова корелација помеѓу самопочитта и конформизмот, $r(206) = -0,367$, $p < 0,001$, како и силна негативна корелација помеѓу самопочитта и согласувањето, $r(206) = -0,593$, $p < 0,001$. Се забележува и високо статистичка негативна корелација меѓу самопочитта и невротицизмот, при што $r(206)=-0,463$, $p < 0,001$. Спирмановите корелации ги потврдуваат овие наоди.

Втората хипотеза е исто така делумно потврдена, поради отсуство на значајна врска со социјалниот идентитет.

За третата релациона хипотеза: „Испитаниците со високи резултати на скалата за невротизам ќе покажат високи резултати на скалите за конформизам, согласување и социјален идентитет“, резултатите се дадени во Табела 4.

| Корелација | Пирсонов коефициент | Спирманов коефициент |
|---|---|---|
| Невротицизам-конформизам | r=0,292***, p<0,001 | r=0,286***, p<0,001 |
| Невротицизам-согласување | 0,413***, p<0,001 | r=0,428***, p<0,001 |
| Невротицизам-социјаен идентитет | 0,178*, p<0.05 | r=0,170*, p<0,05 |

Табела 4: Резултати за поврзаноста помеѓу невротизмот со конформизмот, согласувањето и социјалниот идентитет.

Корелациската анализа покажа статистички значајни позитивни поврзаности помеѓу невротицизмот и сите три варијабли. Помеѓу невротицизмот и конформизмот е утврдена статистички значајна позитивна корелација ($r = 0,292$; $\rho = 0,286$; $p < 0,001$), што укажува дека со зголемување на невротицизмот се зголемува и тенденцијата кон усогласување со групните норми. Исто така, добиена е статистички значајна позитивна

ISSN: 1857-8128

поврзаност помеѓу невротицизмот и согласувањето ($r = 0,413$; $\rho = 0,428$; $p < 0,001$). Помеѓу невротицизмот и социјалниот идентитет е утврдена статистички значајна позитивна корелација ($r = 0,178$; $\rho = 0,170$; $p < 0,05$). Сличноста на Пирсоновите и Спирмановите коефициенти ја потврдува конзистентноста на резултатите.

### 2.3.4. Множествена линеарна регресија

Преку примена на множествена линеарна регресија беше проценет делот од варијансата на секоја зависна варијабла што може да се објасни со вклучените предиктори, како и нивниот статистички значаен и независен придонес. Регресионите анализи беа спроведени одделно за секој индикатор на социјалното влијание, во согласност со поставените хипотези.

#### 2.3.4.1. Множествена линеарна регресија за варијаблата „конформизам“

Со цел да се испитаат предикторите на конформизмот, беше спроведена множествена линеарна регресија, при што конформизмот беше третиран како зависна варијабла, а самосочувството, самопочитта, согласувањето, социјалниот идентитет и невротицизмот како независни варијабли.

Моделот се покажа како статистички значаен и објасни 51,8% од варијансата на конформизмот ($R = 0,720$; $R^2 = 0,518$).

Самосочувството се покажа како значаен негативен предиктор на конформизмот ($B = –0,119$; $p < .001$), додека согласувањето ($B = 0,293$; $p < .001$) и социјалниот идентитет ($B = 0,073$; $p = 0.011$) имаа значаен позитивен предикторен придонес. Ефектот на самопочитта врз конформизмот ја одразува нејзината независна варијанса, при што влијанието на самосочувството е статистички контролирано, па самопочитта се покажа како значаен позитивен предиктор ($B = 0,148$; $p = 0.015$). Наспроти тоа, невротицизмот немаше статистички значаен независен придонес во моделот ($p = 0.482$).

| **Предиктор** | **B** | **SE B** | **t** | **p** |
|---|---|---|---|---|
| Константа (Intercept) | 19,534 | 6,073 | 3,216 | 0,002** |

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Самосочувство | –0,119 | 0,034 | –3,472 | < 0,001*** |
| Невротицизам | –0,021 | 0,030 | –0,704 | 0,482 |
| Самопочит | 0,148 | 0,060 | 2,455 | 0,015* |
| Согласување | 0,293 | 0,027 | 10,810 | < 0,001*** |
| Социјален идентитет | 0,073 | 0,029 | 2,553 | 0,011* |

Табела 5: Резултати от множествена линеарна регресија за предиктори на конформизмот
Забелешка: *p < 0,05; **p < 0,001.

Резултатите од множествената линеарна регресија покажуваат дека хипотезата Х2(а) е делумно потврдена, бидејќи согласувањето и социјалниот идентитет се покажаа како значајни позитивни, а самосочувството како значаен негативен предиктор на конформизмот, додека невротицизмот не покажа статистички значаен независен предикторен придонес.

### 2.3.4.2 Множествена линеарна регресија за варијаблата „согласување"

Со цел да се испитаат предикторите на варијаблата согласување, беше спроведена множествена линеарна регресија, при што согласувањето беше третирано како зависна варијабла, а конформизмот, самосочувството, невротицизмот и социјалниот идентитет како независни варијабли. Моделот се покажа како статистички значаен и објасни 53,8% од варијансата на согласувањето ($R = 0,781$; $R^2 = 0,610$), што укажува на значаен објаснувачки капацитет.

Резултатите покажаа дека конформизмот се издвојува како силен позитивен предиктор на согласувањето ($B = 1,272$; $p < .001$), што укажува дека повисоките нивоа на конформизам се поврзани со поголема склоност кон согласување. Невротицизмот, исто така, се покажа како значаен позитивен предиктор ($B = 0,136$; $p = 0.027$), додека самопочитта имаше значаен негативен предикторен придонес ($B = –0,673$; $p < 0.001$), при што пониските нивоа на самопочит се поврзани со повисока податливост. Наспроти тоа, самосочувството ($p = 0.292$) и социјалниот идентитет ($p = 0.321$) не покажаа статистички значаен независен придонес во моделот.

| Предиктор | B | SE B | t | p |
|---|---|---|---|---|
| Константа (Intercept) | 24,093 | 12,876 | 1,871 | 0,063 |
| Конформизам | 1,272 | 0,118 | 10,810 | < 0,001*** |
| Самосочувство | 0,078 | 0,073 | 1,056 | 0,292 |
| Социјален идентитет | –0,060 | 0,060 | –0,994 | 0,321 |
| Невротицизам | 0,136 | 0,061 | 2,225 | 0,027* |
| Самопочит | –0,673 | 0,118 | –5,681 | < 0,001*** |

Табела 6: Резултати от множествена линеарна регресија за предиктори на согласување
Забелешка: *p < 0,05; **p < 0,01; ***p < 0,001.

Врз основа на добиените резултати, хипотезата Х2(b) е делумно потврдена. Во согласност со очекувањата, конформизмот и невротицизмот се покажаа како значајни позитивни предиктори на согласувањето. Меѓутоа, спротивно на хипотезата, самосочувството не покажа значаен независен предикторен придонес кога останатите варијабли беа вклучени во моделот.

### 2.3.4.3. Множествена линеарна регресија за варијаблата „невротицизам"

Со цел да се испитаат психосоцијалните предиктори на невротицизмот, беше спроведена множествена линеарна регресија со следните независни варијабли: конформизам, согласување, самосочувство и социјален идентитет. Множествената линеарна регресија покажа дека моделот статистички значајно ја предвидува варијацијата на невротицизмот и објаснува 29,9% од неговата варијанса (R = 0,547; $R^2$ = 0,299).
Резултатите покажаа дека самосочувството има значаен негативен предикторен придонес во објаснувањето на невротицизмот (B = –0,242; p = .004), што укажува дека повисоките нивоа на самосочувство се поврзани со пониски нивоа на невротицизам. Согласувањето (B = 0,180; p = 0.027) и социјалниот идентитет (B = 0,173; p = 0.012) се покажаа како значајни позитивни предиктори, додека конформизмот (p = 0.482) не покажа статистички значаен независен придонес. Самопочитта покажа тенденција кон негативна поврзаност со невротицизмот, но овој ефект не достигна статистичка значајност (p = 0.088).

| Предиктор | B | SE B | t | p |
|---|---|---|---|---|
| Константа (Intercept) | 162,564 | 9,382 | 17,328 | < 0,001*** |
| Конформизам | –0,120 | 0,170 | –0,704 | 0,482 |
| Самосочувство | –0,242 | 0,083 | –2,932 | 0,004** |
| Согласување | 0,180 | 0,081 | 2,225 | 0,027* |
| Социјален идентитет | 0,173 | 0,068 | 2,531 | 0,012* |
| Самопочит | –0,250 | 0,146 | –1,716 | 0,088 |

Табела 7: Резултати од множествена линеарна регресија за предиктори на невротицизам

Забелешка. *p < 0,05; **p < 0,01; ***p < 0,001; † тенденција (0,05 < p < 0,10).

Резултатите од множествената линеарна регресија покажуваат дека хипотезата Х2(ц) е потврдена. Во согласност со формулираната хипотеза, самосочувството се покажа како статистички значаен негативен предиктор на невротицизмот, што укажува дека повисоките нивоа на самосочувство се поврзани со понизок степен на емоционална нестабилност.

Понатаму, согласувањето и социјалниот идентитет се покажаа како значајни позитивни предиктори на невротицизмот, додека конформизмот не покажа статистички значаен независен предикторен придонес. Самопочитта покажа тенденција кон негативна поврзаност со невротицизмот, но овој ефект не достигна статистичка значајност.

Овие наоди укажуваат дека невротицизмот е посилно поврзан со саморегулативните и социјалните аспекти на личноста, при што самосочувството се издвојува како клучен заштитен фактор во рамките на испитуваниот модел.

## 3. Дискусија

Главното прашање на ова истражување беше кои личносни карактеристики се поврзани со подложноста кон социјално влијание. Добиените резултати јасно укажуваат дека подложноста на социјално влијание не претставува единствен феномен, туку е комбинација од конкретната форма на влијанието (конформизам, согласување, социјален идентитет) со конкретните индивидуални личносни карактеристики.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Самосочувството се покажа како најстабилна и конзистентна карактеристика во однос на социјалното влијание. Корелациските анализи укажаа на умерена негативна поврзаност со конформизмот, согласувањето и невротицизмот, додека регресионите анализи покажаа дека самосочувството задржува значаен независен негативен придонес во објаснувањето на конформизмот и невротицизмот и при контрола на останатите варијабли. Овие наоди се во согласност со теоретската концептуализација на самосочувството како релативно стабилен саморегулативен капацитет кој не зависи од надворешна евалуација (Neff, 2003; Neff, 2011).

Самопочитта покажа понијансирана улога. Иако корелациските резултати укажаа на негативна поврзаност со конформизмот и согласувањето, регресионите анализи открија дека, при контрола на самосочувството, самопочитта може да има позитивен независен придонес во објаснувањето на конформизмот. Овој наод укажува дека самопочитта не функционира секогаш како фактор на автономија, туку дека нејзината улога може да биде контекстуално условена, што е во согласност со концептот на контингентна самопочит (Crocker & Wolfe, 2001).

Невротицизмот се покажа како значаен фактор поврзан првенствено со согласувањето. Иако беше позитивно поврзан со сите форми на социјално влијание на релационо ниво, во регресионите модели задржа независен придонес само во објаснувањето на согласувањето. Ова укажува дека зголемената емоционална чувствителност и негативна афективност, карактеристични за невротицизмот, се поврзани со поголема склоност кон интерперсонално попуштање, но не нужно и со нормативен конформизам (Costa & McCrae, 1992; Gudjonsson, 1989).

Социјалниот идентитет покажа значајни поврзаности со конформизмот и невротицизмот, при што резултатите укажуваат дека неговата улога во социјалното влијание е условена од индивидуалните разлики во самосочувството, самопочитта и невротицизмот. Ова е во согласност со социјално-идентитетската теорија, според која ефектите на групната идентификација зависат од начинот на кој поединецот ја интегрира групната припадност во сопствената самодефиниција (Tajfel & Turner, 1979).

## 4. Заклучок

Резултатите од ова истражување укажуваат дека подложноста на социјално влијание произлегува од сложена комбинација на личносни карактеристики, а не од единечен психолошки фактор. Самосочувството се издвојува како најстабилен заштитен фактор, поврзан со пониски нивоа на конформизам и невротицизам, додека самопочитта покажува контекстуално зависна улога. Невротицизмот, пак, е поврзан првенствено со согласувањето, што укажува на неговата улога во интерперсоналното попуштање, а не во нормативното усогласување.

Во целина, наодите сугерираат дека различните форми на социјално влијание се поврзани со различни личносни профили, при што саморегулативните диспозиции играат клучна улога во модулирањето на социјалните реакции.

## 5. Ограничувања и препораки

При интерпретацијата на резултатите потребно е да се земат предвид неколку ограничувања. Прво, примерокот е родово и образовно неурамнотежен, што ја ограничува генерализацијата на наодите. Второ, податоците се прибрани исклучиво преку инструменти за самопроцена, што носи ризик од социјална пожелност и субјективни изобличувања. Трето, користените инструменти претставуваат преводи на македонски јазик кои сè уште не се стандардизирани за локалната популација, иако покажаа задоволителна внатрешна конзистентност.

Идните истражувања би требало да вклучат поразновидни и побалансирани примероци, експериментални и лонгитудинални дизајни, како и културолошки компаративни пристапи. Дополнително, потребна е систематска психометриска валидација на користените инструменти за македонската популација, како и проширување на истражувањата во дигитални и онлајн контексти на социјално влијание.

## 5. Библиографија

[1] Ainsworth, M.D.S. (1989) ‘Attachments beyond infancy’, American Psychologist, 44(4), pp. 709–716. https://doi.org/10.1037/0003-066X.44.4.709

[2] Asch, S.E. (1951) ‘Effects of group pressure upon the modification and distortion of judgments’, in Guetzkow, H. (ed.) Groups, leadership and men. Carnegie Press, pp. 177–190.

[3] Baumeister, R.F. and Leary, M.R. (1995) ‘The need to belong: Desire for interpersonal attachments as a fundamental human motivation’, Psychological Bulletin, 117(3), pp. 497–529. https://doi.org/10.1037/0033-2909.117.3.497

[4] Bowlby, J. (1969) Attachment and loss: Vol. 1. Attachment. New York: Basic Books.

[5] Bronfenbrenner, U. (1979) The ecology of human development: Experiments by nature and design. Cambridge, MA: Harvard University Press.

[6] Cialdini, R.B. and Goldstein, N.J. (2004) ‘Social influence: Compliance and conformity’, Annual Review of Psychology, 55, pp. 591–621. https://doi.org/10.1146/annurev.psych.55.090902.142015

[7] Coopersmith, S. (1967) The antecedents of self-esteem. San Francisco: W. H. Freeman.

[8] Deci, E.L. and Ryan, R.M. (2000) ‘The “what” and “why” of goal pursuits: Human needs and the self-determination of behavior’, Psychological Inquiry, 11(4), pp. 227–268. https://doi.org/10.1207/S15327965PLI1104_01

[9] Festinger, L. (1954) ‘A theory of social comparison processes’, Human Relations, 7(2), pp. 117–140. https://doi.org/10.1177/001872675400700202

[10] Gudjonsson, G.H. (1989) ‘Compliance in an interrogative situation: A new scale’, Personality and Individual Differences, 10(5), pp. 535–540. https://doi.org/10.1016/0191-8869(89)90097-8

[11] jamovi project (2024) jamovi (Version 2.5) [Computer software]. Available at: https://www.jamovi.org

[12] John, O.P. and Srivastava, S. (1999) ‘The Big Five trait taxonomy: History, measurement, and theoretical perspectives’, in Pervin, L.A. and John, O.P. (eds.) Handbook of personality: Theory and research. 2nd edn. New York: Guilford Press, pp. 102–138.

[13] Neff, K.D. (2003) ‘The development and empirical validation of a scale to measure self-compassion’, Self and Identity, 2(3), pp. 223–250. https://doi.org/10.1080/15298860309027

[14] Neff, K.D. (2011) ‘Self-compassion, self-esteem, and well-being’, Social and Personality Psychology Compass, 5(1), pp. 1–12. https://doi.org/10.1111/j.1751-9004.2010.00330.x

[15] Schore, A.N. (2003) Affect dysregulation and disorders of the self. New York: W. W. Norton & Company.

[16] Silk, J.B. (2007) ‘The adaptive value of sociality in mammals’, Philosophical Transactions of the Royal Society B: Biological Sciences, 362(1480), pp. 539–559. https://doi.org/10.1098/rstb.2006.1994

[17] Tajfel, H. and Turner, J.C. (1979) ‘An integrative theory of intergroup conflict’, in Austin, W.G. and Worchel, S. (eds.) The social psychology of intergroup relations. Monterey, CA: Brooks/Cole, pp. 33–47.

[18] Winnicott, D.W. (1965) The maturational processes and the facilitating environment: Studies in the theory of emotional development. New York: International Universities Press.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

**International Journal of Recent Research in Arts and Sciences**

**ISSN: 1857-8128**

# THE IMPACT OF CYBER-BULLISHING AND EXPOSURE TO INTERNET VIOLENCE ON ELEMENTARY SCHOOL CHILDREN

Andromahi Naumovska, Toni Naumovski, David Naumovski

## Abstract

In the last decade, the digitalization of everyday life has significantly changed the way children interact socially, especially in primary school. At the same time, there has been an increase in cyberbullying and frequent exposure to violent content online. This paper aims to examine the psychological impact of cyberbullying and online violence on the emotional and behavioral development of primary school children. The research was conducted on a sample of 63 students aged 9 to 12.

The results show that children who are exposed to cyberbullying or regularly view violent content show increased levels of depression. There is also a negative impact on self-esteem and academic motivation. Additionally, it is determined that the lack of parental supervision and lack of digital education increases the vulnerability of children.

The conclusion points to an urgent need for systematic educational programs for digital literacy, preventive psychoeducational interventions and intensive involvement of the school, family and institutions in dealing with these contemporary threats to the mental health of children.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ВЛИЈАНИЕТО НА САЈБЕР-МАЛТРЕТИРАЊЕТО И ИЗЛОЖЕНОСТА НА НАСИЛСТВО НА ИНТЕРНЕТ ВРЗ ДЕЦАТА ОД ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

Андромахи Наумовска, Тони Наумовски, Давид Наумовски

## Апстракт

Во последната деценија, дигитализацијата на секојдневниот живот значително го промени начинот на кој децата комуницираат социјално, особено во основно училиште. Во исто време, се забележува зголемување на сајбер-малтретирањето и честа изложеност на насилна содржина на интернет. Целта на овој труд е да се испита психолошкото влијание на сајбер-малтретирањето и онлајн насилството врз емоционалниот и бихејвиоралниот развој на децата од основно училиште. Истражувањето е спроведено на примерок од 63 ученици на возраст од 9 до 12 години.

Резултатите покажуваат дека децата кои се изложени на сајбер-малтретирање или редовно гледаат насилна содржина покажуваат зголемено ниво на депресивност. Исто така, постои негативно влијание врз самодовербата и академската мотивација. Дополнително, се утврдува дека недостатокот на родителски надзор и недостатокот на дигитално образование ја зголемуваат ранливоста на децата.

Заклучокот укажува на итна потреба од систематски образовни програми за дигитална писменост, превентивни психоедукативни интервенции и интензивно вклучување на училиштето, семејството и институциите во справувањето со овие современи закани за менталното здравје на децата.

## Вовед

Емпириските истражувања доследно укажуваат дека сајбер-малтретирањето е поврзано со зголемени нивоа на анксиозност, депресивност, ниска самодоверба и проблеми во социјалното функционирање кај деца од основно училиште (Kowalski et al., 2014; Hamm et al., 2015). Мета-аналитичките наоди покажуваат дека жртвите на онлајн насилство имаат поголем ризик за емоционални тешкотии и бихејвиорални проблеми,

вклучително и агресивност, повлекување и училишна дезадаптација (Gini et al., 2018). Дополнително, изложеноста на насилна интернет содржина е поврзана со десензитизација кон насилство и зголемена веројатност за проблематично однесување, особено кај помали деца со сè уште недоволно развиени саморегулаторни капацитети (Anderson et al., 2017). Истражувањата укажуваат дека сајбер-малтретирањето има поспецифични и понекогаш подлабоки психолошки последици во споредба со традиционалното врсничко насилство, поради неговата континуирана достапност, анонимност и можноста за широка публика (Slonje, Smith & Frisén, 2013). Децата изложени на онлајн насилство често пријавуваат чувство на беспомошност, страв и губење на контролата, што може да доведе до нарушувања во емоционалната регулација и појава на интернализирани симптоми уште во раниот школски период (Patchin & Hinduja, 2018). Истовремено, истражувањата покажуваат дека хроничната изложеност на насилна дигитална содржина може негативно да влијае врз развојот на емпатијата и моралното расудување, зголемувајќи ја толеранцијата кон агресивно однесување (Gentile et al., 2014). Овие ефекти се особено изразени кај деца од основно училиште, поради нивната развојна ранливост и ограничените когнитивни и социјални ресурси за справување со онлајн стресори, што ја нагласува потребата од рана превенција и интервенција во образовниот и семејниот контекст.

Покрај индивидуалните психолошки последици, сè поголемо внимание се посветува и на социјалниот контекст во кој се одвива сајбер-малтретирањето. Онлајн средината овозможува постојана достапност до дигитални содржини и интеракции, што значи дека изложеноста на насилство може да биде континуирана и тешко контролирана. За разлика од традиционалното насилство, дигиталните напади често се случуваат без временски и просторни ограничувања, што дополнително го зголемува чувството на ранливост кај децата.

## Метод

Истражувањето е спроведено на примерок од 63 испитаници на возраст од 9 до 12 години.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

**Користен инструмент- Children's Depression Inventory (CDI-S), од 10 ајтеми, на кои се одговара со 3 избори по ајтем (0–2). Мери тага, безнадежност, ниска самопочит, анхедонија, со релијабилност- Cronbach α ≈ 0.80–0.85. Сите испитаници одговараат и на прашање дали биле жртва на сајбер булинг или не.**

Резултатите се обработени во SPSS.

## Резултати

Во истражувањето се вклучени 63 ученици на возраст од 9 до 12 години, од кои 54.2% машки и 45.8% женски.

| Сајбербулинг | | Frequency | Percent |
|---|---|---|---|
| Valid | да | 31 | 49.2 |
| | не | 32 | 50.8 |
| | Total | 63 | 100.0 |

Депресивност

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Нема с.булинг | Mean | .6250 |
| | | Std. Deviation | .60907 |
| | Има с.булинг | Mean | 4.3548 |
| | | Std. Deviation | .75491 |

| | Sum of Squares | df | Mean Square | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Between Groups | 219.054 | 1 | 219.054 | 467.266 | .000 |
| Within Groups | 28.597 | 61 | .469 | | |
| Total | 247.651 | 62 | | | |

Financial management is one of the most important aspects of business. Financial management refers to the strategic planning, organising, directing, and controlling of financial undertakings in an organisation or institute. Financial management, also includes applying management principles to the financial assets of an organisation, while also playing an important part in fiscal management.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## REFERENCE

[1] Emeritus, (2023), What is Financial Management? Its Nature & Scope – Emeritus, emeritus.org. https://emeritus.org › learn › what-is-financial-managem.

[2] Hayes, A., (2022), What Accounts Receivable (AR) Are and How Businesses Use Them, with Examples, investopedia.com. https://www.investopedia.com ›

[3] Picardo, (2022), Investing Explained: Types of Investments and How To Get Started, investopedia.com. https://www.investopedia.com › ... › Investing Basics.

[4] Sajjan, A., (2023), Introduction to Financial Management – A Complete Guide, mygreatlearning.com.https://www.mygreatlearning.com ›

[5] Strutner, S., (2023), SuiteApp.com, Financial Management Explained: Scope, Objectives, https://www.netsuite.com/portal/resource/articles/

[6] Tuovila, A., (2023), What Is Share Capital? How It Works and Types – Investopedia, investopedia.com. https://www.investopedia.com ›

[7] Vishnu, I., (2023), Financial Instrument - Definition, Understanding, cleartax.in.https://cleartax.in › terms.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# SOCIAL ENGINEERING: HOW ATTACKERS EXPLOIT HUMAN BEHAVIOR

Andromahi Naumovska, Toni Naumovski, David Naumovski

## Abstract

Social engineering is a technique used by cybercriminals that exploits the human factor rather than technical vulnerabilities. The aim of this paper is to examine the psychological mechanisms employed by attackers, identify vulnerability factors, and propose protection strategies. Literature reviews indicate that attackers commonly rely on principles of trust, authority, fear, urgency, and social rewards to manipulate their victims. Empirical studies show that a low level of critical reasoning, poor self-control, and insufficient digital literacy increase susceptibility to phishing and other social engineering attacks. Effective protection requires integrated strategies that combine technical measures with psychologically oriented user education. Therefore, a comprehensive approach that unites technical security measures with user-focused psychological education is essential for mitigating the risks posed by social engineering attacks.

**Keywords:** *social engineering, phishing, psychological mechanisms, human factor, vulnerability*

# СОЦИЈАЛЕН ИНЖЕНЕРИНГ: КАКО НАПАЃАЧИТЕ ГО КОРИСТАТ ЧОВЕКОВОТО ОДНЕСУВАЊЕ

Андромахи Наумовска, Тони Наумовски, Давид Наумовски

## Апстракт

Социјалниот инженеринг претставува техника што ја применуваат сајбер-криминалците со цел експлоатација на човечкиот фактор, наместо искористување на технички слабости во информациските системи. Целта на овој труд е да се разгледаат психолошките механизми што ги користат напаѓачите, да се идентификуваат факторите на

ранливост и да се предложат стратегии за заштита. Прегледот на научната литература покажува дека напаѓачите најчесто се служат со принципите на доверба, авторитет, страв, итност, социјални награди со цел манипулирање на жртвата. Емпириските студии укажуваат дека низок степен на критичко расудување, слаба само-контрола и недоволна дигитална писменост го зголемуваат ризикот од влијание на фишингот и другите форми на социјален инженеринг. Ефикасната заштита бара интегрирани стратегии кои комбинираат технички мерки и психолошки едукации за корисниците. Оттука, ефикасната заштита бара интегриран пристап кој ги обединува техничките безбедносни мерки и психолошки насочената едукација на корисниците.

**Клучни зборови:** *социјален инженеринг, фишинг, психолошки механизми, човечки фактор, ранливост*

## Вовед

Во современото дигитално опкружување, сајбер-криминалците сè почесто го насочуваат своето дејствување кон експлоатација на човечката психа, наместо кон техничките ранливости на информациските системи. Социјалниот инженеринг се дефинира како процес на манипулација на однесувањето и перцепциите на поединците, при што тие доброволно преземаат активности што ја загрозуваат нивната безбедност (Hadnagy, 2018; Mitnick & Simon, 2011). Социјалниот инженеринг ја користи довербата, емоциите, стравот и социјалните норми на жртвата за да ја натера да открие чувствителни информации или да преземе ризични акции (Albladi et al., 2021).

Истражувањата покажуваат дека луѓето често донесуваат одлуки врз основа на брзи когнитивни хеуристики, особено во услови на временски притисок или зголемен стрес користат брзи когнитивни хеуристики и се подложни на манипулација кога се под притисок или стрес (Chiew, Lim, & Tan, 2022). Напаѓачите се прилагодуваат на технолошките напредоци и користат таргетирани фишинг пораки, кои се персонализирани за поединецот и изгледаат доверливо (Khadka, Kim, & Kim, 2023). Овој труд има за цел да ја разгледа психолошката основа на социјалниот инженеринг, факторите на ранливост и превентивните стратегии за заштита на поединци и организации.

ISSN: 1857-8128

Во современиот дигитален екосистем, каде што техничките заштитни механизми стануваат сè пософистицирани, човекот останува најранливата алка во безбедносниот синџир. Токму затоа, социјалниот инженеринг се позиционира како интердисциплинарна закана што ги обединува сајбер-безбедноста, психологијата и бихејвиоралните науки. Разбирањето на психолошките процеси зад донесувањето одлуки е клучно за развој на поефикасни превентивни мерки и одржливи безбедносни политики. Во тој контекст, овој труд има за цел да ја разгледа психолошката основа на социјалниот инженеринг, факторите што придонесуваат за ранливост и можностите за превенција.

Метод

**Во истражувањето се вклучени 65 испитаници, на возраст 18–25 години.**

**Користен е инструмент - Прашалник за критичко размислување (CThQ). Прашалникот е алатка за тестирање на критичко размислување дизајнирана за адолесценти и возрасни. Cronbach's Alpha коефициент на внатрешна конзистентност е 0,87. Се состои од 25 ајтеми, кои овозможуваат проценка на критичкото размислување во 6 субскали: запомнување, разбирање, примена, анализа, евалуација и креирање, како и вкупен резултат во однос на критичкото размислување.**

**Испитаниците одговараат и на прашање дали до сега биле изложени на симулирани фишинг пораки и дали донеле одлука да кликнат или не на пораката. Изборот на примерокот и инструментот овозможува релевантна проценка на врската помеѓу критичкото размислување и однесувањето при изложеност на напади од социјален инженеринг. Возрасната група 18–25 години е особено значајна, бидејќи претставува популација со висока дигитална изложеност и честа интеракција со онлајн комуникациски платформи.**

**Анализата на податоците е извршена со помош на SPSS.**

Резултати

Во истражувањето се вклучени 65 испитаници, на возраст 18–25 години, од кои 30 жени, 35 мажи.

| пораки_fishing | | Запомну-вање | Разби-рање | При-мена | Ана-лиза | Евалуа-ција | Креи-рање | Критичко разми-слување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Не клика | M | 9.2286 | 13.2000 | 13.2000 | 17.4857 | 13.1143 | 18.7429 | 84.9714 |
| | SD | .94202 | 1.02326 | 1.02326 | 1.01087 | .93215 | 1.26823 | 3.20373 |
| Клика | M | 4.9333 | 8.3667 | 8.1667 | 11.9667 | 8.3667 | 13.5000 | 55.3000 |
| | SD | 1.04826 | 1.06620 | .83391 | 1.03335 | 1.06620 | 1.43238 | 3.75224 |

## ANOVA

| | | Sum of Squares | df | Mean Square | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| запомнување | Between Groups | 298.023 | 1 | 298.023 | 302.644 | .000 |
| | Within Groups | 62.038 | 63 | .985 | | |
| | Total | 360.062 | 64 | | | |
| разбирање | Between Groups | 377.372 | 1 | 377.372 | 346.734 | .000 |
| | Within Groups | 68.567 | 63 | 1.088 | | |
| | Total | 445.938 | 64 | | | |
| примена | Between Groups | 409.249 | 1 | 409.249 | 462.331 | .000 |
| | Within Groups | 55.767 | 63 | .885 | | |
| | Total | 465.015 | 64 | | | |
| анализа | Between Groups | 492.044 | 1 | 492.044 | 471.755 | .000 |
| | Within Groups | 65.710 | 63 | 1.043 | | |
| | Total | 557.754 | 64 | | | |
| евалуација | Between Groups | 364.106 | 1 | 364.106 | 366.963 | .000 |
| | Within Groups | 62.510 | 63 | .992 | | |
| | Total | 426.615 | 64 | | | |
| креирање | Between Groups | 444.030 | 1 | 444.030 | 244.986 | .000 |
| | Within Groups | 114.186 | 63 | 1.812 | | |
| | Total | 558.215 | 64 | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| критичко_размислување | Between Groups | 14221.744 | 1 | 14221.744 | 1183.156 | .000 |
| | Within Groups | 757.271 | 63 | 12.020 | | |
| | Total | 14979.015 | 64 | | | |

## Дискусија

Социјалниот инженеринг претставува една од најуспешните стратегии на сајбер-криминалците, кои го експлоатираат човечкиот фактор, за да добијат неовластен пристап до податоци или системи. Овој пристап се базира на манипулација на однесувањето, перцепциите и емоциите на жртвата, принудувајќи ја да дејствува во сопствена штета (Hadnagy, 2018; Mitnick & Simon, 2011). Напаѓачите користат фишинг, вишинг, физички пристап (tailgating) и социјални мрежи за да создадат доверливи, но лажни ситуации (Albladi et al., 2021).

Резултатите од ова истражување ја потврдуваат клучната улога на психолошките фактори во ранливоста на нападите од социјален инженеринг, особено фишинг е-пошта. Испитаниците со повисоки вредности на критичко расудување покажаа значително помала подложност кон кликнување на измамнички пораки. Овие наоди се во согласност со претходни истражувања кои покажуваат дека дигиталната писменост, критичкото расудување и емоционалната самоконтрола се силни заштитни фактори против нападите од социјален инженеринг–(Parsons, McCormac, Butavicius, Pattinson, & Jerram, 2014; Workman, 2008;). Резултатите потврдуваат дека психолошките фактори, како безбедносни навики, критичко расудување и само-контрола, значително влијаат на ранливоста кон фишинг. Тие резултати се во согласност со (Hadnagy 2018, Mitnick & Simon 2011, Parsons et al. 2015, и Khadka et al. 2023).

Конкретно, принципите на доверба и авторитет, како што ги опишува Mitnick & Simon (2011), се од клучно значење за успешноста на напаѓачите. Жртвите имаат тенденција автоматски да ги следат упатствата од лица кои изгледаат легитимно или авторитетно, што го зголемува ризикот од откривање на чувствителни информации. Истражувањата на Hadnagy (2018) дополнително покажуваат дека овие манипулативни

техники се потпираат на когнитивни кратенки, односно *heuristics*, кои луѓето ги користат за да донесат брзи одлуки. Кога се под притисок или стрес, овие кратенки го намалуваат вниманието и критичкото расудување, што го зголемува ризикот од манипулација (Chiew, Lim, & Tan, 2022).

Резултатите исто така покажуваат дека само-контролата е значаен индикатор на ранливост. Испитаниците со ниска способност за одложено задоволство и импулсивни реакции почесто кликаат на фишинг пораки. Овој наод е во согласност со Tangney et al. (2004), кои укажуваат дека ниската само-контрола е поврзана со зголемена подложност на ризични ситуации и импулсивно однесување. Во контекст на социјалниот инженеринг, ова значи дека емоционалната регулација и способноста за одложување на реакција се критични за заштита на корисниците.

Принципите на социјално докажување, сличност и пријателство дополнително ја објаснуваат ефективноста на социјалниот инженеринг. Според Khadka, Kim и Kim (2023), насочените фишинг пораки (spear phishing) користат информации за поединецот за да создадат доверлив и персонализиран контекст, што го намалува сомнежот и ја зголемува успешноста на нападот. Ова се потврдува и со Albladi, Alqahtani и Alhothali (2021), кои истакнуваат дека напаѓачите користат човечки емоции и социјални норми за да ги мотивираат жртвите да дејствуваат во нивна корист.

Од практична перспектива, овие наоди укажуваат на тоа дека едукативни интервенции и обуки за корисници се клучни и неопходни. Потребно е да се развијат стратегии кои не само што ја зголемуваат техничката писменост, туку и критичкото расудување, емоционалната регулација и свесноста за психолошките трикови што ги користат напаѓачите (Hadnagy, 2018; Mitnick & Simon, 2011). Parsons et al. (2014) препорачуваат интегрирани програми кои комбинираат симулации на напади, анализа на ризик и развој на безбедносни навики како најефективни за намалување на ранливоста.

Заклучно, ова истражување ја потврдува важноста на човечкиот фактор во сајбер-безбедноста. Иако техничките заштитни механизми се неопходни, тие не се доволни доколку не се надополнети со развој на когнитивните и психолошките капацитети на корисниците.

## Препораки

Систематските прегледи на литературата препорачуваат интегрирани стратегии за одбрана**,** кои вклучуваат:

1. Едукација насочена кон човечкото однесување и критичко расудување.
2. Развој на дигитални и безбедносни вештини за проценка на легитимност на пораки.
3. Континуирани обуки за препознавање на техниките на социјален инженеринг и практична вежба (Mitnick & Simon, 2011; Workman, 2008; Hadnagy, 2018).

Овие мерки се клучни за намалување на ранливоста на поединците и организациите кон современи, персонализирани и адаптивни напади од социјален инженеринг.

## Референци

[1] Albladi, S., Alqahtani, F., & Alhothali, G. (2021). *Social engineering attacks: A review of phishing and human behavior exploitation.* Cybersecurity, 4(1), 12. https://doi.org/10.1186/s42400-021-00094-6

[2] Chiew, K. L., Lim, S. H., & Tan, K. H. (2022). *Time pressure and cognitive load in phishing email detection: Evidence from experimental data.* Computers & Security, 114, 102623. https://doi.org/10.1016/j.cose.2022.102623

[3] Cialdini, R. B. (2009). *Influence: Science and practice* (5th ed.). Pearson Education.

[4] Hadnagy, C. (2018). *Social engineering: The science of human hacking* (2nd ed.). Wiley.

[5] Khadka, R., Kim, H., & Kim, J. (2023). *Exploiting human behavior in social engineering attacks: A review.* arXiv:2412.18488. https://arxiv.org/abs/2412.18488

[6] Mitnick, K. D., & Simon, W. L. (2011). *The art of deception: Controlling the human element of security.* Wiley.

[7] Parsons, K., McCormac, A., Butavicius, M., Pattinson, M. and Jerram, C. (2014) Determining Employee Awareness Using the Human Aspects of Information Security

Questionnaire (HAIS-Q). *Computers & Security*, 42, 165-176. https://doi.org/10.1016/j.cose.2013.12.003

[8] Tangney, J. P., Baumeister, R. F., & Boone, A. L. (2004). High self-control predicts good adjustment, less pathology, better grades and interpersonal success. Journal of Personality, 72, 271-324. http://dx.doi.org/10.1111/j.0022-3506.2004.00263.x

[9] Workman, M. (2008). *Wisecrackers: A theory-grounded investigation of phishing and pretext social engineering threats to information security*. Journal of the American Society for Information Science and Technology, 59(4), 662–674. https://doi.org/10.1002/asi.20760

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

**International Journal of Recent Research in Arts and Sciences**

**ISSN: 1857-8128**

# COMPARATIVE ASPECTS OF TRANSITIONAL JUSTICE IN THE COUNTRIES OF THE FORMER YUGOSLAVIA AND IN CENTRAL AND EASTERN EUROPE

*Marjan Madjovski, PhD*

*Email:marjanmadjovski@gmail.com*

## Abstract

Transition justice in the states that emerged from the former Yugoslavia was primarily focused on "addressing mass war crimes," in a context of ethnic divisions and fragile states. Given that these countries had what could be described as a relatively soft form of socialism and a state that had been internationally well-established and respected state, their ideological and overall separation from the legacy of the former regime was, in some ways, more difficult. On the other hand, transitional justice in the countries of Central and Eastern Europe was oriented toward "decommunization and institutional purification," in a relatively stable and peaceful context, and the break with the past was categorical and relatively easier. However, despite the stable context, the process of purification there was also selective and had the character of symbolic decommunization.

Although both regions emerged from a socialist legacy, the nature of their transitions created fundamentally different models: in Central and Eastern Europe there was a legal and institutional transformation, whereas in the states that emerged from the former Yugoslavia there was judicial accountability, some degree of political reconciliation occurred, while memorial conflicts remained unresolved. Although both regions share a socialist legacy, their transitional justice developed within fundamentally different legal and political paradigms.

**Keywords*:*** *transitional justice, mass war crimes, decommunization, lustration and fact-finding commissions*

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# СПОРЕДБЕНИ АСПЕКТИ НАТРАНЗИЦИОНАТА ПРАВДА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА И ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА

*Д-р Марјан Маџовски*

*Email:marjanmadjovski@gmail.com*

**Апстракт**

Транзиционата правда во државите кои произлегоа од поранешна Југославија беше насочена кон „адресирање на масовни воени злосторства“, во услови на етничка поделба и кревки држави. Со оглед дека во овие држави имаше условно речено мек социјализам и држава која беше меѓународно афирмирана, нивното идеолошко и севкупно одвојување од наслествoто на поранешниот режим на некој начин беше и потешко. Од друга страна, транзиционата правда во земјите на Централна и Источна Европа беше насочена кон „декомунизација и институционално прочистување“, во релативно стабилен и мирен контекст, а расчистувањето беше со минатото беше категорично и релативно лесно. Но и покрај стабилниот контекст и таму прочистувањето беше селективно, и имаше карактер на симболична демокунизација.

Иако двата региона произлегуваат од социјалистичко наследство, природата на нивните транзиции создаде суштински различни модели во Централна и Источна Европа дојде до правна и институционална трансформација, а во државите кои произлегоа од поранешна Југославија се случи судска одговорност, дојде до некое политичко помирување, а меморијалните конфликти останаа нерешени. Иако двата региона делат социјалистичко наследство, нивната транзициона правда се разви во суштински различни правно-политички парадигми.

**Клучни зборови***: транзициона правда, масовни воени злосторства, декомунизација, лустрација и комисии за утврдување факти*

ISSN: 1857-8128

## Вовед

Транзиционата правда претставува збир на правни, политички и општествени механизми преку кои едно општество се соочува со масовни повреди на човековите права по период на авторитарен режим или вооружен конфликт. Таа не е класична гранка на правото, туку интердисциплинарно поле што ги поврзува меѓународното право, политичката теорија, социологијата, антропологијата и студиите на меморија.

Теоријата најчесто ги групира механизмите на транзиционата правда во четири категории: кривичен прогон (меѓународен или домашен); комисии за вистина и утврдување факти; институционални реформи и лустрација/ветинг; и репарации и меморијализација.

Во теоретска смисла, транзиционата правда се развива во 1980-тите и 1990-тите години, најпрво во контекст на транзициите во Латинска Америка и Источна Европа. Еден од клучните автори е Ruti Teitel, која ја дефинира транзиционата правда како „право во време на политичка промена", нагласувајќи дека правните механизми во транзиција имаат и симболична и конститутивна функција – тие не само што санкционираат, туку и создаваат нов политички и морален поредок. Priscilla B. Hayner ја развива теоријата на комисии за вистина, истакнувајќи дека утврдувањето на фактите и јавното признавање на страдањата се суштински за демократска консолидација. Според неа, вистината има и терапевтска и политичка вредност. Од друга страна, Jon Elster пристапува кон транзиционата правда од перспектива на рационален избор и политички компромис, укажувајќи дека одлуките за амнестија, лустрација или судење често се резултат на рамнотежа на моќ, а не исклучиво на морални принципи. Во поновата литература, Martha Minow нагласува дека транзиционата правда се движи „помеѓу одмаздата и простувањето", при што општествата мора да најдат рамнотежа меѓу казнување и социјална кохезија.

Постјугословенскиот простор претставува специфичен случај во теоријата на транзиционата правда, бидејќи транзицијата кон демократија се одвиваше паралелно со војна. Eric Gordy анализира како општествата во Србија и регионот избегнуваат директно

соочување со одговорноста, преку стратегии на негирање и пренасочување на вината. Jelena Subotić во своите трудови (особено за „hijacked justice“) тврди дека соработката со Хашкиот трибунал често била инструментална – мотивирана од надворешни притисоци (ЕУ интеграции), а не од внатрешна посветеност кон соочување со минатото. Таа го воведува концептот на „кражба на правдата“, кога елитите формално исполнуваат обврски, но го задржуваат националистичкиот наратив. Vesna Pešić и други регионални автори укажуваат на слабата политичка волја за лустрација и на континуитетот на елитите од 1990-тите. Во босанскиот контекст, бројни автори анализираат како етничката поделба го ограничува создавањето заедничка меморија и ја фрагментира правдата. Истражувањата за меморијализација и култура на сеќавање покажуваат дека правните пресуди не нужно создаваат општествен консензус.

Првиот тематски документ за транзиционата правда за поранешна Југославија од Советот на Европа е документот кој е изготвен во 2012 година насловен „Повоена правда и траен мир во поранешна Југославија - Тематски извештај на Комесарот на Советот на Европа за човекови права“.[8] Согласно овој тематски документ распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија беше обележан со разорни војни во 1990-тите и раните 2000-ти. Се случија три големи војни: во Хрватска (1991-1995), Босна и Херцеговина (1992-1995) и Косово (1998-1999). Имаше два конфликти од помал обем во Словенија (јуни-јули 1991 година) и Северна Македонија (во тоа време беше „поранешна југословенска Република Македонија“) (јануари-август 2001 година).

Една деценија после овој прв тематски документ на оваа тема, во 2023 година е изготвен нов документ насловен „Справување со минатото за подобра иднина - Постигнување на правда, мир и социјална кохезија во регионот на поранешна Југославија“, кој го анализира постигнатиот напредок, како и недостатоците во процесите за соочување со минатото во регионот.[9] Документот исто така ги анализира факторите кои ги попречуваат процесите и позитивните ефекти на транзициската правда во регионот.

[8]https://rm.coe.int/post-war-justice-and-durable-peace-in-the-former-yugoslavia-issue-pape/16806da71f Тематските извештаи ги објавува Комесарот за човекови права, како придонес во дебатата и размислувања за важни актуелни прашања за човековите права. Многу од нив содржат и препораките на Комесарот за решавање на констатираните проблеми.
[9] https://rm.coe.int/issue-paper-on-transitional-justice-dealing-with-the-past-for-a-better/1680ad5eb5

Документот елаборира дека справувањето со раните од минатото настанати од тешките повреди на човековите права не значи само осврт кон минатото, туку е неопходен предуслов за подобра сегашност и иднина, засновани врз почитувањето на човековите права и владеењето на правото.

## 1. Клучни прашања и дилеми во регионот

Во постјугословенскиот контекст, доминантен механизам беше кривичниот прогон преку Меѓународен кривичен трибунал за поранешна Југославија. Овој модел ја засили т.н. „јуридизација" на транзицијата – префрлање на моралните и политичките прашања во судска рамка.

Постјугословенското искуство отвори неколку важни теоретски прашања:

- Дали меѓународната правда може да создаде локална легитимност?
- Дали судските процеси придонесуваат за помирување или ја продлабочуваат етничката поларизација?
- Дали транзиционата правда е можна без минимален политички консензус за фактите?

Искуството на регионот покажува дека правдата не е доволна сама по себе. Без паралелен процес на образовни реформи, јавен дијалог и критичка култура на сеќавање, судските пресуди остануваат правно валидни, но општествено спорни. Транзиционата правда ја нагласуваат напнатоста меѓу право и политика, меѓу морал и прагматизам. Поранешна Југославија претставува еден од најважните лабораториски случаи за ова поле: регион каде што меѓународната кривична правда беше интензивно применета, но каде општественото помирување останува ограничено. Оттука, постјугословенското искуство не само што ја применува транзиционата правда, туку и ја преиспитува – покажувајќи дека правдата во транзиција е долгорочен, контроверзен и длабоко политички процес.

Распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во раните 1990-ти години претставуваше еден од најдраматичните политички и безбедносни пресврти во современа Европа. Наместо мирна транзиција од еднопартиски систем кон плурализам, федерацијата се распадна преку серија вооружени конфликти – во Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина и подоцна во Косово – проследени со етничко чистење, масовни злосторства и длабоки општествени трауми.

Во таков контекст, транзиционата правда во регионот доби специфична форма. За разлика од централноевропските држави, каде доминираа лустрацијата и отворањето на тајните досиеја од комунистичките служби, во постјугословенскиот простор тежиштето беше ставено на: кривичен прогон на воени злосторства; соочување со минатото преку меѓународни и домашни судови; обиди за регионално помирување; политики на меморијализација (паметење); и ограничени и често контроверзни процеси на лустрација и ветинг.

Клучна улога имаше Меѓународен кривичен трибунал за поранешна Југославија (МКТЈ), основан во 1993 година од Советот за безбедност на ООН. Тој подигна обвиненија против политички и воени лидери од сите страни во конфликтите, вклучително и поранешниот претседател на Србија и Сојузна Република Југославија, Слободан Милошевиќ, како и лидери од Хрватска и Босна и Херцеговина. Иако Трибуналот создаде значајна судска пракса, неговото делување често беше доживувано како наметнато и политички пристрасно, што ја намали неговата легитимност во очите на дел од јавноста.

За разлика од кривичниот прогон, лустрацијата – како систематско отстранување на поранешни функционери од комунистичкиот режим – во регионот беше ограничена и нерамномерна. Причините лежат во фактот што новите елити често беа директен континуитет на старите структури, како и во тоа што прашањето на воената одговорност го засени прашањето на комунистичкото минато.

Помирувањето и културата на сеќавање останаа најконтроверзниот сегмент. Наместо заеднички наратив за страдањата, во повеќето држави се развија етноцентрични

ISSN: 1857-8128

меморијални политики, во кои „сопствените жртви“ се централни, а одговорноста за злосторствата често се релативизира.

## 2. Тразиционата правда во секоја од постјуголовенските држави

### 2.1. Словенија

Словенија имаше краток и релативно малку крвав конфликт (десетдневната војна, 1991). Поради тоа, прашањето на воени злосторства не беше централно. Наместо тоа, транзиционата правда се фокусираше на: отворање на архивите на поранешната тајна служба; дебати околу лустрацијата (без системски спроведен процес) и истражување на масовните гробници од периодот по Втората светска војна.

Лустрацијата никогаш не беше спроведена во класична форма, делумно поради политички компромиси во раните 1990-ти.

### 2.2 Хрватска

Во Хрватска, транзиционата правда беше длабоко поврзана со војната (1991–1995). МКТЈ покрена обвиненија против хрватски генерали, што предизвика силни политички реакции. Домашните судови водеа постапки за воени злосторства, но селективноста често беше предмет на критика.

Лустрација во однос на комунистичкиот период практично немаше. Меморијалната политика доминирано ја нагласуваше „Татковинската војна“ како одбранбена и ослободителна, што го отежна критичкото преиспитување на сопствените злосторства.

### 2.3 Босна и Херцеговина

Босна и Херцеговина е најкомплексниот случај. Со оглед на размерите на злосторствата, тука транзиционата правда беше најинтензивна: масовни процеси пред

МКТЈ; воспоставување на Оддел за воени злосторства во рамки на Судот на БиХ; и програми за враќање на раселените лица.

Сепак, етничката поделеност на политичкиот систем доведе до паралелни и спротивставени наративи за војната. Помирувањето останува ограничено, а негирањето на геноцидот во Сребреница е постојан извор на политички тензии.

## 2.4 Србија

Во Србија, прашањето на соочување со минатото беше тесно поврзано со падот на режимот на Слободан Милошевиќ во 2000 година. Србија соработуваше со МКТЈ и испорача повеќе обвинети лица.

Формирани беа специјализирани обвинителства за воени злосторства. Сепак, општествената дебата остана поларизирана, а дел од осудените лица се третираат како херои во националистичкиот дискурс.

Лустрацијата беше предвидена со закон (2003), но никогаш суштински не беше спроведена.

## 2.5 Црна Гора

Црна Гора немаше војна на своја територија, но нејзини државјани учествуваа во конфликтите, особено во нападот на Дубровник. Имаше ограничени судски постапки, но тие често беа критикувани како недоволни.

Не беше спроведена системска лустрација. Политичкиот континуитет од 1990-тите до скоро го отежна темелното соочување со минатото.

## 2.6 Република Северна Македонија

Во Република Македонија, вооружениот конфликт од 2001 година заврши со Охридски рамковен договор, кој претставуваше политички модел на помирување преку уставни измени и проширување на правата на заедниците.

Земјата спроведе процес на лустрација (2008–2015), насочен кон соработниците на поранешните тајни служби. Процесот беше силно политизиран и подоцна оценет како проблематичен од аспект на човековите права.

Во однос на воените злосторства од 2001 година, дел од предметите беа вратени од МКТЈ, но беа затворени поради амнестија, што и денес е предмет на контроверзии.

## 2.7 Косово

Во поранешната автономна покраина Косово и Метохија, односно по прогласување на независноста Република Косово, транзиционата правда беше под силно меѓународно влијание (УНМИК, ЕУЛЕКС). Основани се и специјализирани совети во Хаг за злосторства поврзани со поранешната ОВК.

И покрај тоа, општеството останува длабоко поделено по етничка линија, а помирувањето меѓу албанската и српската заедница е ограничено.

Може да се заклучи дека транзиционата правда во постјугословенскиот простор е процес без јасен крај. Додека кривичниот прогон – особено преку МКТЈ – создаде значајна правна архива и индивидуализирана одговорност, лустрацијата остана ограничена, а вистинското општествено помирување недовршено. Наместо заедничка култура на сеќавање, регионот и понатаму живее со паралелни вистини. Оттука, транзиционата правда на просторот на поранешна Југославија не е само правно прашање, туку длабоко политички и идентитетски процес – кој сè уште трае.

# 3. Постјугословенскиот модел на транзициона правда наспроти Централна и Источна Европа (ЦИЕ)

## 3.1 Историски контекст: војна наспроти мирна транзиција

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Најдлабоката разлика произлегува од природата на транзицијата. Во Централна и Источна Европа (Полска, Чешка, Унгарија, Источна Германија), транзицијата од комунистички режим кон плуралистичка демократија беше главно „мирна и институционално континуирана“, без меѓудржавни или внатрешни војни.

Во постјугословенскиот простор, распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија беше проследен со вооружени конфликти, етничко чистење и масовни злосторства. Оттука, фокусот на транзиционата правда се префрли од комунистичкото минато кон „воените злосторства од 1990-тите“.

Во оваа смисла може да се заклучи дека во Централна и Источна Европа процесот се одвиваше во насока на транзиција од авторитаризам кон демократија, а во постјугославенските држави процсот се одвиваше во насока транзиција, распад на државата и војна.

### 3.2 Главен механизам: лустрација наспроти кривичен прогон

Во Централна и Источна Европа доминираше „лустрацијата“ и отворањето на архивите на тајните служби. Така, во Полска се одвиваше проверка на јавни функционери и институционална лустрација. Во Чешка – строг лустрациски закон од раните 1990-ти. А во Германија (во делот на поранешна ГДР) се спроведе отворање на архивите на Штази и силен модел на документарна транспарентност. Кривични процеси против комунистички функционери беа ограничени и ретки.

Во постјугословенски држави, како што беше погоре наведено, доминираше „меѓународниот и домашниот кривичен прогон“ на воени злосторства, пред сè преку Меѓународен кривичен трибунал за поранешна Југославија.

Лустрацијата практично немаше, а само во Република Македонија се спроведе процес кој наиде на доста отпор и заврши контравезно.

Така што, може да се заклучи дека во Централна и Источна Европа се спроведе релативно успешен процес институционално прочистување од комунистички кадри, а во

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

државите од поранешна Југославија доминираше судска одговорност за воени злосторства.

### 3.3 Односот кон минатото: комунистички режим vs. етнички конфликт

Во Централна и Источна Европа постоеше релативен консензус дека комунистичкиот режим бил недемократски и репресивен. Иако имаше политички дебати, постоеше заедничка основа за дистанцирање од минатото. Во постјугословенските држави, пак, конфликтите од 1990-тите создадоа „конкурентни етнички наративи“. Наместо единствена осуда на минатото, се појавија: селективни меморијални политики; негирање или релативизирање на злосторства и хероизација на осудени лица во одредени средини.

Може да се заклучи дека во Централна и Источна Европа се случи транзиција на режимска, а во државите од поранешна Југославија се одигра конфликтна и идентитетска транзиција.

### 3. 4 Улогата на меѓународниот фактор и ефекти врз демократијата

Во ЦИЕ, процесите беа главно „домашно управувани“, со поддршка од ЕУ, но без наметнати меѓународни судови. Во постјугословенскиот простор, меѓународната заедница имаше директна и институционална улога: МКТЈ; меѓународни мисии во Босна и Косово и условување преку европската интеграција. Ова доведе до феноменот што некои автори го опишуваат како „екстернализирана правда“ – правда што доаѓа однадвор, а не произлегува од внатрешен консензус.

Што се однесува до ефектот врз демократијата, во ЦИЕ лустрацијата придонесе за симболична дистанца од минатото; институциите беа релативно брзо стабилизирани; и постоеше поголема правна континуитетност. Во ЦИЕ се појави парадокост да лустрацијата понекогаш создаваше политички реваншизам, но немаше масовно насилно наследство што ќе го блокира помирувањето.

Во постјугословенските држави: судските процеси создадоа правна документација за злосторствата. Но тое не секогаш доведе до општествено помирување. Од своја страна, етничката поларизација често ја поткопуваше легитимноста на правдата. И покрај најобемниот меѓународен кривичен трибунал по Нирнберг, помирувањето останува ограничено.

## 4. Компаративен заклучок: две транзициски парадигми

Транзиционата правда во постјугословенските држави и во Централна и Источна Европа се развиваше во суштински различни историски и политички услови, што доведе до формирање на две различни парадигми на соочување со минатото.

Во државите од Централна и Источна Европа, транзицијата претставуваше премин од авторитарен комунистички режим кон плуралистичка демократија, без истовремена ескалација на меѓуетнички војни. Оттука, транзиционата правда имаше првенствено институционален и симболичен карактер: лустрација, отворање на архивите и јавно разобличување на репресивниот апарат. Во земји како Чешка, Полска и обединета Германија (во делот на поранешна ГДР), лустрацијата служеше како механизам за воспоставување морална и институционална дистанца од минатиот режим. Иако не беше лишена од политички контроверзии, таа генерално се одвиваше во услови на релативен општествен консензус дека претходниот систем бил недемократски.

Наспроти тоа, постјугословенскиот простор се соочи со распад на Социјалистичка Федеративна Република Југославија проследен со вооружени конфликти и масовни злосторства. Транзицијата кон демократија не беше само режимска трансформација, туку истовремено и процес на државно осамостојување, изградба на нови идентитети и постконфликтна стабилизација. Во такви услови, тежиштето на транзиционата правда се префрли од декомунизација кон кривична одговорност за воени злосторства, најманифестно преку работата на Меѓународен кривичен трибунал за поранешна Југославија.

ISSN: 1857-8128

Овој модел доведе до создавање обемна судска документација и до индивидуализација на одговорноста, што претставува значаен придонес кон меѓународното кривично право. Сепак, за разлика од централноевропските случаи, правната правда не секогаш резултираше со општествено помирување. Во повеќе држави се појавија конкурентни етнички наративи, селективни меморијални политики и периодични политички рехабилитации на осудени актери. Така, правдата често остана правно валидна, но општествено спорна.

Дополнителна разлика се огледа во улогата на меѓународниот фактор. Додека во Централна и Источна Европа процесите беа претежно домашно управувани, во постјугословенскиот контекст меѓународната заедница имаше директна институционална улога. Ова создаде перцепција на „екстернализирана правда“, што во одредени средини ја намали локалната легитимност на процесите.

Оттука, може да се говори за две различни транзициски логики:

- **Централноевропски модел**: институционално прочистување и симболична декомунизација во услови на мирна трансформација;
- **Постјугословенски модел**: кривична одговорност за масовни злосторства во услови на постконфликтна фрагментација и идентитетска поларизација.

Искуството на двата региона покажува дека транзиционата правда не е универзален шаблон, туку контекстуално условен процес. Таму каде што транзицијата се одвива во мир, приоритет добива институционалната реформа; таму каде што транзицијата следи по војна, доминира ретрибутивната правда. Но во двата случаи останува истата централна дилема: како да се воспостави демократска легитимност без да се жртвува правната сигурност и општествената кохезија.

Централна и Источна Европа претставуваат модел на **„транзиција од режим“**, каде што главната цел беше прочистување на институциите и симболична декомунизација. Постјугословенските држави претставуваат модел на **„транзиција од војна“**, каде што приоритет беше кривичната одговорност и стабилизацијата на мирот, додека лустрацијата остана периферна или контроверзна.

Може да се заклучи дека успехот на транзиционата правда не зависи само од изборот на механизми (лустрација или судење), туку од степенот на општествен консензус, институционалниот капацитет и способноста на политичките елити да ја претворат правдата во заеднички, а не во поделбен проект.

## Литература


[1] United Nations, Report of the Secretary General on the Rule of Law and Transitional Justice in conflict and post-conflict societies, S/2004/616, 2004.

[2] UN Special Rapporteur on the promotion of truth, justice, reparation and guarantees of non-recurrence, "Accountability: Prosecuting and punishing gross violations of human rights and serious violations of international humanitarian law in the context of transitional justice processes", Doc. A/HRC/48/60, 9 July 2021; see also ICRC, Practice relating to Règle 158 - prosecution of War Crimes.

[3] ICTY, Statute of the International Tribunal for the Prosecution of Persons Responsible for Serious Violations of International Humanitarian Law Committed in the Territory of the Former Yugoslavia since 1991, 25 May 1993.

[4] The International Residual Mechanism for Criminal Tribunals, Progress Report, S/2022/866, 17 November 2022, para. 10.

[5] Authentic Interpretation of the Amnesty Law, Official Gazette of the Republic of Macedonia, Doc. No. 99, 2011.

[6] 165. ECRI, Fifth Report on North Macedonia, 2016, para. 15.

[7] OSCE, War Crimes Case Processing in Bosnia and Herzegovina (2004-2021), 2022.

[8] UN Special Rapporteur on the promotion of truth, justice, reparation and guarantees of non-recurrence, Report from the visit to Croatia, A/HRC/51/34/Add.1, July 2022.

[9] UN Special Rapporteur on the promotion of truth, justice, reparation and guarantees of non-recurrence, Preliminary Observations from the visit to Serbia and Kosovo, December 2022; Council of Europe Commissioner for Human Rights, Report following the visit to Serbia from 13-17 March 2023, 2023.

[10] See Humanitarian Law Centre Kosovo, 2022 Annual report together with previous annual reports, 2022.

[11] Human Rights Action, Implementation of the War Crimes Investigation Strategy of the State Prosecutor's Office of Montenegro (2015-2021), 2021, p. 5.

[12] In 2003, Croatia created four specialised war crimes chambers and special police departments in the county courts of Osijek, Rijeka, Split and Zagreb, along with specialised war crimes sections in the relevant state attorney's offices. In 2003, Serbia also established a War Crimes Chamber in the Higher Court in Belgrade and a War Crimes Prosecutor's Office. In 2005, a special War Crimes Chamber began work at the State Court of Bosnia and Herzegovina and a specialised section dealing with war crimes was established in the State Prosecutor's Office. In 2008, the Department for the Suppression of Organised Crime, Corruption, Terrorism and War Crimes was established under the Supreme State Prosecutor in Montenegro. See, for example, Council of Europe Commissioner for Human Rights Report following the visit to Croatia from 25 to 29 April 2016, 2016, p.8; Report following the visit to Montenegro from 17 to 20 March 2014, 2014, pp. 6-7; Report following the visit to Bosnia and Herzegovina from 27 to 30 November 2010, 2011, pp. 26-27; Report following the visit to Serbia from 16 to 20 March 2015, 2015, p. 5.

[13] See Perriello T. and Wierda M., International Centre for Transitional Justice, Lessons from the Deployment of International Judges and Prosecutors in Kosovo, 2006.

[14] Council of Europe Commissioner for Human Rights, Memorandum on the mission to Kosovo from 30 May to 3 June 2022, 2022, para. 28; Council of Europe Commissioner for Human Rights, Memorandum on the mission to Kosovo from 5 to 9 January 2017, para. 17.

[15] Human Rights Advisory Panel, History and Legacy Kosovo, 2007-2016, June 2016.

[16] See, for example, ICTJ, The War Crimes Chamber in Bosnia and Herzegovina: From Hybrid to Domestic Court | International Centre for Transitional Justice, 2008; Human Rights Watch, Bosnia: Key Lessons From War Crimes Prosecutions, 2012.

[17] UN Special Rapporteur on the promotion of truth, justice, reparation and guarantees of non-recurrence, Report from the visit to Bosnia and Herzegovina, 2022, para. 40.

[18] International Commission on Missing Persons, Missing Persons from the conflicts of the 1990s in the former Yugoslavia and their aftermath – A Stocktaking: Bosnia and Herzegovina, Croatia, Kosovo, 2021.

[19] Bosnia and Herzegovina in 2004, at the time it was the first country in the world to adopt such a law, Kosovo in 2011 and Croatia in 2019, in Serbia a draft law on missing persons is currently under preparation. See Council of Europe Commissioner for Human Rights, Report following the visit to Serbia from 13 to 17 March 2023, 2023.

[20] ICMP, Bosnia and Herzegovina - Missing persons from the armed conflicts of the 1990s: A Stocktaking, 2014.

[21] ECRI, Third Report on Bosnia and Herzegovina, 2017; ECRI, Third Report on Serbia, 2017; ECRI, Second Report on Montenegro, 2017; ECRI, Fifth Report on Croatia, 2018; ECRI, Third Report on Serbia, 2017; ECRI, Sixth Report on North Macedonia, 2023.

[22] Balkan Insight, Hate speech and disinformation fuel digital rights abuses in Balkans, 2023; Human Rights House Zagreb, Human Rights in Croatia Overview 2019, 2020; Mirovni Institute, Comparative Overview on Hate Narratives in the Western Balkans and in Turkey, 2021; Macedonian Helsinki Committee, White Paper on the situation with hate speech, 2015.

[23] Council of Europe Commissioner for Human Rights, Report following the visit to "the former Yugoslav Republic of Macedonia" from 26 to 29 November 2012, 2013, paras. 27-34.

[24] Bosnia and Herzegovina, Croatia, North Macedonia and Serbia are among the top-ranking countries with the largest brain drain in the world, according to the Global Competitiveness Report released by the World Economic Forum. According to the Balkan Barometer 2022, 67% of Western Balkan youth are thinking about leaving and working abroad.

[25] Advisory Committee on the Framework Convention on National Minorities, Fourth Opinion on "the former Yugoslav Republic of Macedonia", 2016.

[26] At the time of writing, North Macedonia, Serbia and Slovenia are members of the Observatory on History teaching in Europe, see https://www.coe.int/en/web/observatory-history-teaching/member-states.

[27] https://rm.coe.int/post-war-justice-and-durable-peace-in-the-former-yugoslavia-issue-pape/16806da71f Post-war justice and durable peace in the former Yugoslavia Issue Paper by the Council of Europe Commissioner for Human Rights 2012

[28] https://rm.coe.int/issue-paper-on-transitional-justice-dealing-with-the-past-for-a-better/1680ad5eb5 Dealing with the Past for a Better Future. Achieving justice, peace and social cohesion in the region of the former Yugoslavia. Issue Paper by the Council of Europe 2023

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# IMPACT OF ERP SYSTEMS ON THE EFFICIENCY OF ACCOUNTING PROCESSES

**Borjana Kitanovska**

## Abstract

This study examines the impact of ERP (Enterprise Resource Planning) systems on the efficiency of accounting processes and management accounting practices in the energy sector of Macedonia. In an increasingly competitive and uncertain business environment, organizations rely on integrated information systems to enhance operational performance and strategic decision-making. The research investigates how ERP implementation influences key aspects of management accounting, including data collection, internal reporting, financial planning, and the adoption of modern techniques such as KPI and Target Costing. Empirical data were collected through questionnaires distributed to energy companies, revealing that ERP systems significantly improve the accuracy, scope, and timeliness of accounting information, reduce the time required for reporting and planning activities, and support more sophisticated management practices. The findings also indicate that ERP systems facilitate better data storage, faster information processing, and greater utilization of accounting modules, contributing to overall organizational efficiency. The study emphasizes the transformative role of ERP systems in modernizing accounting functions and highlights the need for further research into their broader implications for management accounting and organizational performance.

**Keywords:** *ERP systems, management accounting, accounting processes, organizational efficiency, data accuracy, internal reporting, financial planning, energy sector, Macedonia, technological integration, business intelligence.*

## 1. Introduction

The current business environment is characterized by a high degree of uncertainty, competition and complexity, which is why organizations need more information to make timely business decisions and increase competitiveness. In this context, information technologies (Information Technology) appear, which, when measuring the success of an organization's operations, have the role of collecting, analyzing, reporting and presenting the collected data (Milanović Glavan, 2014), and which, due to the pronounced technological progress, are experiencing rapid and intensive development. One of the prerequisites for the efficiency of an organization's operations is the support of an integrated information system (IIS), which is an information system in which all activities on data and information (collection, storage, processing, delivery) are fully integrated into all business processes and cannot be observed separately (Garača, 2004, 204).

Се смета дека најголемите недостатоци кај работата од дома, односно кај работата на далечина е поголемиот стрес и повеќе работа доколку вработените своето работно место не го сфатат како обврска, туку како повремена работа, и потенцијалните проблеми со безбедноста на податоците (ризик од губење и интегритет на податоците) за компаниите кои вработените ги имаат дома, посебно доколку не ги користат сите мерки на софтверска и физичка заштита. Исто така, присутно е и чувството на изолација, губење на посебните привилегии, во некои случаи и пониска плата, недостаток на визија за работно место, недостаток на дружење, опасност од посбавно напредување и дека работниците на далечина без некој облик на „телеприсутност“ се секогаш во сенка. Главните недостатоци за работодавачите се потешкотиите околу надзорот на работењето, трошоците за обука и високата цена за опремување и одржување на работните соби во домовите на вработените. Синдикатите сметаат дека работата на далечина стои на патот на нивната сила (моќ) и на патот на колективното преговарање (Grant, 1985).

И покрај наведените недостатоци, работата на далечина е сѐ позастапена и поприсутна. Според предвидувањата на некои истражувачи, за 10 до 15 години, околу 50% од работите ќе бидат извршувани по далечински пат. Некои, сепак, сметаат дека работата на далечина ќе биде помалку застапена поради нејзините недостатоци и отпорот киај работодавачите да воведат промени и да вложат капитал во опремување на работните простории во домовите на вработените.

На крај, треба да се истакне дека работата на далечина може да биде и од времен карактер. На пример, за време на одржување на Олимписките игри во Аталанта во 1996 година (пред повеќе од 20 години), работодавачите очекувале вистински колапс во сообраќајот поради дополнителните 750.000 автомобили на набљудувачи.

Затоа, многу компании инсталирале привремени мрежни линии за пренос на податоци за да ги заштедат своите службеници од „упад“ во сообраќајната гужва.

Покрај големата предност која работата на далечина ја претставува од аспект на заштита на животната срединс, за да успее работата на далечина и во праксата, потребно е да биде прифатена и од страна на работодавачите и од страна на работниците. Често пати тие две страни имаат различни цели и перспективи во однос на работата на далечина.

Менаџментот на компаниите сака ефективност и ефикасност, организираност и намалување на трошоците во работењето, додека пак, работниците сакаат да го редуцираат стресот и да го унапредат (подобрат) квалитетот на својот живот.

Во зависност од работата која се работи и од личните карактеристики на работниците, може да се констатира дека работниците кои имаат добра самоорганизација и дисциплина може да им биде подобар и личниот живот, додека пак, кај другите работници, тој начин на работа може да им претставува значителен проблем (Gray, Hodson, and Gordon, 1993).

## 4. Предности на работата на далечина од аспект на заштита на животната средина

Од аспект на заштитата на животната средина, предностите на работата на далечина се исклулително важни. Поради намалениот сообраќај на патиштата, се појавуваат помалку издувни гасови, а и гужвите по сообраќајниците се намалени. Количеството на концентрација на јаглерод диоксид во возудхот во некои американски држави значително се намалило со воведувањето на работата од дома.

Исто така, од аспект на заштита на безбедноста и здравјето, намалени се и можностите за сообраќајна несреќа, а постои и помала можност за несреќи со полесни или со потешки последици (Gray, Hodson, and Gordon, 1993).

### Предности за работодавачите

Предностите за работодавачите се следните:

- полесен пристап до талентираните работници;

- полесен пристап до нови работи во помали региони;
- зголемена продуктивност, поради можноста за работа на својствено најповолниот начин;
- почнувањето на нови работи е поприфатливо поради помалите почетни вложувања;
- намалување на трошоците поради намалување на канцелариските работни места;
- поефикасно исполнување на барањата имајќи го предвид насочениот напор во посакуваниот моент;
- помалку трошоци за осигурителни полиси за работниците и за нивните боледувања поради повреди на работно место (како и при патување од дома до работа и од работа до дома).

## Предности за работниците

За работниците, предностите се следните:

- воспоставување на рамнотежа помеѓу деловниот и проватниот живот;
- флексибилно работно време;
- подобра концентрација и фокусираност на работата;
- поголема продуктивност;
- помал трошок за облека и чевли за на работа;
- повеќе време за семејството;
- заштеда на време потребно за патување до работа и назад;
- добри можности за работниците со одредени физички недостатоци, како и за мајките после породилното отсуство или за оние кои треба да се грижат за некој член на семејството;
- овозможува работа за повеќе работодавачи на повеќе проекти и со цел за развој на сопствените понатамошни компетенции.

## Недостатоци на работата на далечина

Недостатоците на работата на далечина се следните:

- понекогаш се смета дека работата од дома претставува потполна деперсонализација на работното окружување;
- непостоење на размена на знаење, совети и идеи;
- недостаток на натпреварувачки ентузијазам;
- недоволно раздвојување на приватниот и деловниот живот;
- пречење на домашните поради работата од дома;
- понекогаш работата од дома се смета за увертира за отпуштање на вишокот на вработени;
- понекогаш се јавува стрес и несигурност поради неможноста за социјален контакт;
- некои истражувања покажуваат дека работниците кои работат од дома побавно напредуваат во кариерата.

### 4.1. Категории на работа од далечина

Компаниите ја користат работата на одвоени работни места (работа од дома во потесна смисла на зборот) од повеќе причини. Тоа може да биде одлука на менаџментот поради нови деловни процеси, или може да биде поради специфични проблеми, како на пример недостаток на простор, желба за поголема профитабилност и продуктивност, или редуцирање на трошоците. Исто така, може да биде и начин за решавање на проблемите за пронаоѓање и задржување на висококвалификувани работници или едноставно поради помало влијание на околината со неупотребувањето на секојдневниот транспорт на работа. флексибилниот начин на работа, може, исто така, да биде иницирано и од работниците кои сакаат пофлексибилен и покреативен начин на работа, без поврзаност со одредена локација и многу патување (Di Martino, Wirth, 1990).

Работа од дома со полно работно време - Во оваа категорија се вбројуваат оние работи кои некогаш биле поврзани со канцеларија, но денес, благодарение на новите комуникациски технологии, може да се извршуваат од дома во целост. Тука се вбројуваат услугите за корисниците, продажба преку телефон и интернет, маркетинг, како и секоја друга работа која е поврзана со телефон и со работа на компјутер.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Работа од дома со дел од работно време - Ова подрачје има поголем излгед за понатамошен раст, а овозможува дел од времето работникот да го помине дома, а дел од времето да го помине на работа.

Хонорарна работа од дома - Компаниите чиј опсег на работа периодично се менува, можат во периодите на најголема оптеретеност да земат работна сила која ја плаќаат со договор само за одредено време.

Работа со самовработување - Категоријата самовработување очигледно најмногу се користи кај работата од дома. Кај нив, новите техники овозможуваат ефикасно комуницирање со клиентите и добавувачите, а во многу случаи и испораката на конечниот производ е овозможена по електронски пат.

Работа на нови помали фирми - Некои предвидувања укажуваат на појавата на помали претприемнички фирми кои ќе ги заменат денешните големи компании, а тие се природен кандидат за организирање на работа од дома.

Работа на мали и средни претпријатија - Малите и средни претпријатија се сметаат за важен дел од глобалната економија. За да се намалат трошоците во работењето, често се одлучуваат за работа од дома.

Работа на издвоено работно место – на пат - Секоја дејност која вклучува движење на вработениот, така делумно или потполно работно време го поминува „на улица“, т.н. номадски работи, идеална е за употреба во мобилните комуникации. Со таквиот начин на работа, најмногу се користат трговските патници и сервисери кај кои новите технологии ја елиминираат потребата од враќање во канцелариските простории после завршување работата.

## 5. Зголемување на индивидуалната продуктивност и флексибилност преку remote work

Зголемувањето на индивидуалната продуктивност и флексибилност преку работа од дома е еден од најзначајните аспекти што ја промени работната сцена во последните години. Овој модел на работење, познат како remote work или работа од далечина, доби особена популарност и поддршка поради неговите бројни предности, особено во контекст

ISSN: 1857-8128

на современите технологии и глобалната пандемија од COVID-19, која го поттикна брзиот трансфер кон дигиталната работна средина (Bloom et al., 2015).

Прво, работата од дома овозможува поголема флексибилност во организирањето на работниот ден. Работниците можат да ги прилагодат работните часови согласно личните биоритми и обврски, што честопати резултира со подобра концентрација и зголемена продуктивност. Истражувањата покажуваат дека работниците кои имаат можност да работат од дома се посклони да бидат посреќни и посефективни во споредба со оние што работат во традиционални канцеларии (Bloom et al., 2015). Исто така, флексибилноста овозможува подобра рамнотежа помеѓу приватниот и професионалниот живот, што негативно не влијае само врз менталното здравје на работниците, туку и врз нивната мотивација и посветеност кон работните задачи (Kossek & Lautsch, 2018).

Второ, работата од дома ја елиминира потребата за време и трошоци за патување, што не само што ја зголемува продуктивноста, туку и позитивно влијае врз животната средина со намалување на сообраќајните гужви и емисиите на штетни гасови (Choudhury et al., 2020). Намалувањето на времето поминато во патување им овозможува на работниците да ја искористат оваа дополнителна слобода за личен развој или одмор, што позитивно се рефлектира врз нивната мотивација и креативност.

Трето, работата од дома ја поттикнува културата на резултати, наместо времето поминато во канцеларија. Овој модел ги наградува резултатите и ефективноста, а не физичката присутност, што ги охрабрува работниците да бидат поиницијативни и да ја подобрат својата организација на работниот процес (Gajendran & Harrison, 2007). Дополнително, технологиите како видеоконференциите, платформите во облак и социјалните мрежи овозможуваат непречена комуникација и соработка со тимот, што ги зголемува можностите за иновативност и брза размена на идеи.

Сепак, оваа форма на работа носи и одредени предизвици. Имено, самодисциплината и мотивацијата стануваат клучни за одржување на високите стандарди на продуктивност. Некои студии укажуваат дека работниците можат да се соочат со чувство на изолација и одвоеност од колегите, што може негативно да влијае врз тимската соработка и културата во организацијата (Mazmanian et al., 2013). Затоа, успешното

прифаќање на remote work бара развивање на комуникациски вештини, поставување јасни граници помеѓу работното и приватното време и создавање на одржливи навики за управување со времето.

Практично, работата од дома ја зголемува индивидуалната продуктивност и флексибилност преку создавање на услови за поефикасна организација на работниот процес, зголемена автономија и подобра рамнотежа помеѓу приватниот и професионалниот живот. Сепак, за да се максимизираат овие бенефити, потребно е да се инвестира во технологија, развивање на комуникациски вештини и создавање на одржлива работна култура која ќе ги поддржува сите страни во процесот.

## 6. Намалување на директната социјална интеракција преку remote work

Намалувањето на директната социјална интеракција преку работа од дома претставува значајна промена во начинот на функционирање на современите организации и работните тимови. Овој феномен, честопати поврзан со растечкиот тренд на remote work, може да донесе како позитивни, така и негативни аспекти во работната средина.

Негативни ефекти од намалена социјална интеракција

Еден од најзначајните предизвици со кои се соочуваат работниците и организации е намалувањето на личната комуникација која се случува во традиционалната канцеларија. Личната интеракција, особено во форма на неформални разговори, паузи за кафе или импровизирани дискусии, игра важна улога во градењето на тимскиот дух, довербата и културата на организацијата (Kirkman et al., 2012).

Истражувањата покажуваат дека недостатокот од физички контакт може да доведе до чувство на изолација, што негативно влијае врз менталното здравје, мотивацијата и соработката меѓу колегите (Mazmanian et al., 2013). Ова чувство на одвоеност може да ја намали ефективноста на тимската работа и да создаде бариери во комуникацијата, што понекогаш доведува до нејаснотии, конфликти или намалена иновативност.

Исто така, односите изградени преку личната интеракција често ја зајакнуваат довербата и соработката меѓу тимовите, што е клучно за успешното реализирање на

сложени проекти. Кога комуникацијата се сведува само на е-пошта или видеоповици, постои ризик од недоразбирања или недостаток на емпатија, што може да ја ослаби организациската култура (Gajendran & Harrison, 2007).

Позитивни аспекти и можности

Сепак, постојат и позитивни страни од намалувањето на директната социјална интеракција. Еден од нив е можноста за подобро организирање на работниот процес и фокусирање на индивидуалните задачи, без честите прекини што ги создава личната комуникација. Овој модел може да ги намали непотребните расправии или дистракции, што ја зголемува продуктивноста за одредени работни задачи (Fonner & Roloff, 2010).

Исто така, технологиите за виртуелна комуникација овозможуваат создавање на алтернативни форми на социјална интеракција и тимска соработка, како што се виртуелни тим-билдинзи, онлајн работилници или неформални чат групи. Овие активности можат да помогнат во одржувањето на организациската култура и чувство на припадност, и покрај физичката оддалеченост (Kirkman et al., 2012).

Долгата работа на далечина, без лична комуникација, може да предизвика чувство на изолација и да ја ослаби социјалната структура во работните тимови, што негативно влијае врз менталното здравје, мотивацијата и тимската соработка. Затоа, организациите треба да инвестираат во стратегии за одржување на социјалната интеракција, како што се редовни виртуелни состаноци, неформални дружби или тим-билдинзи, за да ја одржат силната организациска култура и кохезија.

## 7. Влијание врз тимската динамика и кооперативната култура

Влијанието на работа од дома врз тимската динамика и кооперативната култура претставува значаен аспект кој може да има одредени позитивни или негативни ефекти врз организацијата и нејзините членови. Овој феномен станува сè покомплексен со растечкиот тренд на работата од далечина, особено во услови на глобална промена и дигитализација.

Влијание врз тимската динамика

Тимската динамика се однесува на начинот на кој членовите на тимот комуницираат, соработуваат и се вклучуваат во заеднички задачи. Личниот контакт и директната комуникација, кои се карактеристични за традиционалната работа во канцеларија, создаваат услови за брза размена на идеи, доверба и координација. Кога работата се префрла на дработа од далечина, оваа динамика може да се промени на неколку начини:

- Намалена неформална комуникација: Неформалните разговори, паузи за кафе или случајните средби кои ги зајакнуваат односите меѓу членовите на тимот, се сведуваат на минимум. Ова може да доведе до чувство на одвојување и намалена интеракција, што негативно влијае врз тимската кохезија (Mazmanian et al., 2013).
- Проблеми со координацијата: Без физичка присутност, ефикасната координација на задачи и брзото решавање на проблемите стануваат предизвик. Ова може да доведе до забавувања, недоразбирања и намалена ефективност (Gajendran & Harrison, 2007).
- Зголемена дистанца и недоверба: Недостатокот на личен контакт може да ја ослаби довербата меѓу членовите, што е клучен елемент за успешна тимска работа. Недоволната доверба може да ја намали иницијативата, креативноста и отвореноста за соработка (Kirkman et al., 2012).

Влијание врз кооперативната култура

Културата во организацијата се однесува на заедничките вредности, норми и однесувања. Работата од дома може да ја промени оваа култура на следниве начини:

- Насилна оддалеченост од организациските вредности: Без личен допир, организациските вредности и цели можат да станат помалку видливи и интернализирани, што ја ослабнува чувството на припадност и лојалност (Fonner & Roloff, 2010).
- Проблеми со одржување на културните норми: Личните средби и корпоративните настани придонесуваат за градење на организациската култура. Нивното одсуство

може да доведе до слабеење на заедничките вредности и социјалните врски (Mazmanian et al., 2013).

- Потешкотии при воспоставување и одржување на тимскиот дух: Без заеднички искуства и личен контакт, е потешко да се создаде силна култура на соработка, доверба и заеднички цели.

Работата од дома значително влијае врз начините на комуникација, соработка и односите меѓу членовите на тимот. Во традиционалните услови, личната присутност во канцеларијата создава можност за неформални разговори, брза размена на идеи и невербална комуникација која ги зајакнува врските и довербата меѓу членовите. Кога работата се префрла на работа од далечина, овие неформални интеракции се сведуваат на минимум, што може да доведе до поголема дистанца и недоверба. Членовите на тимот често се соочуваат со предизвици при координацијата на задачите и брзо решавање на проблемите, бидејќи недостатокот од личен контакт ја отежнува комуникацијата и ја зголемува можноста за недоразбирање. Ова негативно влијае врз ефективноста на тимот и цврстината на врските.

Покрај тоа, организациската култура, која се гради преку заеднички вредности, норми и искуства, се соочува со предизвици. Личните средби и тимските активности служат како платформи за пренос на организациските вредности и за заживување на културните норми. Без нив, културата може да се ослабе, што ја намалува лојалноста и чувството на припадност на членовите. Недостатокот од заеднички искуства и личен допир може да го ослаби тимскиот дух, довербата и мотивацијата, што пак влијае врз соработката и целокупната организациска клима.

Влијанието на работа од дома врз тимската динамика и култура е комплексно. За некои организации и тимови, тоа може да значи поголема автономија и флексибилност, додека за други, може да ја ослаби меѓусебната доверба, соработката и културната цврстина. За да се надминат овие предизвици, организациите треба да инвестираат во стратегии за одржување на тимската кохезија, како што се редовни виртуелни средби, тим-билдинзи и активности за градење на доверба.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Затоа, организациите треба да преземат активни мерки за одржување и зајакнување на тимската цврстина и култура. Редовната виртуелна комуникација, организирањето на тимски активности и тим-билдинзи, како и јасното пренесување на вредности и цели, можат да помогнат во одржување на добрата атмосфера и довербата. Важно е лидерите да бидат пример и активно да учествуваат во градењето на позитивната организациска култура, користејќи технолошки платформи и иницијативи за заедничко учество. Само со свесен и систематски пристап, организациите можат да ги надминат предизвиците и да ја искористат потенцијалната сила на дистанцираната работа за создавање на силни и социјално свесни тимови. Затоа, компаниите од повеќе аспекти, можат да почнат да размислуваат за имплементација на хибриден начин на работа, кој ќе опфаќа работа во канцеларија и работа од дома.

## 8. Заклучок

Заклучокот на овој труд сугерира дека работата од далечина, особено во форма на работа од дома, претставува значајна трансформација во современиот работен свет, носејќи со себе голем број предности, но и предизвици.

Од една страна, овој модел ја зголемува индивидуалната продуктивност, флексибилноста, заштедата на време и трошоци, како и можноста за поголема инклузија на различни групи работници, вклучувајќи ги и оние со посебни потреби или од оддалечени региони. Од друга страна, истовремено, тој може да доведе до чувство на изолација, слабеење на социјалните врски, предизвици во тимската динамика и организациската култура, како и потенцијални проблеми со безбедноста на податоците и управувањето.

Истражувањата укажуваат дека успешната интеграција на работа од дома бара активно вложување во технологија, развивање комуникациски вештини и стратегиско одржување на тимската цврстина. Важноста од одржување на социјалната интеракција, организирање виртуелни средби, тим-билдинзи и јасно дефинирани правила за комуникација станува клучна за спречување на чувството на изолација и зајакнување на довербата и организациската култура.

Дополнително, оваа промена во начинот на работење може да има позитивно влијание врз заштитата на животната средина со намалување на сообраќајот и емисиите на гасови во природата, како и да овозможи поголема организациска флексибилност и одговорност. Сепак, за да се максимизираат овие бенефити, организациите треба да развијат одржливи политики и практики кои ќе ги поддржуваат сите страни, со акцент на градење на силна тимска култура и доверба.

Работата од далечина претставува иднина на работењето што бара систематски приод, од страна на менаџментот и работниците, за да се искористат нејзините потенцијали и да се минимизираат нејзините слабости. Хибридните модели, кои комбинираат работа во канцеларија и од дома, можат да понудат најдобар баланс меѓу ефективноста, задоволството и одржливоста во современиот работен контекст.

## Референци

[1] Sato, K. and Spinks, W.A. (1998). 'Telework and crisis management in Japan'. In Jackson, P.J. and Van der Wielen, J.M. (Eds), Teleworking: International Perspectives, From Telecommuting to the Virtual Organization. London: Routledge.

[2] Standen, P (1997).'Home, work and management in the information age'. Journal of the Australian and New Zealand Academy of Management, 3, 1-14.

[3] Handy, S.L. and Mokhtarian, P.L. (1996). 'The future of telecommuting'. Futures, 28 (3), 227-240.

[4] Hannan, M.T. and Freeman, J.H. (1977). 'The population ecology of organizations'. American Journal of Sociology, 82, 929-964.

[5] Gurstein, P. (1991). 'Working at home and living at home: emerging scenarios'. Journal of Architectural and Planning Research, 8, 164-180

[6] Greenwood, R. and Hinings, C.R. (1996). 'Understanding radical organizational change: bringing together the old and new institutionalism'. Academy of Management Review, 21, 1022-1054.

[7] Grant, K.A. (1985).‘How Practical Is Teleworking?’ Canadian Datasystems, 17 (8), 25.

[8] Gray, M., Hodson, N. and Gordon, G. (1993).Teleworking Explained. Chichester: Wiley.

[9] Di Martino, V. and Wirth, L. (1990).‘Telework: An overview’. Conditions of Work Digest, ILO, Geneva. 9, 3-35.

[10] Hamblin, H. (1995).‘Employees' perspectives on one dimension of labour flexibility: working at a distance’. Work, Employment and Society, 9, 473-498.

[11] Hampden-Turner, C. and Trompenaars, F. (1994). The Seven Cultures of Capitalism. London: Piatkus.

[12] IRS (1996a).‘Teleworking in Europe: part one’. European Industrial Relations Review, 268, 17-20.

[13] IRS (1996b).‘Teleworking in Europe: part three’. European Industrial Relations Review, 271, 18-23.

[14] Bloom, N., et al. (2015). "Does working from home work? Evidence from a Chinese experiment." The Quarterly Journal of Economics, 130(1), 165-218.

[15] Kossek, E. E., & Lautsch, B. A. (2018). "Work-life boundary management for flexible work arrangements." Organizational Dynamics, 47(4), 1-8.

[16] Choudhury, P., et al. (2020). "Remote work during the COVID-19 pandemic: Implications for the future." Harvard Business Review.

[17] Gajendran, R. S., & Harrison, D. A. (2007). "The good, the bad, and the unknown about telecommuting: Meta-analysis of psychological mediators and individual consequences." Journal of Applied Psychology, 92(6), 1524.

[18] Kirkman, B. L., et al. (2012). "The impact of remote work on social capital." Journal of Organizational Behavior, 33(5), 669-690.

[19] Mazmanian, M., et al. (2013). "The autonomy paradox: How telecommuting affects work–family boundaries." Academy of Management Journal, 56(5), 1183-1209.

[20] Fonner, E. E., & Roloff, K. S. (2010). "Why teleworkers are more satisfied: The importance of self-and supervisor support." Journal of Vocational Behavior, 77(3), 351-360.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# MARKETING OF BANKING INSTITUTIONS VIA THE INTERNET

Emanueal Esmerova

Faculty of Economics, MIT University Skopje, Republic of North Macedonia

Contact person: emaesmerova@yahoo.com

## Abstract

The essence of marketing, which refers to the consumer orientation of businesses, not only does not exclude the development of production, the functioning of companies, their development, innovation and entrepreneurship, but permanently supports and directs them. The aim of our research was: to explore the Internet as a means of marketing, to explore the advantages of Internet banking, to explore the various instruments of Internet marketing. Material and method: Guided by basic knowledge about marketing, as well as the set goals, we researched the available literature in electronic form, in order to obtain the necessary knowledge. The keywords we used for our research are: banking and marketing. Results with discussion: Internet banking: (Internet banking) means access to banking services via the Internet, where each client receives his own user name (user ID) and password (password), which should provide him with privacy in using the services, as well as protection from possible abuse by other persons. Conclusion: In recent years, online advertising has been increasingly popular around the world, while the Internet as a means of communicating with consumers is one of the things that has seen the greatest growth. The trend of increasing online advertisers is present everywhere.

The Internet is a great promotional tool, a tool for obtaining information, and a communication channel for connecting with customers and buyers. But today, small businesses are discovering that the only way to truly make money online is through e-commerce: using the web to sell your own small business's products and services.

**Keywords:** *banking and marketing*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# МАРКЕТИНГ НА БАНКАРСКИ ИНСТИТУЦИИ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ

Емануела Есмерова

Економски факултет, МИТ Универзитет Скопје, Република Северна Македонија

Контакт лице: emaesmerova@yahoo.com

**Апстракт**

Суштината на маркетингот, која што се однесува во потрошувачката ориентација на бизнисите, не само што не го исклучува развојот на производството, функционирањето на фирмите, нивниот развој, иновативноста и претприемништвото, туку перманентно ги поддржува и насочува. Цел на нашето истражување беше: да го истражиме интрнетот како средство за маркетинг, да ги истражиме предностите на интернет банкарството, да ги истражиме различните инструменти на интернет маркетингот. Материјал и метод: Водејќи се од базичните сознанија за маркетингот, како и поставените цели истражувавме од достапната литература во електонска форма, за да ги добиме потребните сознанија. Клучни зборови со кој истражувавме се: банкарство и маркетинг. Резултати со дискусија: Интернет-банкарство: (*Internet banking*) означува пристап до банкарските услуги преку интернет, при што секој клиент добива сопствено корисничко име (user ID) и лозинка (password), кои треба да му обезбедат приватност во користењето на услугите, како и заштита од можни злоупотреби од страна на други лица. Заклучок: Последните години во светот огласувањето преку интернет забележува се поголема наклонетост, додека интернетот како средство на комуницирање со потрошувачите е едно од работите кој забележува најголем раст. Насекаде е присатен трендот на зголемување на огласувачите на интернет.

Интернетот е одлично средство за промоција, алатка за добивање информации и комуникациски канал за поврзување со клиенти и купувачи. Но, денес малите претпријатија откриваат дека присуството на интернет навистина се исплатува само со електронската трговија: користење на мрежата за продажба на производите и услугите на сопствениот мал бизнис.

**Клучни зборови:** *банкарство, е- маркетинг*

## Вовед

Интернет (анг. Internet или the net) е јавно достапен систем на меѓусебно поврзани компјутерски мрежи од целиот свет, кои пренесуваат податоци во форма на пакети со користење на стандардното множество протоколи означено како TCP/IP. Интернет се состои од голем број мали и големи, домашни, деловни владини и невладини мрежи, кои што заедно пренесуваат различни информации и услуги, како електронска пошта , директен разговор, како и меѓусебно поврзани web-страници и други документи од Пајажината (Светски Распространета Пајажина - World Wide Web / WWW ). (1)

Наспроти општо прифатеното користење на термините интернет и web не се синоними: интернетот е збирка на меѓусебно поврзани компјутерски мрежи, поврзани со бакарни жици, оптичко влакнени кабли, безжични врски и слично. Додека пајажината е збирка на меѓусебно поврзани документи со користење хиперврски и адреси ( Uniform Resource Locator / URL ), до кои што може да се пристапи со користење на интернет.

Покрај пајажината, интернетот обезбедува и многу други сервиси, како е-пошта, споделување на датотеки итн.

Интернет мрежата е направена на сличен начин како и патната мрежа на една земја или во светот. Во патната мрежа е битно да се стигне од едно место до друго по различни патишта.(2)

Кога на некој му е познат барем еден од патиштата тој нема да има проблем да стигне до целта. Но проблемот е кога некој не го знае патот туку само целта. Во тој случај се постапува така што кога ќе се стигне до некоја крстосница, се прашува по кој пат да се продолжи. Ако соговорникот знае пократок, понеоптоварен или побрз пат тогаш побрзо ќе се стигне до целта.

Слично е и во интернетот, патиштата претставуваат телефонски врски помеѓу местата. При преносот на податоци од едно до друго место тие можат да се пренесат по повеќе патишта односно телефонски линии. Постојат крстосници , места во кој се поставени компјутери чија задача е да ги упатуваат податоците по најкраткиот пат со цел да се стигне побрзо до целта.

Цел на нашето истражување беше да ја утврдиме ефикаснонста на интернето како средество за маркетинг на банкарските институции.(3)

## Материјал и метод

За реализација на поставените цели, ги пребаравме достапните истражувања од светската литература и домашна од областа на економијата и маркетингот кои ги проучувале клучните индикатори за квалитет во интернет маркетингот. Да се измери квалитетот на интернет маркетингот потребни се мерливи квантитативни податоци кои ке можат да бидат споредувани во даден временски период. Добиените податоци ги групиравме според параметрите кои се мерени и временскиот период.

## Резултати

### Интернетот како средство за маркетинг

Интернетот е одлично средство за промоција, алатка за добивање информации и комуникациски канал за поврзување со клиенти и купувачи. Но, денес малите претпријатија откриваат дека присуството на интернет навистина се исплатува само со електронската трговија: користење на мрежата за продажба на производите и услугите на сопствениот мал бизнис. Продажбата преку интернет ги намалува деловните трошоци, овозможува поудобно купување за купувачите на производите и ја отвара портата кон глобалниот пазар за твоите производи и услуги. (4)

Ако сакаме да успееме како трговци на интернет мораме да сфатиме каде припагаат твоите производи во рамките на конкурентниот пејсаж и јасно и точно утврдување на твоите цели за продажба онлајн. Освен тоа потребно е да се знае

како да се пристапи на твоите виртуелни купувачи и како да се задоволат нивните потреби.

## Огласување преку интернет

Последните години во светот огласувањето преку интернет забележува се поголема наклонетост, додека интернетот како средство на комуницирање со потрошувачите е едно од работите кој забележува најголем раст. Насекаде е присатен трендот на зголемување на огласувачите на интернет.(5) Причините се многу едноставни:

- пропагандната порака доаѓа до потенцијалните потрошувачи многу брgу и насочено, така што и резултатите се воочуваат за кратко време;
- сопствената промотивна кампања може да се организира за кратко време и за помалку од 24 часа;
- огласувањето во целост може да се прилагоди на сопствените потреби;
- земајќи ги во обзир постигнатите резултати, цените на огласувањето се повеќе од прифатливи.

## Интернет Банкарство

Интернет-банкарство: (*Internet banking*) означува пристап до банкарските услуги преку интернет, при што секој клиент добива сопствено корисничко име (user ID) и лозинка (password), кои треба да му обезбедат приватност во користењето на услугите, како и заштита од можни злоупотреби од страна на други лица. Интернет-банкарството претставува *банкарство* кое се одвива од дома со посредство на интернет-мрежата. За извршување на банкарските трансакции не е потребен специјален софтвер, туку тоа може да се врши од секој компјутер и од секое место каде што има пристап до интернет. Притоа, податоците за трансакцијата не се складираат на тврдиот диск на компјутерот, со што е остварен одреден степен на заштита. Банките се тие кои се грижат за заштита на податоците, односно за одржување на сопствениот хардвер и софтвер.(6)

## Развој на Интернет маркетинг банкарството

Во последните десеттина години, банките масовно започнаа да го користат интернетот како средство за испорачување на своите услуги. Денес, секоја банка поседува

своја интернет-страница преку која, ако ништо друго, тогаш барем нуди информации за себе и за активностите што ги извршува. Всушност, примената на интернетот во банкарството е толку раширена што интернет-банкарството се поистоветува со електронското банкарство, иако тоа е само дел од него.(7) Секако, круна на интерне банкарството е појавата на интернет-банките, коишто воопшто не постојат во физички облик. Првата интернет-банка во светот е Security First Network Bank, основана во 1995 година. Овие банки нудат сеопфатни финансиски услуги (платен промет, депозитни услуги, потрошувачки и станбени кредити итн.) и во тој поглед, тие им конкурираат на традиционалните банки. Сепак, треба да се забележи дека предвидувањата дека интернетот ќе доведе до изумирање на банките не се оствари, зашто бројот на интернет-банките сѐ уште е многу мал и тие имаат незначителна улога во финансиското посредување.(8)

**Предности и недостатоци на Е – банкарството**

За банките, интернет-банкарството нуди поголем број предности:

- Креирање имиџ на современа компанија која е во состојба да им ги предложи на своите клиенти најновите технолошки решенија. На тој начин се подобрува конкурентната позиција на банката.
- Подобрување на комуникацијата со клиентите. Во класичниот однос, банките можеа да им ги нудат своите услуги на клиентите само текот на работното време. Но,со интернет-банкарството, комуникацијата меѓу банката и клиентот е практично неограничена.
- Рационализација на потенцијалот на банката. Со пренос на одредени услуги на интернет, банката ги намалува трошоците на работењето, на тој начин што при зголемување на бројот на комитенти, банката не мора да отвора нови филијали, односно да изнајмува нови простории, да вработува нови луѓе. Со користење на интернетот, банката може да се покрие многу поголема географска област и да се опслужат голем број клиенти, без дополнителни трошоци.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- Предности во однос на маркетингот. Банката на својата интернет-страница може да нуди голема количина информации и, на тој начин, своите услуги да ги направи достапни за поширок круг на корисници.

Исто така, интернет-банкарството нуди повеќе предности за клиентите:

- Интернет-банкарството претставува самоуслужно банкарство, кое е од голема корист за клиентот, посебно поради фактот што е е достапно 24 часа, 7 дена во неделата, од секое место на планетата.
- Брзо, ефикасно и економично извршување на трансакциите.
- Можноста за брзо и едноставно запознавање со новите услуги кои ги нуди банката, преку информациите кои се поставени на интернет-страницата на банката.

Од друга страна, основни недостатоци на интернет-банкарството се:

- Отсуство на сигурност,
- Недостаток на приватност,
- Опасност од злоупотреба на податоците во криминални активности,
- Одбојности спрема нови технолошки иновации,
- Недостаток на правна регулатива.

## Безбедност на плаќањата преку интернет

Безбедноста е критичен момент за развојот е-банкарството. Поради тоа, развиени се повеќе методи и протоколи.(9)

SET (Secure Electronics Transaction) е технички стандард со кој што се заштитува наплатата со кредитни картички на интернет. Овој стандард вклучува дигитални сертификати со кои што се утврдува кој е вистинскиот носител на кредитната картичка што ја врши нарачката. Од една страна, SET стандардот го идентификува купувачот, но од друга страна тој обезбедува идентификација и за продавачот кој нуди стока и услуги преку интернет. Ова се остварува со помош на дигиталните сертификати, пред да се издаде информацијата за кредитната картичка. Со тоа се спречува продавачите да не ги

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

злоупотребуваат информациите на купувачите. Дополнително, сите SET трансакции се криптирани.(10)

## Дискусија

Постојат многу причини зошто дигиталниот маркетинг е неопходен за банките. Пред сѐ, банките се занимаваат со стекнување и задржување на клиенти. Банките мора да имаат робусно онлајн присуство за да добијат нови клиенти и да ги одржат постојните лојални. Дигиталниот маркетинг им овозможува на банките да таргетираат одредена публика со ласерска прецизност. На пример, ако се обидувате да допрете до сопственици на мали бизниси, можете да користите таргетирани клучни зборови и рекламирање за да се осигурате дека вистинските луѓе ја гледаат вашата порака.(11)

Дигиталниот маркетинг на банките е исто така одличен за градење доверба и кредибилитет кај потенцијалните и тековните клиенти. Во индустријата што ја мачат скандалите во последниве години, финансиските институции (ФИ) имаат потреба од сета можна помош за да изградат доверба. Дигиталниот маркетинг може да им помогне на банките да го постигнат ова преку покажување на нивната посветеност на услугата за клиентите и обезбедување вредна содржина што им помага на клиентите да донесуваат информирани финансиски одлуки.

И покрај јасните предности на дигиталниот маркетинг, многу банки сѐ уште не успеваат да инвестираат доволно во оваа критична област. Банките мора да издвојат значителен дел од своите буџети за маркетинг на иницијативи за дигитален маркетинг за да останат конкурентни. Дополнително, банките мора да се осигурат дека ги користат најефикасните стратегии за дигитален маркетинг за нивната ниша. За среќа, неколку испробани и вистински тактики за дигитален маркетинг се особено погодни за банкарската индустрија.(12)

Дигиталниот маркетинг е за разбирање на вашата публика и нејзино таргетирање со релевантна содржина. Банките имаат на располагање богатство од податоци за клиентите, кои можат да се користат за креирање на насочени маркетиншки кампањи. Со сегментирање на вашата база на клиенти и соодветно прилагодување на вашите

маркетиншки пораки, можете да се осигурате дека вашата банка ќе ги достигне вистинските луѓе со вистинската порака. Дополнително, со следење на онлајн однесувањето на клиентите, банките можат дополнително да ги прилагодат своите дигитални маркетиншки напори за подобро да ги задоволат потребите на нивната целна публика.(13)

## Заклучок

Од нашето истражување ги извлековме следните заклучоци кои покажуваат дека интернетот е неопходно срецтво за маркетинг на современите институции.

Интернетот е одлично средство за промоција, алатка за добивање информации и комуникациски канал за поврзување со клиенти и купувачи. Но, денес малите претпријатија откриваат дека присуството на интернет навистина се исплатува само со електронската трговија: користење на мрежата за продажба на производите и услугите на сопствениот мал бизнис.

Последните години во светот огласувањето преку интернет забележува се поголема наклонетост, додека интернетот како средство на комуницирање со потрошувачите е едно од работите кој забележува најголем раст. Насекаде е присатен трендот на зголемување на огласувачите на интернет.

Интернет-банкарство : (*Internet banking*) означува пристап до банкарските услуги преку интернет, при што секој клиент добива сопствено корисничко име (user ID) и лозинка (password), кои треба да му обезбедат приватност во користењето на услугите, како и заштита од можни злоупотреби од страна на други лица.

Во последните десеттина години, банките масовно започнаа да го користат интернетот како средство за испорачување на своите услуги. Денес, секоја банка поседува своја интернет-страница преку која, ако ништо друго, тогаш барем нуди информации за себе и за активностите што ги извршува.

## Користена литература

[1] Accenture, (2016). Global Fintech Investment Growth continues in 2016 driven by Europe and Accenture Study finds. Newsroom. Available at: https:// newsroom.accenture.com/news/global-FinTech-investment-growth-continues-in2016-driven-by-europe-and-asia-accenture-study-finds.htm [Accessed November 21, 2021].

[2] Agarwal, S., Amromin, G., Ben-David, I., Chomsisengphet, S. and Evanoff, D.D., (2014). Predatory lending and the subprime crisis. Journal of financial economics. 113(1), p.2952.

[3] Arner, D.W., Barberis, J. and Buckley, R.P., (2015). The evolution of Fintech: A new postcrisis paradigm. Geo. J. Int'l L., 47, p.1271.

[4] Augustine, A., (2015). Fintech: Changing the Way We Save and Invest. U.S. Economic Watch. Available at: https://www. bbvaresearch. com/ wpcontent/ uploads/ 2015/ 05/150521_US_EW_Fintech1.pdf [Accessed August 10, 2021].

[5] Bank of Greece, (2023). Annual report Fintech Innovation Hub. FinTech-Innovation-Hub. Available at: https://www.bankofgreece.gr/en/main-tasks/supervision/fintech-innova-tionhub.

[6] Barbiroli, G., (2013). The dynamics of technology: a methodological framework for technoeconomic analyses. Springer Science & Business Media. (Vol. 25).

[7] Bernholz, P.,Vaubel, R., (2014). Explaining Monetary and Finance. A historical analysis.Springer. ISBN-978-3-319-38341-5, eBook ISBN-978-3-319-06109-2.

[8] Brkic N. (2003). “Upravljanje marketing komuniciranjem” Ekonomski fakultet Sarajevo, ISBN-9958-605-53-8.

[9] Ćurčić, U., Barjaktarović, M. 2003. Bankarski marketing. Praktikum, Proces faze upravljanja marketingom banke, Novi Sad, Feljton. COBISS-ID: 188289031.Str. 75

[10] Dhruv Grewal, Michael Levy, (2008), “Marketing”, McGraw – Hill Companies, Inc., New York, p. 464.

[11] George E. Belch & Michael A. Belch,(2003) School of Communication Atma Jaya, Catholic University of Indonesia, Jakarta. “Advertising and Promotion – Integrated Marketing

Communications Perspective",The 1st International Conference on Corporate and Marketing Communication Sixth Edition, ISBN 978-602-8904-58-2;

[12] Kesic T., (2003). "Integrirana marketinska komunikacija" Zagreb, str.29-30. ISBN-
a. 953-98250-0-8.

[13] Mihailović, B. (2003). Marketing menadžment, Obod, Cetinje. Str. 54 COBISS-ID: 51234249

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# THE MENTAL HEALTH OF THE FRUSTRATED LEADER IN SARAH KANE'S *PHAEDRA'S LOVE*: HIPPOLYTUS IN THE SOCIAL LABYRINTH

Igor Pop Trajkov

PhD in cultural studies at the 'Institute of Macedonian Literature' in Skopje;

igorpoptrajkov@yahoo.com; 1000 Skopje, North Macedonia

## Abstract

This article depicts the portrait of the frustrated power-relation with the established social norms, in the play *Phaedra's Love*, within the tendency of the western societies to be absolved by their own conservative cultural heritage. In the prevailing academic works about this play the analysis is focused on the depressive, frustrated side of love which is in line with the violent, primitive impulses, while focusing on the play, which *Phaedra's Love* is a replica from- *Phaedra* by Seneca. In this they are usually tracking the mental issues of the suicidal author, finding components which correlate with the author's health. These findings are certainly correct, however Kane as well, managed to depict the birth of the leader who is frustrated when he/she sees he cannot control everything, or perhaps, for the sake of it. This situation is very close to the mental distortions typical for the dictatorship's and hybrid democracies' patterns which occurred in the western entities in the new millennium, emanated from the nervous behavior and narcissism, as described in the classic psychoanalysis. When the leader sees he cannot control everything, he creates his violent tentacles, trying to hide his weakness, which in this case is the incestuous (tabooed) love. No wonder Seneca was chosen as base for this play; the author whose rigid perfection inspired many dictators. In the post-Kane period we can see domination of this "mental" mythology in the pop culture.

**Keywords:** *ancient Greek myth, psychology and mythology, hybrid leader, dictatorship, violence, West*

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. The Author in the Wind-of-Changes Culture

